# РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА ЗА МЕДИУМИТЕ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА



www.coe.int/en/web/freedom-expression


Reinforcing Judicial Expertise on Freedom of Expression and the Media in South-East Europe (JUFREX)

Funded by the European Union and the Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented by the Council of Europe

РЕГИОНАЛНА ПУБЛИКАЦИЈА

# РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА ЗА МЕДИУМИТЕ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА


**АВТОРИ / УРЕДНИЦИ**
*Асја Рокша-Зубчевиќ*
*Јадранка Војводиќ*
*Станислав Бендер*



ЈУНИ 2017

Совет на Европа

**Македонско издание**

Сите права се заштитени.
Ниту еден дел од оваа публикација не смее да биде преведен, репродуциран или пренесен, во било која форма или со било какви средства, електронски (CD-Rom, Интернет, итн.) или механички, вклучувајќи фотокопирање, снимање или било какво чување или преземање на информации, без претходна согласност во писмена форма од страна на Директоратот за Комуникации (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

*Мислењата изразени во ова дело се одговорност на авторите и не задолжително ги отсликуваат официјалните ставови на Советот на Европа.*

Изготвено и објавено во рамки на заедничкиот проект на Европската Унија и на Советот на Европа „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и медиумите во Југоисточна Европа (JUFREX)“.

**Обработка и дизајн на корица**

Досије студио, Белград

**Copyright©2017**

Совет на Европа

# Содржина


| | |
|---|---|
| **1. ВОВЕД** | **7** |
| **2. ДИСКУРС ЗА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА** | **9** |
| **3. СЛУЧАИ НА ГОВОР НА ОМРАЗА ВО РЕГИОНОТ** | **23** |
| **Албанија** | **23** |
| **Босна и херцеговина** | **24** |
| **Хрватска** | **41** |
| **Македонско регулаторно тело** | **47** |
| **Црна гора** | **61** |
| **Косово*** | **76** |
| **Србија** | **78** |
| **4. ПРЕПОРАКИ И ЗАКЛУЧОЦИ** | **85** |
| **АНЕКС:** | |
| **Анекс 1: Преглед на законската рамка на земјите-учеснички** | **95** |
| **Анекс 2: Релевантната судска практика на Европскиот суд за човекови права** | **119** |


*Аудиовизуелните медиуми и радиото се моќни медиуми. Важно е таа моќ да се користи одговорно и да се воспостави рамнотежа меѓу слободата на изразување и правичното и одговорно новинарство.*

# Благодарност

Советот на Европа сака да им ја изрази својата благодарност на националните регулаторни тела во областа на албанските, хрватските, косовските[1], црногорските, македонските и српските електронски медиуми и на електронските медиуми во Босна и Херцеговина за нивната вклученост во изработката на оваа публикација. Посебно признание и благодарност им искажуваме на Асја Рокша-Зубчевиќ, Станислав Бендер и на Јадранка Војводиќ за нивното лично ангажирање во авторството на голем дел од публикацијата и за координирањето на целиот процес на нејзина изработка. Исто така, им искажуваме благодарност за вклученоста и на другите учесници од националните регулаторни тела: Емилија Петреска-Камењарова, Милан Тодоровиќ, Моника Стафа и Миранд Тафаршику. Посветена работа, иницијатива, одговорност и тимска работа се карактеристики на тимот што работеше на оваа задача, кој уште еднаш покажа блиски и пријателски односи меѓу колегите, а тоа резултираше со оваа многу корисна публикација.

1 Косово* – ова име е без прејудицирање на позициите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН и на Мислењето на Меѓународниот суд на правдата за Декларацијата за независност на Косово.

# 1. Вовед

Во рамките на проектот на Советот на Европа и на Европската Унија „**Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа (JUFREX)**" на 7 и 8 јули 2016 година во Црна Гора беше одржана Регионалната конференција „**Европски стандарди и најдобри практики во однос на говорот на омраза и заштитата на малолетниците**". Со цел да се разговара за теми што се важни за сите регулаторни тела, конференцијата ја промовираше регионалната соработка во борбата против говорот на омраза и заштитата на малолетниците од потенцијално несоодветни и штетни медиумски содржини. Со оглед на тоа што конференцијата беше прв собир организиран во рамките на проектот JUFREX, таа овозможи дискусија за идната соработка и за други активности поврзани со областа на регулација на медиумите.

На конференцијата присуствуваа претставници на албанското, хрватското, косовското, црногорското, македонското и на српското регулаторно тело и на регулаторното тело на Босна и Херцеговина, со гости од Хрватска и од Словенија. Учесниците разменија искуства поврзани со регулацијата во оваа област и предложија да се изработи публикација за говорот на омраза што би содржела информации за значајни случаи со кои се справувале регулаторите во регионот. Исто така, беше договорено дел од публикацијата да ѝ биде посветен на улогата на националните регулаторни тела во врска со ова прашање, вклучувајќи ги и нивните законски и регулаторни овластувања. Како што беше укажано, овие примери може да послужат како насоки и препораки за натамошни активности во слични случаи.

Со оглед на тоа што тимот на JUFREX го прифати предлогот, на почетокот на февруари 2017 година се одржа состанок во Белград на којшто претставниците на националните регулаторни тела разговараа за натамошните чекори, форматот, методологијата и за структурата на публикацијата, како и за вкупната координација, поделбата на задачите и за придонесот што треба да го даде секое регулаторно тело. Според тоа, оваа публикација е изработена со заеднички труд и настојувања на претставниците на гореспоменатите национални регулаторни тела, вклучувајќи го и она од Хрватска, која не е директен учесник во овој проект, но нејзиниот придонес, исто така, е многу значаен од аспект на близината до регионот и разбирливоста на јазиците. Националните регулаторни тела ја олеснија значајната и содржајната интеракција преку испитување на прашањето што бара заеднички активности и размена на добри практики.

Оваа публикација е достапна во електронски и во печатен формат на јазиците на сите држави учеснички во JUFREX. Во рамките на проектот JUFREX таа ќе биде споделена со претставниците на националните судски разграноци. Освен тоа, таа ќе им биде поделена и на различни заинтересирани страни, вклучувајќи ги парламентите, академските институции, органите за саморегулација, новинарите итн.

Меѓу другото, целта на оваа публикација е да придонесе кон пошироко разбирање на концептот на говорот на омраза, што претставува, а што не претставува говор на омраза, да понуди почетна точка во смисла на давање препораки и механизми за борба против него и негово спречување и да ги олесни натамошните напори и иницијативи. Таа треба да претставува корисна и важна алатка за натамошните активности не само на регулаторните тела туку и во рамките на дискурсот на заинтересираните субјекти пошироко во општеството.

# 2. Дискурс за говорот на омраза

Правото на слобода на изразување е едно од најскапоцените човекови права, гарантирано со разни меѓународни конвенции за човекови права и со национални устави. Ваквото право не го опфаќа само правото на секој да шири различни информации и идеи (изјави за факти и вредносни судови) туку и правото на сите да добиваат информации што другите сакаат да им ги пренесат (таканаречено „право на јавноста да знае").

Правото на изразување на мислата денес е неизбежен политички принцип што теоретски повеќе не е спорен. Тоа е една од основните слободи на човекот и на граѓанинот чија заштита е обезбедена со меѓународните конвенции и со националните законодавства. Со оглед на тоа што претставува неразделиво и неотуѓиво човеково право, тоа е директен израз на човековата личност и, според тоа, не зависи од одобрението од државата. Истовремено, тоа е едно од основните права на граѓаните, бидејќи без него нема демократија. Со обезбедувањето судир на мислења и со презентацијата на различни аргументации се отвора патот кон плодна синтеза што претставува чекор напред на патот кон општествениот напредок. Слободата на изразување е составен дел од демократијата и кога таа ќе запре, запира и демократијата. Според тоа, таа е основа за преживување на секое демократско општество. Во одредени ситуации, слободата на изразување мислење може да доведе во прашање друго основно човеково право што е еднакво важно, а тоа е правото за заштита на личноста. Во сите овие случаи тоа што треба да се реши е прашањето на односите меѓу овие права и кое од нив заслужува приоритет[2].

Членот 10 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (ЕКЧП) и членот 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП) го гарантираат правото на слобода на изразување. Меѓутоа, тоа не е апсолутно право. Со оглед на тоа што со себе вклучува обврски и одговорност, членот 10 од ЕКЧП пропишува дека остварувањето на правото на слобода на изразување може да биде предмет на одредени формалности, услови, ограничувања или казни предвидени со закон и неопходни во едно демократско општество во интерес на државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, спречување безредија и криминал, заштита на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на откривање доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

2 Слично со: sc. Igor Bojanić (2007), PhD, Special Part of Criminal Law, Zagreb, стр. 183.

Исто така, во членот 20 од МПГПП се предвидува законска забрана за секоја воена пропаганда и заговарање на национална, расна или на верска омраза што претставува поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство.

Без оглед кој аргумент се користи во дискусијата за обемот и за овластувањата на одреден државен орган, една работа никој не може да ја оспори, а тоа е неговата примарна функција за заштита на безбедноста на луѓето. Имено, слободното мислење, слободниот говор и изразување се можни само под одредени услови, како што се безбедност, општествена стабилност, толеранција итн. Во отсуство на овие услови, општеството тешко може да живее во атмосфера на остри дискусии и несогласувања, а еднакво му недостига способност да се зафати со последиците до кои може да доведат ваквите дискусии. Според тоа, европските општества наметнуваат одредени формални и неформални ограничувања на слободата на говорот и со тоа ја покажуваат својата посветеност на општествената стабилност и на националната безбедност, без кои не би била можна никаква слобода на говор. Општествената стабилност е предуслов за слобода на говорот и на изразувањето. Дури и кога одреден говор е забранет или се обесхрабрува, како што е говор што се смета за „говор на омраза", тогаш тој се забранува за да се обезбедат и да се одржат овие услови.

Ограничувањата на слободата на изразување се видливи на сите нивоа – на меѓународно, европско и на национално ниво. Националните прописи, како и судската практика на Европскиот суд за човекови права, покажуваат дека „говорот на омраза" им припаѓа на комуникациските содржини чиј пласман на „пазарот на идеи и информации" е значително чувствителен на таканаречените ограничувачки исклучоци.

Голем број кривични закони низ цела Европа го забранија говорот на омраза и го третираат како кривично дело. Меѓутоа, не постои универзална дефиниција на говорот на омраза, што е предмет на опсежни дебати на многу меѓународни форуми. Некои критичари тврдат дека терминот говор на омраза се користи за да се замолчат критичарите на општествените политики што биле лошо имплементирани. Од друга страна, постојат многу прашања што се поврзани со говорот на омраза и глобалната дефиниција можеби нема да биде најдобра алатка за справување со него.

Одредени насоки во однос на дефинирањето на говорот на омраза може да се најдат во Препораката бр. R (97) 20 на Советот на Европа за „говорот на омраза", во која терминот е дефиниран како: „*... ги вклучува сите форми на изразување што шират, поттикнуваат, помагаат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза засновани врз нетолеранција, вклучувајќи: нетолеранција изразена со агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство против малцинства, мигранти и луѓе со имиграциско потекло.*"

Ако се земе предвид фактот дека се поминати 20 години од донесувањето на оваа Препорака, некои заштитени вредности не се вклучени во дефиницијата на наведената Препорака. Во текстот се наведуваат и некои „други форми на омраза" и со тоа се овозможува обемот на активноста да се прошири на други основи, како што се: возраста, јазикот, сексуалната ориентација, здравствениот статус и

друго[3]. Во врска со тоа, Европската комисија за борба против расизмот и нетрпеливоста (ЕКРИ), во својата Општа препорака за политиките бр. 15: Борба против говорот на омраза, од март 2016 година дава дефиниција на говорот на омраза која, за целите на оваа Препорака: „подразбира употреба на една или на повеќе форми на изразување – имено, заговарање, промовирање или поттикнување на омаловажување, омраза или клеветење на лице или на група лица, како и какво било малтретирање, навредување, негативно стереотипизирање, стигматизирање или заканување против таквото лице или група лица и оправдување на сите овие форми на изразување – што е засновано врз неисцрпна листа на лични карактеристики или статус, која вклучува „раса", боја на кожа, јазик, вероисповед или уверување, националност или национално или етничко потекло, како и потекло по раѓање, возраст, инвалидитет, пол, род, родов идентитет и сексуална ориентација."[4] Со оглед на тоа што кога се разговара за говорот на омраза треба да се земат предвид многу национални, па дури и локални прашања, постои размисла што го оправдува недостигот на јасна дефиниција на говорот на омраза на сите нивоа, освен на национално. Тоа ја остава можноста за субјективно толкување, недоследно толкување и (или) за произволно наметнување. Според тоа, законите за говорот на омраза често подлежат на забелешки[5], како што се, меѓу другото, дека тие ја уриваат слободата на изразување, дека им недостига почит кон автономијата на поединецот, дека го блокираат откривањето на вистината и стекнувањето на знаења, го сопираат самоостварувањето на поединецот, го спречуваат слободното учество во обликувањето на слободното мислење, му се закануваат на легитимитетот на државата и тие се неефективни, непотребни и одговорни за блокирањето на слободните форми на говорот и на изразувањето. Меѓутоа, поддржувачите на законското регулирање на „говорот на омраза" сметаат дека законите може да помогнат да се спречи да им се нанесува штета (психолошка или физичка) на луѓето, да се намали несигурноста (објективна и субјективна), да се зачува автономијата на поединецот, да се еманципираат луѓето да го надминат чувството на инфериорност, да дејствуваат како заштита од многу форми на задушување, да го заштитуваат човековиот и граѓанскиот дигнитет во јавност, да обезбедуваат признавање на културните идентитети, да го олеснуваат меѓукултурниот дијалог и секому да му обезбедат целосен пристап за да може да дејствува во креирањето на демократското јавно мислење.

Сепак, она што е важно е дека правно обврзувачките документи навистина ја препознаваат важноста на слободата на изразување и ги пропишуваат можните отстапувања од неа. Во таа смисла, судската практика на Европскиот суд

---

3 Иако Препораката бр. R (97)20 експлицитно наведува „непријателство кон малцинствата", омразата што е насочена кон какво било малцинство, во правна смисла, исто така, не се исклучува од класификацијата дека е говор на омраза. Имено, последиците од говорот на омраза може еднакво да ја искривуваат реалноста без оглед дали мнозинството или малцинството ја покажува таквата омраза. Меѓутоа, со оглед дека „влада на народот" практично значи волја на најбројниот и на најактивниот дел од популацијата – со други зборови, на мнозинството или на оние што се прифатени како „мнозинство" – одамна е предупредено дека покрај заштитата од тиранијата на државните службеници, она што, исто така, било потребно е заштита од „тиранијата на мнозинството", односно заштита на малцинството од мнозинството.

4 http://www.coe.int/t/dghl/monitoring/ecri/activities/GPR/EN/Recommendation_N15/REC-15–2016–015-ENG.pdf, пристапено на 7 јуни 2017 година.

5 Alexander Brown (2015), Hate Speech Law: A Philosophical Examination, Routledge.

за човекови права обезбедува непроценлив извор на информации и пропишува термини, како што се јазик или фрази што шират, промовираат и/или оправдуваат омраза заснована врз нетолеранција. Европскиот суд за човекови права, уште во 1976 година, го искажа своето мислење за тоа на што укажува со терминот „право на слобода на изразување" и каква е неговата улога во едно демократско општество, утврдувајќи дека „слободата на изразување претставува еден од суштинските темели на таквото општество, еден од основните услови за негов напредок и за напредок на секој човек". Таа е применлива не само на „информации" или „идеи" што се прифаќаат како поволни или се сметаат за ненавредливи или за неутрални туку и на оние што се навредливи, шокираат или што ја вознемируваат државата или кој било сектор од населението. Такви се барањата за плурализам, толеранција и широчина во сфаќањата без кои нема „демократско општество". Ова, меѓу другото, значи дека секоја „формалност", „услов", „ограничување" или „казна" наметнати во оваа сфера мора да бидат пропорционални на легитимната цел што треба да се постигне[6]. Во своите одлуки, Судот често истакнува дека забраната на расистички говор е од фундаментално значење во едно демократско општество[7] и дека говорот на омраза (што претставува чин на дискриминација во смисла на членот 14 од Европската конвенција) не е заштитен со членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи со кој се гарантира слободата на изразување[8]. Главните критериуми на кои се потпира Европскиот суд за човекови права во одлучувањето дали санкционирањето на одреден говор е во согласност со членот 10 став 2 од Европската конвенција за човекови права (легитимни ограничувања на слободата на говорот) или со членот 14 (забрана на злоупотреба на права) вклучуваат:

а) Цел на говорот – првенствено дали намерата е да се шират расистички идеи или говор чија цел е да се информира јавноста за прашања од јавен интерес;

б) Содржина на говорот – дали соодветниот говор поттикнува чувство на неприфатеност, анимозитет, па дури и омраза кон целната популација;

в) Контекст – каков е статусот и улогата на прекршителот во општеството; каква е доминантната општествена клима; што довело до изразувањето и преку кој медиум; и која е целната публика[9].

Освен ЕКЧП и МПГПП, ограничувања во врска со слободата на изразување може да се најдат и во Меѓународната конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација (ЦЕРД). Таа оди чекор понатаму и во членот 4 ги обврзува сите потписнички (односно држави членки) да ги осудат „секоја пропаганда и сите организации што се раководат од идеи или од теории засновани врз супериорноста на една раса или група лица со одредена боја

---

6 Handyside v. the United Kingdom од 7 декември 1976 година, параграф 49, http://hudoc.echr.coe.int/eng#{"dmdocnumber":["695376"],"itemid":["001–57499"]}

7 Европски суд за човекови права, Sugg and Dobbs v. Sweden, http://www.concernedhistorians.org/content_files/file/LE/380.pdf

8 Европски суд за човекови права, Jersild v. Denmark, Gunduz v. Turkey, Norwood v. UK, Pavel Ivanov v. Russia.

9 Weber, A. (2009). Manual on Hate Speech (Прирачник за говорот на омраза). Strassbourg, стр. 30–47.

на кожата или со одредено етничко потекло или што сакаат да оправдаат или да поддржат расна омраза или дискриминација во која било форма“[10].

Понатаму, во Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите[11] на Комитетот на министрите од 2004 година се истакнува дека слободата на политичката дебата не ја вклучува слободата на изразување на расистички мислења и мислења што поттикнуваат омраза, ксенофобија, антисемитизам или која било друга форма на нетолеранција. Четири години претходно Советот на Европската Унија ја усвои Директивата 2000/43/ЕЗ[12] за спроведување на принципот на еднаков третман на луѓето, без разлика на нивната раса или етничко потекло (таканаречена директива против дискриминација), во која воведните забелешки (точка три) изречно нагласуваат дека правото на еднаквост пред законот и правото на сите за заштита од дискриминација се универзални човекови права признати со многубројни меѓународни документи за човекови права. Меѓутоа, членот 3 од Директивата го дефинира „вознемирувањето“ како посебен вид дискриминација: Вознемирувањето се смета за дискриминација во смисла на став 1 (односно во контекст на забрана на директна и индиректна дискриминација) во случај на непожелно однесување поврзано со расното или со етничкото потекло заради наштетување на угледот на некое лице и создавање средина во која постојат заплашување, непријателство, деградација, понижување или напади[13].

Според тоа, може да се каже дека наспроти сè говорот на омраза пропорционално има прецизно значење[14]. Тоа сигурно претставува „колоквијален израз за одредени видови говор на напаѓање што шири и оправдува омраза, нетолеранција и предрасуди и поттикнува и повикува на насилство или дискриминација[15]“ против одредени ранливи или дискриминирани групи. Меѓутоа, наспроти тоа што е присутен во многу форми – од „политички некоректни“ шеги до отворени повици за линчување – како вербално, така и невербално низ сите форми и средства на јавна комуникација, „говорот на омраза“ се открива како несакана појава што ги загрозува темелните вредности врз кои се заснова секое цивилизирано и демократско општество.

---

10 International Convention on the Elimination of All Forms of Racial Discrimination, http://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/CERD.aspx

11 Declaration on freedom of political debate in the media, https://www.ebu.ch/CMSimages/en/leg_ref_coe_decl_political_debate_120204_tcm6–11947.pdf

12 Council Directive 2000/43/EC of 29 June 2000 implementing the principle of equal treatment between persons irrespective of racial or ethnic origin (Директива на Советот 2000/43/ЕЗ од 29 јуни 2000 година за спроведување на принципот на еднаков третман на луѓето без разлика на нивната раса или етничко потекло), http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:32000L0043:en:HTML

13 Council Directive 2000/43/EC of 29 June 2000 implementing the principle of equal treatment between persons irrespective of racial or ethnic origin (Директива на Советот 2000/43/ЕЗ од 29 јуни 2000 година за спроведување на принципот на еднаков третман на луѓето, без разлика на нивната раса или етничко потекло), http://eur-lex.europa.eu/legal-content/HR/TXT/?qid=1490190105325&uri=CELEX:32000L0043

14 Видете примери на пресуди на Европскиот суд за човекови прававо *Factsheet – Hatespeech,* http://www.echr.coe.int/Documents/FS_Hate_speech_ENG.pdf

15 Vesna Alaburić (2003), Limiting „hate speech“ in a democratic society – Theoretical, legislative and practical aspects – Part I. Croatian Legal Review (Весна Алабуриќ. Ограничување на „говорот на омраза“ во едно демократско општество – Теоретски, законодавни и практични аспекти – Дел I).

За дефинирање и, уште поважно, за утврдување дали некој говор е говор на омраза, од витално значење е тој да се набљудува од поширока перспектива во смисла на намерата и/или ефектот што таквиот говор го поттикнува или што сака да го поттикне, како и во поширок контекст на даденото општество и на неговите историски, културни, политички и сите други важни конотации.

Со оглед на тоа што секоја форма на говор се јавува во рамките на одреден историски и културен контекст, неговата содржина и моралното и емоционалното значење се неразделиви од таквиот контекст. Говорот што во еден контекст не е опасен може да биде говор на омраза во друг контекст[16]. Со други зборови, при секое разгледување на говорот на омраза неопходно е да се утврдат и да се оценат сите *околности* во кои се јавува говорот на омраза или за кои се верува дека таквиот говор на омраза веројатно ќе поттикне насилство, заплашување, непријателство или дискриминација против оние кон кои е насочен[17]. Ова произлегува од самата природа на говорот. Имено, употребата на навредливи зборови во разговор со познајници и со пријатели може да доведе до спротивното; до низа пожелни социјални ефекти, како што се хумор, социјална кохезија и слично. Јазичните истражувачи јасно укажаа дека не постои универзална изјава за тоа кој говор може да се смета за навредлив[18].

Говорот на омраза е емотивен концепт. Тој деградира, заплашува, поттикнува омраза, насилство и/или дискриминација против поединец или група. Понатаму, со говорот на омраза се сака да се создаде чувство на презирање и стереотипизирање засновано врз негативни конотации кон лица или групи и кон нивните карактеристики. Говорот на омраза функционира врз основа на основни и силни емоционални концепти, тој создава и шири дискриминација, закани, страв и омраза.

Како дел од јавниот дискурс, оние што шират говор на омраза сакаат да го претставаат како „нормален“, понекогаш многу силно и грубо, друг пат суптилно и „софистицирано“. Оние што го шират говорот на омраза сакаат нивните гледишта да станат модел и сакаат таквиот говор целосно да биде прифатен, дури и оправдан во одредени историски, културни и други контексти. Тука се наоѓа една од најголемите опасности од говорот на омраза: ако му овозможите да напредува, тој навистина може да стане дел од општествено прифатлив дискурс.

Важно е да се разгледа кој и како шири говор на омраза. Многу актери може да бидат генератори на говорот на омраза, како што се новинари и уредници,

---

16 Bhikhu Parekh (2012), Hate speech, Is there a case for banning? In The Contentand Context of Hate Speech, Rethinking Regulation and Responses (Говор на омраза, Дали постои случај за забранување? во Содржината и контекстот на говорот на омраза, Преиспитување на прописите и одговорите), edited by: Michael Herz, Cardozo School of Law, Peter Molnar, Center for Media and Communications, Central European University, Budapest, https://www.cambridge.org/core/books/the-content-and-context-of-hate-speech/0ED4A911E2138A440BB379BCCC8E2AAB

17 ECRI General policy recommendation No. 15 on combating hate speech (ЕКРИ Општа препорака за политиките за борба против говорот на омраза), https://www.coe.int/t/dghl/monitoring/ecri/activities/GPR/EN/Recommendation_N15/REC-15–2016–015-ENG.pdf

18 Jay, T. B., & Janschewitz, K. (2008). The pragmatics of swearing (Прагматиката на пцуењето). Journal of Politeness Research: Language, Behavior, Culture, 4, 267–288.

но и лица што не се новинари, како што се политичари или избрани функционери, верски претставници и лидери итн. Во таа смисла, одамна е утврдено дека политичарите и други лица што се редовно изложени во јавност преку различни медиуми мора да имаат повисок праг на толеранција. Тие мора да очекуваат многу пошироки граници на критика бидејќи, спротивно на приватните лица, политичарите бараат внимание од медиумите/покриеност во медиумите и многу и редовно се присутни во медиумите.

Во однос на тоа, кога се разгледува улогата на медиумите во ширењето на говорот на омраза, неговото потекло е од клучна важност. Ова особено важи за известувањето од некои настани во живо, вклучувањето на гледачите/слушателите во програмите и немање доволно време urednички да се подготви емисијата, вклучувајќи и замена на гости во дебатите во последна минута итн. Прашањето што се поставува е дали во вакви случаи медиумите само обезбедиле платформа, се приклучиле или се оградиле од вакви изјави.

Како што се гледа од случаите што ќе бидат презентирани подолу, говорот на омраза може да се најде во емитуваните програми, дури и во форма на СМС-пораки, електронски пораки, пораки на Фејсбук и на Твитер што ги праќа публиката до давателот на програмите. Тогаш е потребно да се види како и какви чекори презема медиумот, ако воопшто презема во врска со таквите пораки. Нивното прикажување на екранот секако не е правилен начин и во такви ситуации давателот на такви програми треба да се смета за одговорен.

Постојат голем број техники и тактики што може да ги користат медиумите кога тие не се вистински генератор на говорот на омраза. Тука спаѓаат исклучување на гледачите/слушателите што шират говор на омраза, итно објавување дека се оградуваат, одбивање да им се даде простор во емисиите на лицата што шират говор на омраза (вклучувајќи и политичари и јавни функционери), објавување извинување во подоцнежната фаза и други слични методи.

Во врска со ова, поширокото разгледување на говорот на омраза мора да вклучи и размислување за влијанието врз јавноста кон која е насочен тој говор. Потребно е да се постават прашања, како на пр.: „Дали имаше безредија, насилство, судири и на крајот вооружен конфликт?“ Позначајна одговорност за медиумите има кога нивните новинари свесно, па дури и намерно, користат говор на омраза, со што го поддржуваат и го предизвикуваат неговото повторување и јакнење во општеството, како што, исто така, покажуваат претставените случаи. Тој креира атмосфера на чувство на загрозеност и на општа загриженост со постојано етикетирање на непријателите.

За жал, регионот на Балканот е најдобар пример за ваквите практики. Етничката нетолеранција, како епилог на вешто смислена пропаганда во медиумите, резултираше со практично општа јавна поддршка на свирепите војни. Државните медиуми ги поддржуваа воените кампањи со цел „арсенал“ од нелојална медиумска покриеност што им беше на располагање и со јазик во кој доминираа навредливи изрази. Сензационализмот, пропагандата, инсистирањето на сопствена етничка чистота, предрасудите и оправдувањето на претенциозните политички цели станаа вовед во експанзијата на територијалните и на политичките амбиции на властите. Освен тоа, специфичното историско искуство послужи како оправдување за најразлични политички комбинации, обично во поедноставени верзии на новинарски толкувања.

Историјата стана аргумент за обвинување на опонентите, оправдување за воените и за политичките аспирации, како и извор на трајно непријателство преку постојано потсетување на минатото и на минатите историски судири. Така, целата јавност систематски се подготвуваше за претстојните судири, преку постојано застрашување засновано врз наследената национална и верска нетолеранција. Како поддршка на оваа теза постојат голем број студии и истражувања што се занимаваат со улогата на медиумите во конфликтот во поранешна Југославија, кои несомнено докажаа дека медиумите, додека им служеле на режимите, во значителна мера го помогнале создавањето на војните и омразата. Во книгата „Ковење војна", Марк Томсон наведува дека „вербалното насилство произвело физичко насилство" и дека војните прво почнале во медиумите[19].

На крајот од минатиот век концептот на она што се квалификува како „говор на омраза" се прошири и на идеолошките ставови. Сите не прифаќаат дека постои разлика меѓу класичните форми на „говорот на омраза", како што е поттикнување на омраза, па дури и физичко насилство, од една страна, и користење на навредлив јазик, од друга страна. И покрај сѐ поголемиот број студии и анализи, говорот на омраза останува сеприсутна појава што тешко може јасно да се дефинира, контекстуализира и да се истражи.

Ова, всушност, е потврдено со испитување на случаи на говор на омраза со кои се справуваа националните регулаторни тела што учествуваа во овој проект. Говор на омраза кон малцинствата, луѓето од различно национално потекло, кон ЛГБТИ-популацијата итн. е присутен, а понекогаш и се интензивира во зависност од дадената политичка клима. Говорот на омраза се користи и за омаловажување и за исмевање на политичките опоненти.

Целиот свет е сведок на револуционерното ширење на различни медиумски платформи и ширење на разни содржини. Во моментов многу важни глобални прашања што се обликуваат пред нашите очи и уши, често со емотивни аргументи, користат говор на омраза што е на граница, па дури и јасен говор на омраза. Минатите години бевме сведоци на многубројни кризи, било тоа да се војни и конфликти, терористички напади или природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човекот. Во текот на кризите, конфликтите и несреќите, по правило, прва жртва е вистината. Во време на кризи, а при многубројни медиуми со различни платформи, често се случува пристрасни, невистинити и несигурни информации, вклучувајќи и „пропаганда" и говор на омраза, да се рашират за неколку минути. Примери на несоодветен јазик што се користи во медиумите – вклучувајќи го и говорот на омраза – се многубројни во денешниот свет. Тој се користи како катализатор на општествените промени, се обновува и, како што сме виделе и претходно, сериозно станува интегрален дел од јавниот дискурс.

Ерата на интернетот и на онлајн светот внесе многу нови играчи во креирањето и во дистрибуцијата на комуникациските канали. Со тоа се отворија прашањата на содржини што ги создаваат корисниците и на отвореното но-

19 Mark Thompson (1999), Forging War: Media in Serbia, Croatia and Bosnia-Herzegovina („Ковење војна: Медиумите во Србија, Хрватска и Босна и Херцеговина"), University of Luton Press, London.

винарство. Сега луѓето може да ги коментираат вестите и на друг начин да влегуваат во интеракција со други во врска со различни медиуми. Сега луѓето може лесно да создаваат и да шират видеосодржини и новости. Интернетот, новите медиуми, социјалните мрежи итн. им овозможуваат на луѓето да дејствуваат во јавноста како никогаш порано. Неодамнешниот случај во Европскиот суд за човекови права „Делфи АС" (Delfi AS) против Естонија се занимаваше со одговорноста на издавачите и се однесуваше на прашањето на говорот на омраза на интернетот и на одговорноста на интернет-порталите за анонимни погрдни коментари на корисниците, односно на читателите. Во овој случај Судот заклучи дека интервенцијата во правото на изразување била во согласност со законот и дека говорот на омраза изразен во коментарите на корисниците не ја ужива заштитата од членот 10 од Европската конвенција за човековите права. Она што е важно за оваа одлука е фактот дека Судот ги одбил аргументите на издавачите од компанијата „Делфи", која управува со еден од најголемите медиумски портали во Естонија, кои наведоа дека улогата на таквиот портал како давател на информациски услуги и чување на податоци е само техничка, односно пасивна и неутрална. Судот смета дека, иако „Делфи" не била автор на ваквите коментари, тоа не значи дека немала контрола врз просторот во кој биле креирани коментарите.

Овој важен чекор кон подемократско изразување преку интернет и кон место каде што се почитуваат европските вредности и закони беше само почеток на обесхрабрување на расизмот, ксенофобијата и на другите појави во „мрежата на сите мрежи". Иницијативата на Европската Унија од 2016 година и мерките на владите на земјите членки, како што се Германија, Велика Британија и Франција, се насочени кон охрабрување на интернет-страниците и на социјалните медиуми да го отстранат говорот на омраза од интернетот[20]. Цел на онлајн „кодексот на однесување"[21] е борба против говорот на омраза на четири од најголемите интернет-компании: Фејсбук, Твитер, Јутјуб и Мајкрософт. Кодексот претставува прв голем обид да се дефинира како технолошките компании треба да реагираат на говорот на омраза на интернет. Говорот на омраза во овој документ се дефинира како „секое однесување што поттикнува на насилство или на омраза насочена против група лица или против припадник на таква група со повикување на раса, боја на кожа, вероисповед, потекло или национално или етничко потекло"[22].

За жал, проверката на фактите е занемарена, објективните факти се скриени, а истражувачкото новинарство често е заборавено и означено како здодевно и скапо. Ваквиот развој на настаните доведе до тоа речникот „Оксфорд" да го прогласи зборот „поствистина" за збор на 2016 година, дефинирајќи го како значење кога „објективните факти се помалку влијателни во обли-

---

20 Заедно со „говорот на омраза" ваквите тенденции се насочени и кон отстранување на таканаречените *лажни вести*.

21 Code of Conduct–Illegal online hate speech, Questions and answers (Кодекс на однесување – нелегален говор на омраза преку интернет, Прашања и одговори), http://ec.europa.eu/justice/fundamental-rights/files/code_of_conduct_hate_speech_en.pdf

22 European Commission and IT Companies announce Code of Conduct on illegal online hate speech (Европската комисија и ИТ-компаниите најавуваат Кодекс на однесување за нелегалниот говор на омраза на интернет), http://europa.eu/rapid/press-release_IP-16–1937_en.htm

кувањето на јавното мислење од привлечноста на емоциите и личните убедувања“[23]. Некои набљудувачи забележаа дека славните „Пет ’W‘“ во новинарството („Who“ (Кој), „What“ (Што), „When“ (Кога), „Where“ (Каде) и „Why“ (Зошто)) повеќе не претставуваат златно правило. Предложените дополнителни прашања, како: „Дали сонувам?“, „Сериозно?“, „Како се случи ова?“, „Зар не ти е срам?“[24] и други слични прашања може да бидат духовит начин на изразување на денешната парадигма, но, всушност, претставуваат застрашувачки одраз на многу промени што настануваат.

Необичен, но и многу алармантен е интересниот тренд што го произведоа ваквите појави во медиумите. Имено, неодамнешната анкета на млади од неколку држави од различни континенти, вклучувајќи ги Аргентина, Австралија, Бразил, Канада, Кина, Франција, Германија, Индија, Индонезија, Израел, Италија, Јапонија, Нов Зеланд, Нигерија, Русија, Јужна Африка, Јужна Кореја, Турција, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави, спроведена од компанијата за истражување „Популус“ за фондацијата „Варки“[25], образовна добротворна организација, покажа дека младите им даваат голема поддршка на почитувањето и на проширувањето на различни права, како што се правата на историски маргинализираните малцински групи и на еднаквоста на жените и правата на трансродовите лица. Ова сосема е во согласност со фактот дека младите луѓе отсекогаш биле полиберални. Меѓутоа, студијата покажува дека младите немаат толку либерални гледишта во однос на правото да го кажат тоа што го сакаат. Податоците од анкетата го зацврстуваат мислењето дека младите денес го прифаќаат правото да не бидат навредени, што би можело да се смета дека ги задушува слободниот говор и слободната дебата[26].

Ваквиот развој на настаните, меѓу другото, поттикнат и од технолошките револуции, не треба да нѐ оддалечи од водечката идеја – квалитетната содржина што треба да ѝ се понуди на јавноста. Ако не постои квалитетна содржина што ќе ѝ се понуди на јавноста, технолошките платформи и развоите што се опишани погоре не стануваат ништо друго освен куп жици и светилки во кутија што нудат само депресивен и опасен дискурс.

Ако се вратиме назад, законодавството на европските држави имаше како цел заштита од сите видови ксенофобија и антисемитска пропаганда што доведе до холокаустот. Денешните закони против „говорот на омраза“ сѐ повеќе се насочуваат кон обесхрабрување на говорот што е навредлив за нечија национална или родова припадност, здравствена состојба, возраст и слично. Приливот на голем број барачи на азил и мигранти во Европската Унија од 2015 година, во комбинација со реакциите на низа терористички напади во земјите членки на ЕУ, придонесуваат кон почеста манифестација на расизмот, ксенофобијата и на нетолерантноста во јавниот простор, особено

23 https://en.oxforddictionaries.com/definition/post-truth, пристапено на 14 февруари 2017 година.

24 http://www.newyorker.com/humor/daily-shouts/additions-to-the-five-journalistic-ws, пристапено на 15 февруари 2017 година.

25 Соопштение за печат од фондацијата „Варкли“: Generation Z survey, https://www.varkeyfoundation.org/news/press-release-generation-z-survey, пристапено на 31 март 2017 година.

26 http://www.economist.com/blogs/graphicdetail/2017/02/daily-chart-10?fsrc=scn%2Ftw%2Fte%2Fbl%2Fed%2F, пристапено на 17 февруари 2017 година.

онлајн[27]. Екстремисти од сите видови ги користат отворените форуми и места на интернет, како и многубројните нови технологии за да ги промовираат своите отровни идеологии. Меѓутоа, тоа што, исто така, заслужува внимание, како што е прикажано во една истражувачка студија во Велика Британија, е тоа што говорот на омраза не доаѓа најмногу од екстремистите и од радикалите, туку од обичните луѓе[28]. (До сличен заклучок дојде и Хана Арент во својата студија „Ајхман во Ерусалим – Извештај за баналноста на злото"[29], во која тврди дека главно обичните луѓе, а не криминалците или монструмите, ги извршиле најстрашните злосторства откако претходно биле соодветно поттикнати да го направат тоа.)

Кога се утврдуваат приоритетите во оваа област, важно е повторно да се истакне клучната улога што ја имаат медиумите во создавањето на демократската култура што е значително поширока од кој било политички систем. Медиумите ја помагаат способноста на јавноста да создава свои искуства и да учи од другите. Така се создава конструктивна политичка дебата. Дијалогот има витално значење и медиумите се клучни во вклучувањето на сите актери во дијалогот. Меѓутоа, наспроти многуте практики, особено во ерата на онлајн светот, новинарството треба да ги зачува претпоставките на етичката рамка. Наспроти сите можни направи што ни нудат многу разновидни услуги и содржини и многу различни играчи во оваа сфера, под нив се наоѓа или, пак, треба да се наоѓа основниот принцип на етичкото новинарство. На ова не треба да се гледа како на некоја стара мантра што е застарена во современиот свет. Разгледувајќи ги прашањата што се однесуваат на општо распространетата практика на отворено новинарство, мора да се размисли дали треба да се очекува кон таквите принципи да се придржуваат неколкумина играчи што не се новинари, но се интегриран дел од дадените услуги. Секое лице што е вклучено на интернет може потенцијално да стане новинар, бидејќи секој пост, секоја содржина создадена од корисникот потенцијално им се нуди на голем број корисници итн. Но сите појави на „новинари" што ги овозможуваат современите технолошки решенија не се вклучени во националните/меѓународните/наднационалните прописи. Ова е особено важно од гледна точка на нудење локални и национални информативни услуги, каде што овие прашања излегуваат на виделина. Развојот на нови медиуми, појавата на отворено новинарство, како и презаситеноста од медиумски услуги што се нудат низ цела Европа се контекстуални фактори што нудат нови аспекти за дебатата за говорот на омраза.

Кога се дебатира за овие прашања, клучно прашање што треба да се нагласи е дека осигурувањето на целосното уживање на правото на слобода на изразување треба да биде парадигма што е од витално значење во секое демократско општество или во општествата што сакаат да станат демократски. Поради тоа, императив е да се обезбеди цврста правна основа за правото на слобода на изразување, од една страна, но да се обезбеди и говорот на

---

27 Fundamental Rights Report 2016 – FRA opinions (Извештај за основните права 2016), http://fra.europa.eu/en/publication/2016/fundamental-rights-report-2016-fra-opinions

28 IGLYO On Online Hate Speech (IGLYO за говорот на омраза на интернет), http://www.iglyo.com/wp-content/uploads/2014/01/Online-Hate-Speech-WEB.pdf

29 Hannah Arendt (2002), Eichman in Jerusalem – Report on the Banality of Evil (Извештај за баналноста на злото), Politička kultura, Zagreb.

омраза и навредливиот јазик да не станат прифатлива форма на изразување. Ова бара интердисциплинарен пристап и вклучување на широка платформа на актери. Чесната и одржлива посветеност на обезбедувањето независност на медиумите и независност на регулаторните тела, како клучен предуслов за демократско функционирање на секое општество, претставува конкретен и мерлив придонес кон овие напори.

> „Ако не веруваме во слободата на изразување на оние што ги презираме, тогаш воопшто не веруваме во неа."
>
> Ноам Чомски

Од друга страна, голем број луѓе се склони да наоѓаат говор на омраза таму каде што тој не постои. Според тоа, многу е важно одлуките одреден говор да се карактеризира како говор на омраза да се засноваат врз премиси што се поврзани со правото на слобода на изразување, а за говор на омраза да се смета говорот што е апсолутно против сите етички и професионални норми.

Во однос на тоа, со ова важно прашање, во поголема или во помала мера, се соочуваат националните регулаторни тела (НРТ) задолжени за регулирање на аудиовизуелните медиумски услуги и за медиумските радиоуслуги. Извештаите подготвени под покровителство на Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРТ) укажуваат дека повеќето европски држави во законите што се однесуваат на медиумите и/или во кривичните закони вклучуваат елементи што се однесуваат на говорот на омраза. Иако се претставува дека конститутивните елементи на говорот на омраза се опфатени со различни национални дефиниции, сепак законската основа дава информации за степенот на забрана. Оттука, законската и подзаконската рамка упатуваат на омраза/дискриминација заснована врз раса, пол, вероисповед и националност, но и на етнички групи, боја на кожата, јазик, морал, сексуална ориентација итн.

Голем број НРТ немаат овластувања да изрекуваат санкции за кршење на овие правила, додека други директно се овластени и на располагање имаат многубројни санкции, што ќе биде презентирано понатаму во оваа публикација. Ова може да се види во делот од публикацијата во кој се дава преглед на националните законодавства и овластувања на НРТ. Во некои случаи постојат тенденции, па дури и директни мерки со кои се намалуваат овластувањата на НРТ. Обично ова доаѓа во вид на повлекување на санкциите што порано биле предвидени за НРТ, а што е најважно, тоа вклучува повлекување на финансиските санкции и воведување на механизми за упатување, вклучувајќи и случаи на говор на омраза.

За регулаторите е важно да бидат без предрасуди во своите реакции ако сакаат да имаат улога во изнаоѓањето решенија. Потребата заинтересираните субјекти да ја препознаат неопходноста за законодавство што ќе обезбеди силно и витално национално регулаторно тело е од исклучително значење. Национално регулаторно тело под политичко влијание и контрола, без извршни овластувања (или со ограничени овластувања) само им служи на политичките елити за нивна корист. Главни карактеристики на силните и виталните НРТ се различните аспекти на нивната целосна независност што овозможуваат тие да бидат законски одделени и функционално независни од индустријата и од владата (на при-

мер, тие ниту бараат ниту примаат инструкции[30]). Понатаму, НРТ треба да имаат доволно овластувања и ресурси и мора да работат на транспарентен и одговорен начин, како што е утврдено со закон. Многу водечки принципи детално ги утврдуваат неопходните предуслови за функционирање на НРТ[31], но постојат и такви што не се толку нагласени и кои оваа публикација сака да ги истакне. Тие се однесуваат на вкупната клима (општествена и политичка) на општеството во кое функционираат НРТ, кое треба да има воспоставено разбирање и почитување на независноста на одреден државен орган и да го смета за потребен и разумен дел од институционалната рамка. Личната издржливост на луѓето именувани и вработени во НРТ, исто така, има улога, особено во случај на говор на омраза. Низа елементи може да влијаат врз формирањето на конечниот процес на одлучување во НРТ во однос на такви случаи, но целосната лична и професионална посветеност и определбата за придржување кон правилата секогаш мора да бидат на прво место и единствен пат.

Како што се гледа од оваа публикација, говорот на омраза, како онлајн, така и офлајн, станува сè почест во нашите општества. Натамошните поглавја нудат целосен увид во таквите случаи и даваат можни правни лекови за оваа ситуација.

30 Овие принципи се препознати во новиот предлог на Директивата 2010/13/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 10 март 2010 година за координација на одредени одредби утврдени со закон, регулирање на административните активности на земјите членки во однос на давањето аудиовизуелни медиумски услуги (Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, кодифицирана верзија).

31 На пример, INDIREG FINAL REPORT: „Indicators for independence and efficient functioning of audiovisualmedia services regulatory bodies for the purpose of enforcing the rules in the AVMS Directive“ (ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ НА ИНДИРЕГ: „Индикатори за независност и за ефикасно функциоирање на регулаторните тела на аудиовизуелните медиумски услуги за цели на спроведување на правилата на Директивата за АВМУ), http://ec.europa.eu/archives/information_society/avpolicy/docs/library/studies/regulators/final_report.pdf, пристапено на 24 февруари 2017 година.

# 3. Случаи на говор на омраза и на навредлив јазик во регионот

Во натамошниот текст даваме листа и краток опис на случаите што се однесуваат на говорот на омраза и на навредливиот јазик со кој се справуваат регионалните НРТ во рамките на опсегот на нивната работа и мандат.

## АЛБАНИЈА

### – ТВ Клан, 2015, Говор на омраза

АМА ја следела оваа станица, а особено емисијата „Слободна зона". Во последниот дел од емисијата, во текот на разговорот со гостинот пејач, домаќинот на шоуто директно употребил фрази и изрази, како што се: *„Зошто тие не кажуваат дека не може да им се верува на Чамите*[32] *без причина"* и потоа додава: *„(Чамите) ... се добри луѓе, толку добри што и да ги убиеш не е доволно! Секако, се шегувам, ова беше шега и јас самиот сум Чам".*

Во текот на разговорот домаќинот на шоуто се расправал со пејачот што му бил гостин, велејќи: *„Грешиш, луѓето од Саранда*[33] *не се такви, тие се... в ред, тие се многу злобни, не е доволно ни да се убијат, но тие не кажуваат ништо за Чамите."*

Мониторингот покажа дека со шоуто биле прекршени законските принципи со кои се предвидува дека операторите на аудиовизуелни услуги во текот на својата активност не смеат да дозволат емитување на емисии што промовираат нетолеранција меѓу граѓаните, што промовираат или што оправдуваат насилство. Врз основа на горенаведените изјави на домаќинот на оваа емисија е заклучено дека ова претставува повреда на барањата, според кои станиците не треба да емитуваат емисии со содржини што промовираат омраза заснована врз раса, пол, вероисповед, етничко потекло, националност и каков било друг вид дискриминација, дека нема да ги повредуваат дигнитетот и основните човекови права и дека нема да емитуваат емисии што може да поттикнуваат кривични дела.

### *Акција на АМА*

АМА одлучи да го третира овој случај како говор на омраза поради тоа што е штетно јавноста да слушне ваков вид дискриминација. Затоа одлучи да изрече финансиска санкција во износ од околу 3 000 евра.

32 Чамите се подгрупа на Албанците што првобитно живееле во западниот дел од регионот, во Северозападна Грција.

33 Место во Албанија блиску до грчката граница.

# БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Краток преглед на случаите на говор на омраза во Босна и Херцеговина процесуирани од Регулаторната агенција за комуникации (РАК) (1998 – 2016)

## ТВ ЕРОТЕЛ, 1999, Говор на омраза

РАК била информирана од ОБСЕ Хрватска дека ТВ Еротел на 16 декември 1998 година во 20:50 часот повторно ја емитувала емисијата на ХРТ[34] „Екологија и етика – Сепија", а ТВ Еротел, како радиодифузер во БиХ, била одговорна за содржината на оваа програма.

Некои од коментарите дадени во програмата се следниве:

- „...човекот поединец е сигурно Џорџ Сорос, луд брокер и малициозен шпекулант. Тој украде милијарди, дава милиони и се грижи да ја собере каматата како профит";
- „...одвратно српско-еврејско лоби што секогаш повторно се појавува за да може да се уништи Хрватска. Тие се претпазливи масони. Многумина од нив се сексуално чудни"; и
- „Затоа сепијата ги бара и без грешка ги наоѓа своите соработници во редакциите. Тие се физички одвратни, некои деформирани, психолошки слаби, вљубеници во себе, глупави. Приватно, генерално, тие се изопачени. Момчиња сакаат момчиња, девојките сакаат да бидат со девојки."

### *Акција на РАК*

Било утврдено дека предметната програма содржи антисемитски, антисрпски и хомофобични коментари врамени во еколошка метафора заснована врз сепијата за да илустрира како Србите, Евреите и хомосексуалците имаат штетно влијание врз хрватската економија и општество. Ова се сметало за јазик што може да предизвика навреда и претставувало кршење на одредбите за говорот на омраза, а врз основа на тоа на станицата ѝ била изречена парична казна во висина од 1 000 евра.

## РТВ СРЕБРЕНИЦА, 1999, Говор на омраза:

РАК добила пријава од Мисијата на Обединетите нации во Босна и Херцеговина[35] во која било наведено дека на 8 февруари 1999 година во 19:45 часот на вестите на ТВ Сребреница била објавена изјава од локалниот Општински одбор на Српската радикална странка што гласела:

> „Со ова ги известуваме жителите на Сребреница дека во сабота, 6 февруари, група Срби, таканаречени „Потурци[36]", организирала посета на

---

34 Хрватска радиотелевизија – јавен РТВ-сервис во Хрватска.

35 Мисија на Обединетите нации во Босна и Херцеговина.

36 Пејоративен збор што ги опишува Србите што примиле ислам за време на Отоманската Империја.

Тузла и ја понудила својата помош за постигнување мир со нашите непријатели. Оваа група ја поканил Хакија Мехољиќ, најголемиот касап на српскиот народ. Од името на српскиот народ од Сребреница сакаме да кажеме дека ваквиот вид посети не е дозволен и е забранет.“

### *Акција на РАК*

Во овој случај РАК утврдила повреда на членот што забранува користење на јазик што може да предизвика насилство, безредија или омраза, а врз основа на тоа на станицата ѝ била изречена парична казна во висина од 450 евра.

## Радиостаница Дрвар, 1999, Говор на омраза

На 21 јуни 1999 година РАК примила информација за можни запаливи коментари што биле искажани во текот на радиоемисијата на Радиостаницата Дрвар на 16 јуни 1999 година. Наводно, слушателите што се јавувале во станицата се заканувале дека „ќе го завршат тоа што го започнале на 24 април 1998 година“. Тоа се однесувало на еден инцидент во Дрвар што се случил во април 1998 година кога толпа нападнала српски имоти и канцеларии на меѓународни организации. Градоначалникот на Дрвар (од српска националност) бил сериозно повреден, а голем дел од српскиот имот бил оштетен.

Била емитувана следнава содржина:

> Слушател: „Би сакал да пратам порака до Србите, ако слушаат. Минатата година во април беше првото полувреме на играта, а ќе имаат и второ, а второто секогаш води во победа... Би сакал да кажам дека Србите сакаа да ја видат нашата реакција на ова. Но тие знаат дека можеме да ги одмаздиме нашите полицајци на многу начини...“
>
> Слушател: „Го поддржувам претходниот слушател во тоа што го кажа. Тие го имаа првото полувреме минатата година, а набргу ќе го имаат и второто.“
>
> Водителот не реагирал на овие изјави.

### *Акција на РАК*

Било заклучено дека со коментарите дадени од слушателите им биле упатени закани на слушателите од српска националност. Се чини дека водителот не се ни обидел да ги ублажи или да ги оспори гледиштата на овие слушатели. Поради емитувањето и пропустот на станицата да покаже одговорност на редакцијата за искажаните коментари било заклучено дека станицата ги прекршила одредбите што се однесуваат на говорот на омраза, а врз основа на тоа станицата била парично казнета со 450 евра.

## РТВ Св. Георгије, 2001, Говор на омраза

РТВ Св. Георгије на 8 мај 2001 година меѓу 20:45 и 22:02 часот емитувала емисија што била продуцирана во вид интервју што се однесувало на покривање настан во Бања Лука во текот на церемонијата за поставување камен-темелник на џамијата „Ферхадија“ во Бања Лука, кога се случил сериозен инцидент

што предизвикал повреди на луѓето и материјална штета. Емисијата била повторно емитувана следниот ден. Имено, интервјуто било со Александар Сопот, сликар, кој ги коментирал настаните што се случиле по церемонијата за поставување на камен-темелникот.

Интервјуто го вклучило следново:

> Гледач: „А ова се заснова врз минатото што и така беше крваво, а познато е што направиле тие и дека биле (овде е нејасен дел), тие без прекин му прават стапици на српскиот народ, тие не би биле овде да нема проблеми, да нема проблеми тие би заминале. Меѓутоа, тие имаат интерес да бидат овде и да провоцираат, да го обезглавуваат српскиот народ и да провоцираат. Едноставно, тие не се мирни и толерантни луѓе со кои може да се живее, туку да се води војна, меѓутоа мислам дека сѐ овде се прави со сила. Знам двајца браќа што не може да живеат заедно, а да не споменувам тројца луѓе, кои учествувале во војните во последниот век, кои трипати се извалкани со крв."
>
> Гледач: „Зошто Бошњаците, кои се сметаат за вандали и за уништувачи, зошто толку настојуваат да ја изградат оваа џамија во центарот на Бања Лука, зар Козарац, Котор Варош и наскоро можеби и Челинац не им се доволни. Во што е поентата? Зар не се сеќаваат на големата српска прослава во 1992 година кога таа била уништена, кога ќе научат? Мислам дека нашата младина што го направила тоа, тоа е поддршка за нивната иднина и тоа е подобро. Сметам дека не би требало да се остават ниту да се приближат. Тоа е тоа, ви благодарам."
>
> Водител: „Но овде можеме да слушнеме зборови како што се балија (пејоративно за Муслимани) и Турчин. Што значи тоа? Како може тоа во ваква средина како што е оваа..."
>
> Гостинот во студиото: „Едноставно, кај српскиот народ овој збор Турчин значи некој што е, кој прави криминал, кој..."
>
> Водител: „Кого ние не го сакаме."
>
> Гостинот во студиото: „Господине, ќе ви кажам, господинот Клејн и оние што беа овде вчера, па, тоа ме прави среќен, беа од оние што тие ги донесоа со себе. Знаете дека Муслиманите ги собуваат чевлите кога влегуваат во куќата. Може да замислите сега, по 5 часа минати во автобус, како било кога влегле во таа мала куќа и ги собуле чевлите. Може да замислите како се чувствувале господин Клејн и другите по 5 часа кога 1 000 од нив влегле во куќата и ги собуле чевлите. Им благодарам на тие Муслимани затоа што дошле и ги собуле своите чевли."

### *Акција на РАК*

РАК заклучила дека емисијата била емитувана без каква било контрола од уредникот. Таа не само што ги оцрнувала верските убедувања на другите туку предизвикала и значителен ризик од јавна штета. Поради утврдената повреда на РТВ Св. Георгије ѝ била суспендирана лиценцата за период од 90 дена.

Оваа суспензија следувала по претходни слични утврдени повреди од РТВ Св. Георгије. Имајќи го предвид фактот дека станицата емитувала програми што биле квалификувани како сериозни примери на говор на омраза, додавајќи дека станицата не постапувала во согласност со одлуките и со санкциите издадени од РАК, потоа била повлечена лиценцата на РТВ Св. Георгије, по што РТВ Св. Георгије повела постапка пред Домот за човекови права[37] против државата БиХ за наводна повреда на членот 10 од Европската конвенција за човекови права и основни слободи. Судот одлучил дека БиХ, преку одлуката на РАК, не го прекршила членот 10 од Конвенцијата.

## Радио Наба, 2002, Говор на омраза

На 18 јануари 2002 година РАК примила жалби од граѓани во врска со емитуваната програма на Радио Наба во вечерните часови на 17 јануари 2002 година, а која повторно била емитувана следното утро на 18 јануари 2002 година. Емисијата емитувала во живо настани што се случувале во Сараево ноќта на 17 јануари 2002 година, а во врска со „Алжирската група[38]".

Во емисијата биле вклучени повици во живо во врска со собирот пред Централниот затвор во Сараево, како што се:

> Водител: „Значи, ги повикувате уште еднаш преку радио браќата и сестрите, сите што можат, така?"
>
> Сопруга на еден од затворениците: „Значи, драги браќа и сестри, секој што може, барем овие од Сараево, кои се поблиску. Не гарантирам дека нема да дојдеме за ништо, но ако можете, ќе бидете наградени за тоа, дојдете овде, бидете овде со нас."
>
> Водител: „В ред, уште една информација, за кој затвор станува збор?"
>
> Сопруга на еден од затворениците: „Централен затвор, од другата страна на Судот."
>
> Водител: „Централен затвор, од другата страна на Судот."
>
> Слушател: „Со оглед дека ние сме долу во населбата Неџариќи[39], ако тие успеат да ги пробијат овие тампон-зони, ние овде да се организираме и да се собереме од ОН и бидејќи тие поминуваат овде на патот кон аеродромот, да се обидеме да направиме барикада што тие нема да може да ја пробијат."
>
> Водител: „Што предлагате тогаш?"
>
> Слушател: „Предлагам, односно ќе бидеме во контакт со некои браќа што се пред затворот".

37 Суд што беше основан врз принципите на Европскиот суд за човекови права само за БиХ.

38 Настаните се однесувале на екстрадицијата на шест лица од Алжир во Гвантанамо, Куба. Во текот на овој процес група граѓани се собрале и демонстрирале пред зградата на Централниот затвор во Сараево вечерта на 17 јануари 2002 година.

39 Јужен дел од Сараево.

Водител: „В ред“.

Слушател: „Им предлагам на сите оние што ја слушаат Наба, а се наоѓаат во населбата Нецарики, ќе се јавам повторно кога ќе нѐ контактираат оттаму, ако ги пробијат тој кордон и тампон-зоната, да излезат кога ќе ги повикам преку ова исто радио. Дали може така?“

Водител: „В ред, тоа нема да претставува проблем. Во принцип, важно е да се задоволат правдата и срцевината на нашата земја, а тоа е, ако се невини и слободни, да бидат невини и слободни.“

Слушател втор: „Сакам да ве поздравам вас и сите оние во Сараево, оние браќа, да ги поздравам и да им дадам поддршка. Иншала, ние планиравме, по сабах-намаз[40] да дојдеме таму.“

Водител: „Од каде се јавувате?“

Слушател втор: „Од Високо“.

Водител: „Значи, по сабах-намаз поаѓате за Сараево, така?“

Слушател втор: „И поздрав до Осама бин Ладен.“

Водител: „Тој веројатно не може да го слушне овој поздрав. Еве, ова беше уште еден поздрав до Осама бин Ладен. Тој не го слуша овој поздрав, тоа е сигурно...“

Репортер од самото место (не е познато дали е вработен во Радио Наба): „Ги повикувам сите од Сараево, Високо, цела Босна, дојдете овде најбрзо што можете. Колку што нѐ има повеќе, ќе можеме подобро да се браниме.“

Исто така, во програмата бил пуштен и џингл што одел вака:

„Чекор по чекор, полека, но сигурно, одиме напред. Битка по битка, бавни сме, но сигурно се бориме за нашата вера, за нашиот ислам. Нашиот устав е Куранот, нашата химна е езанот[41], а нашите срца се исламските држави. Чекор по чекор продолжуваме. Дали имаш желба да бидеш со нас, дали се осмелуваш да бидеш со нас, дали сакаш да бидеш со нас? Радио Наба.“

Коментарите од водителот, од слушателите и од репортерите од самото место содржеле изјави, како што се:

Репортери: „Подобро да те претепаат овде отколку да лежиш на кревет додека нашите браќа одат во смрт... Поради тоа нѐ опколија, па така не можеме да дојдеме да помогнеме... На крајот, бидете наградени од Алах, тоа е една од работите поради која на Муслиманите им се потребни медиуми за да не може да бидат убивани во тишина како што биле убивани во текот на војната и пред војната кога биле Млади Муслимани. Поради

40 Молитва рано наутро.

41 Повик за молитва од минаре.

тоа, Муслиманите никогаш повеќе не смеат да дозволат да бидат убивани во тишина... Овде ситуацијата е надвор од контрола, додека нашите министри што се платени по 10 000 и редовно примаат плата, браќата нè тепаат на снег, ова е вистински...“

Водител: „Добро, тоа е за да не бидете во можност воопшто да реагирате. Ако слушнете текбир[42], водете сметка што следува, за пет минути тие ќе нападнат... Еве, оваа сестра се прашува дали тоа е вистина. Сонцето ќе изгрее, ако Господ дозволи, утрото ќе дојде наскоро, крвта на Муслиманите ќе ја види утринската светлина. Наутро, секој што ќе излезе на улица, муслиманската крв ќе ја види муграта... За жал, ова ни се случи, за жал, не бевме нападнати од некоја друга земја, некое место заборавено од Господ, туку од нашето Сараево што беше опколено. Маркале[43], ако ги помните тие слики и улици и ’Васе Мишкина‘[44] и којзнае што уште, тоа е нашето Сараево ноќеска. Сега продолжуваме.“

Вклучени ставовите на слушателите:

Слушател: „Ова е навистина настан, мислам дека не може да се запре на ова, треба масовно да се собереме таму, ова утро, и да бараме оставки од Лагумџија и од министерот за внатрешни работи и да не се разотидеме додека не дадат оставки.“

Слушател втор: „Мислам дека довлекле ’четници‘ од Пале, Господ нека ги скамени! Само да имав ’зоља[45]‘да ја фрлам меѓу нив, дури ако и нашите браќа отидат со нив, барем ќе бидат шехиди[46]... Ова е големо, не знам, не можам да најдам зборови, треба сите да се фатат и да се обесат. Половина Сараево треба да се обеси, ова е срамно. Оние што го слушаат ова, оние ’стари прдежи‘ не слушаат, тие спијат, тие имаат свои куќи полни со коверти со пари, ним не им е грижа за страдањата на сиромашните. Тие не се грижат, половина Сараево треба да се обеси. Никој дури не се ни обидел да излезе, тие копилиња, Господ нека ги каменува сите.“

### *Акција на РАК*

Повиците за собирање можеле сериозно да ја загрозат јавната безбедност и сигурност на граѓаните, припадниците на силите за спроведување на законот и на меѓународната заедница. Продолжената поддршка на Радио Наба во смисла на поттикнување и користење на станицата како логистички центар за собирањата претставувала закана за предизвикување јавна штета и безредија бидејќи не постоела гаранција дека протестот ќе биде мирен. Слично на тоа, репризата на оваа програма следното утро, исто така, создавала

42 Алах акбар (Господ е најголем), почеток на сите молитви.

43 Пазар во Сараево каде што се случиле два големи масакра на цивили во текот на војната (првиот во февруари 1994 година, а вториот во август 1995 година).

44 Поранешно име на улицата „Ферхадија“, каде што се случил првиот голем масакр на цивили во Сараево во 1992 година.

45 Противтенковско оружје.

46 Муслимански борец што го жртвува својот живот од името на Господ.

ризик од нарушување на јавниот ред. Одговорното лице во Радио Наба не дало никакво размислување за да ги ублажи и да ги балансира гледиштата и емоционалните изјави што можеле да доведат до поттик на насилство, да охрабрат нетолеранција и омраза и можни жртви. Дури и спротивно на тоа, водителите и репортерите активно учествувале во поттикнувањето на ваквиот говор во емисијата. Радио Наба систематски промовирало делумни мислења, поддржувало една страна и ѝ посветувала крајно несразмерно време на емитување на предметната емисија. Исто така, одговорниот персонал на станицата не само што поддржувал едно мислење во врска со прашањето туку постојано покажувал „мек" пристап во поставувањето на прашањата, презентирајќи факти и емитувајќи изјави што целосно ги поддржувале ставовите на демонстрантите и на слушателите. РАК контактирала со релевантните тела за да се распраша дали со оваа емисија се прекршени законите во однос на обезбедувањето на националната и на јавната безбедност и добила негативен одговор. Според тоа, РАК го процесуирала случајот од аспект на можните важечки правила и прописи и утврдила дека Радио Наба ги прекршила одредбите што се однесуваат на говорот на омраза, пристојноста и учтивоста, праведното и балансираното известување, а врз основа на тоа на станицата ѝ била изречена парична казна во висина од 500 евра.

## РТВ Алфа, 2004, Говор на омраза

РТВ Алфа емитувала емисија наречена „Жртвување". Емисијата била продуцирана од ТВ Сахар, а темата на предметната емисија му била посветена на конфликтот меѓу Палестина и Израел. Емисијата вклучувала видеоспот во траење од 5 минути и 20 секунди (краток опис на спотот):

> Млад човек го украсува својот автомобил за својата свадба и се подготвува да замине. Во исто време се прикажуваат сцени од последиците од конфликтот меѓу Палестинците и Израелците. Младиот човек го испраќаат неговата мајка и веројатно девојката. Тој го стартува автомобилот и по кратко возење запира и го отвора багажникот во кој има експлозивна направа. Го активира уредот и става парче ткаенина околу својата глава со ознака „Кудс[47] е наш", по што продолжува да вози кон контролниот пункт на израелската војска. Војниците отвораат оган кон него и кон автомобилот, но тој продолжува да вози во нив и кон израелското знаме со јасна намера да убие и да се жртвува. На следната сцена се прикажува мајката како плаче, а потоа голема експлозија и како гори израелското знаме. Во задницата на спотот се слуша песна на арапски јазик со титлуван превод на песната.

Секоја сцена од штотуку опишаниот спот е проследена со текст, а една од речениците гласи:

> „Побрзај брате, време е за мојот шехадет[48], време е за мојата жртва, време е да ја спасам татковината. Оружјето е мое; мојот камен го крши стаклото на ноќта. Мојот вресок како секира ги сече корените на ноќта. Текбир, о Муслимани. Треба да го потопиме бродот на ноќта во бурата. Ајде да ја скршиме ноќта. Побрзај, брате!"

47 Ерусалим.

48 Молитва.

По емитувањето на овој спот водителот им се обратил на гледачите со следниве зборови:

> „Почитувани гледачи, ја видовме четвртата и последна емисија од серијалот 'Жртвување'. Со должна почит и благодарност до сите борци низ светот што се борат за правилната кауза, кои се борат да обезбедат реформи во своите општества и промени на светската сцена, ви благодариме што бевте со нас низ сите четири емисии од серијалот 'Жртвување'."

### *Акција на РАК*

Во врска со овој случај станицата тврдела дека таа емитувала вести и дека имала цел да презентира информации од друг извор за своите гледачи. РАК сметала дека задача на уредникот е презентирање вести од домашната или од меѓународната политичка сцена на фер и балансиран начин. Меѓутоа, видеоспотот не бил вест ниту претставувал друг извор, туку бил симболичен опис на несреќните настани во Палестина и во Израел, кој индиректно праќал јасна порака на поттикнување. Предметната емисија можела да разбуди емоции кај многу луѓе истовремено и станицата имала одговорност да обезбеди сите емисии да се презентираат со факти и на начин што ја минимизирал можноста од охрабрување на насилство или зајакнување на ставовите на национална омраза. Било утврдено дека станицата не покажала одговорност за содржината на емисијата и дека таа дополнително ги прекршила релевантните одредби што се однесувале на говорот на омраза со коментарите на презентерот, а врз основа на тоа станицата била парично казнета со 3 000 евра.

## Радио Наба, 2005, Говор на омраза

РАК добила информација дека Радио Наба на 30 јануари 2005 година од 20:30 до 23:30 часот емитувало програма со наслов „Инехул Хак". Како што покажале анализите, гостин во програмата бил предавачот, професор Самир Авдиќ, кој зборувал на тема „Однесувањето на неверниците".

Првиот дел од програмата, главно, се состоел од предавањето на Авдиќ за однесувањето на Муслиманите во однос на религиозните празници на другите религии. Вториот дел бил интерактивен и вклучил прашања од гледачите. Во некои делови од предавањето биле споменати припадници на други религии во следниов контекст:

> „...Драги мои браќа, постои едно правило, еврејската рака е зад секое зло во светот. Не постои проблем, особено кога станува збор за моралот, кој не го направиле Евреите. Дури и христијаните не се толку неморални и тоа јасно можете да го видите. Христијаните не се толку неморални ниту, пак, беа навлезени во развратност, корупција, измами, проституција, хомосексуалност и дрога во толкава мера сè додека Евреите не почнаа да прават политика за нив, додека Евреите не дојдоа и не ги научија како да го прават тоа. Поради Евреите таа е извртена, врз основа на нивното знаење. Тие ја знаат вистината, ја знаеја вистината, знаат дека пророкот Мухамед е Господов пратеник, но не сакаа да го прифатат тоа и се оттргнаа со јасни инструкции. За разлика од христијаните што, исто така, направија грешка, но тие заминаа бидејќи беа неупатени. Поради

ова христијаните многу полесно ќе ја прифатат вистината од Евреите. Иако не постои разлика кога се во прашање неверниците, ќафирите... Поради тоа, Муслиманите, особено ние Муслиманите што живееме во овој регион, мора да ги разбереме законите на Алах, особено во однос на овие прашања за да може да избегнеме да бидеме во друштво со некои, да јадеме, да пиеме, да вртиме на ражен вакво или онакво животно и да очекуваме да ја преживееме годината, што се случи пред дванаесет години, кога некои Муслимани и самите беа ставени на ражен ...“

### *Акција на РАК*

Во овој случај РАК оценила дека толкувањето на верската книга што било искористено во оваа емисија портретирало неразделна негација на духовното значење на другите, главно на еврејскиот народ. Отвореното и јавно дискредитирање на одредени национални вредности на ваков начин можело да доведе до присуство на верски антагонизам во овој регион. РАК утврдила дека Радио Наба како станица што, главно, емитува верска програма и чија целесообразност се разгледува од аспект на етничката и на националната толеранција, направила сериозни пропусти во оцената на содржината на емисијата, јазикот што се користел за да поттикне национална и верска омраза. Било утврдено дека станицата ги прекршила одредбите за говорот на омраза и била парично казнета во висина од 10 000 евра.

## ТВ ОБН, 2008, Говор на омраза

На 30 август 2008 година ТВ ОБН го емитувала ток-шоуто „Мимоход“ што му било посветено на Фестивалот на хомосексуалците во Сараево и на реакциите по овој настан што резултирале со инциденти и со напади врз учесниците на фестивалот непосредно по емитувањето на емисијата. На 18 септември 2008 година станицата го емитувала и ток-шоуто „Телеринг“, чиј домаќин бил Драган Човиќ, претседател на партијата ХДЗ БиХ – тема на емисијата била „Дали Хрватите треба да бидат национално малцинство?“ Реализацијата на двете емисии во однос на концептот, темите и разговорите со гостите не била спорна. Она што било утврдено како повреда е содржината на СМС-пораките што биле прикажувани на тикерот во текот на емисиите.

Содржината на некои СМС-пораки емитувани во емисијата „Мимоход“ го вклучувала следново:

– Чувајте се, проколнати сте во сите верски книги, тоа е болест, особено за она што сте го правеле за време на Рамазан, тоа е перверзија. Плашете се...

– Ќе биде полошо отколку што беше во Белград. Манијаците[49] се подготвени!

– Вие педери[50], ако решите да учествувате во парадата, само ризикувате да бидете претепани, а, исто така, и лезбијките.

---

49 Име на навивачка група на еден сараевски фудбалски клуб.

50 Пејоративен термин за хомосексуалците, термин од француски јазик што се користи и во БиХ.

– Тоа е болест, тие треба да се лекуваат. Ова е религиозна држава и тоа што го правите нема никогаш да помине. Ќе има проблеми, Белград беше предупредување.

– Ааа, одамна не сум удрил некого, со радост ја чекам вашата парада.

– Манијаците не можат да ја дочекаат парадата! Ве чекаме! Вие сте она што ни е потребно!

– Пратете порака каде ќе се собереме против злото, каде ќе се чекаме, подготвени.

– Фукарите ќе дојдат да им помогнат на Манијаците, Хордите и на Питарите за да ги избркаме педерите[51].

– Обидете се да дојдете, ќе бидете претепани! Камења и стапови по вашите грбови.

– ПЛАШЕТЕ СЕ! Треба само да поминете покрај џамија и да очекувате дека ние мирно ќе ве гледаме. Па, нема да биде така, нема да биде мирно.

– Има многу повеќе верници од вас и од вашите заштитници и ние сме подготвени, подготвени.

– Многумина од оние што се како вас, од Харе Кришна и од Јеховини сведоци, завршија на оддели за итни случаи со ножови во стомак, ќе бидам скромен, ќе ви го посакам тоа.

– Прв тим на ХЗ и ТМ87 заедно против болните педери.

– Бидете сигурни дека оваа манифестација нема да се случи, ќе има проблеми и вие ѓубриња треба да си одите одовде.

– Како не се срамите да го направите Сараево нечисто, не само Сараево туку цела БиХ на Рамазан. Ќе направиме сè за да ја запреме таа Ред Арми Мостар.

– Муслимани, христијани, католици, Евреи, време е да се обединиме и да ги протераме овие имбецили.

– Ќе ја чекам оваа парада во првите редови за да пукам во вас. Многумина ќе бидат повредени.

– Ордите на злото ќе ви судат. Со нетрпение го чекаме овој ден, повеќе од Бајрам! Мимо[52], води сметка син ти да не ти донесе зет дома!

– Ова е наша шанса да се обединиме и да ги исклоцаме сите овие болни луѓе (хомосексуалците). Смрт за педерите!

---

51 Сите се однесуваат на имиња на навивачи на фудбалски клубови во БиХ.

52 Вработен во станицата.

– Ќе има проблеми, ќе има тепање, смрт за перверзните, слобода на луѓето.

– Жители на Сараево, избркајте ги говедата!!! Поздрави од Бања Лука.

– На цела БиХ ѝ е мака од вас, ниеден родител не сака детето да му биде како вас. Запрете го овој срам!

Содржина на некои СМС-пораки емитувани во емисијата „Телеринг“:

– Бошњаците се апсурдна приказна на Алија Изетбеговиќ, вие глупави, вие сите сте потурци – настанати од Хрватите и од Србите.

– Хрватите и Србите треба да си надоместат за сите времиња, ние сме сите христијани, а оние...

– Муслимани, не правете грешка како Милошевиќ во Југославија со крвавото распаѓање!

– Госпоѓо од Сињ, ако можете, земете го Комшиќ и вратете го Фрањо. Поздрави до Хрватите и до Србите.

– Србите се малцинство, а не Хрватите. Поздрави од Томиславград.

– БиХ отсекогаш била српска и хрватска, а вие Муслиманите дојдовте од никаде, одете во Турција и перчете се таму.

– Србите и Хрватите треба да бидат паметни; тие треба да се договорат за заеднички цели и да им остават на Муслиманите „држава со големина на градник“.

– Бошњаците не постојат, нивното потекло е од Србите и од Хрватите и тие би дале сè за да имаат хрватски пасош. Обединете се сите христијани.

– Ако некои се потурци, тогаш вие католиците потекнувате од Туѓман. Ако сакате ваш ентитет, тогаш сакате војна, а Босна ќе живее засекогаш затоа што Бошњаците внимаваат на неа, а не ХВО.

– Само Србите може да ги спасат Хрватите во БиХ од валканата политика на Муслиманите.

– Ако вие, Србите и Хрватите, продолжите да се однесувате така, еден ден ќе исчезнете од Босна, а Белград ќе биде пашалак, Хрватите ќе бидат Цигани во Белград. Селам на Бошњаците.

– Хрватите биле и ќе бидат нација. Чесни и вредни луѓе. За жал, Србите се „прдеж“. Бошњаци.

### *Акција на РАК*

Станицата се обидела да го оправда својот пропуст објаснувајќи дека не очекувала такви пораки да дојдат од гледачите, а тоа покажало дека станицата

не прифаќа одговорност за емисијата, што покажало високо ниво на неусогласеност со релевантните одредби. РАК сметала дека една од најважните функции на медиумите е да ја информираат јавноста, што особено важи за ТВ-станиците поради значењето на пораката што се гледа и поради влијанието на овој медиум. Во овој случај аргументот бил дури и позначаен ако се има предвид дека ТВ ОБН со својот сигнал покрива најголем дел од популацијата на БиХ, а се прима и во многу држави во регионот. Станицата морала да биде свесна дека ако ѝ се дозволи на јавноста да ја преземе одговорноста и ако се дозволат запаливи коментари и пораки на омраза, поттикнување на насилство и дискриминација без никаква контрола, тоа би го отворило патот кон злоупотреба на слободата на изразување и потенцијално би придонело кон создавање на непријателска атмосфера. Со оглед на тоа што СМС-пораките како средство за комуникација се во општа употреба во ТВ-емисиите, со што се овозможува активно учество на гледачите, станицата морала да покаже повисоко ниво на одговорност и чувствителност кон специфичното расположение на јавноста во БиХ во однос на темите што ги покривале предметните емисии. Емитувањето на овие емисии довело до повреда на одредбите за говорот на омраза, а врз основа на тоа на станицата ѝ била изречена парична казна во висина од 15 000 евра.

## ТВ Виком, 2008, Говор на омраза

Во текот на изборната кампања за локалните избори во септември 2008 година ТВ Виком го емитувала музичкиот спот „Радован, српски сине", изведувана од Мишко Цвиетиќ и оркестарот со прекар „Викомице". Изведувачите во спотот биле облечени во бели маички со видливо поставен амблем на Српската радикална странка на Република Српска, чиј претседател и кандидат за локалните избори бил и сопственик и директор на ТВ Виком.

Во текот на спотот станицата вметнала и видеосегмент со директорот на ТВ Виком во друштво на лице што личело на Драган Дабиќ, алијас на Радован Караџиќ, кој кратко време пред емитувањето на програмата бил уапсен во Србија и испорачан на Судот во Хаг. Овие видеоинсерти биле дополнети со аудиоснимки од говорите на Караџиќ од времето на војната.

Спотот почнувал со сцена со лице што личело на Драган Дабиќ, алијас на Радован Караџиќ, со директорот на ТВ Виком, кој, исто така, бил кандидат на локалните избори и со звук од аудиоснимка од говор на Радован Караџиќ: „Дами и господа, драги браќа и сестри..."

Стихови од песната:

> Радован, српски сине,
> зошто слезе од планината?
> Радован, зошто го напушти Пале,
> Романија никогаш не би те предала.
> Радован порачува од Хаг,
> не плашете се, драги мои браќа.
> Радован порачува од Хаг,
> јас сум со вас, драги мои браќа.

Друга вметната сцена со лице што личело на Драган Дабиќ, со директорот на ТВ Виком и аудиоснимка од говор на Радован Караџиќ: „Почитувани гости, пријатели, соседи...“

Стихови од песната:

НАТО дивизијата те бараше,
ти одеше по Теразие.
Рашо оди каде што сака,
од град во град, без паника.
Рашо оди каде што сака,
од град во град, без паника.
Радован, српски сине,
ти си гордост на твојата татковина.
Радован, српски сине,
ти си гордост на твојата татковина.

Уште една вметната сцена со лице што личело на Драган Дабиќ, со директорот на ТВ Виком и аудиоснимка од оригинален говор на Радован Караџиќ: „Да продолжиме да се среќаваме во добри околности, во добри односи, да ги зачуваме нашата земја, нашите граѓани, нашите култури, нашите обичаи...“

Стихови од песната:

О, Срби, кои предадовте многу водачи,
денес го предадовте Рашо, вчера Караѓорѓе.
Ќе биде проколнат од Господ и од крвта,
секој од вас што ќе го предаде и продаде Караџиќ,
ќе биде проколнат од Господ и од крвта
секој што ќе го предаде и продаде Караџиќ.
Ти ги бранеше Србите
од искоренување,
Ти ги бранеше Србите
од искоренување.

Уште една вметната сцена со лице што личело на Драган Дабиќ, со директорот на ТВ Виком и аудиоснимка од оригинален говор на Радован Караџиќ: „Да не им оставиме на нашите наследници помалку од она што нам ни оставиле нашите предци...“

Стихови од песната:

Радован, српски сине,
ги сакаше своите браќа од онаа страна на Дрина.
Благодарејќи на Господ ти ги закрепна
српското единство и поделбата.
Благодарејќи на Господ ти ги закрепна
српското единство и поделбата.
Радован, постави го распетието,
српските патриоти ќе бидат со тебе.
Радован, постави го распетието,
српските патриоти ќе бидат со тебе.

Уште една вметната сцена со лице што личело на Драган Дабиќ, со директорот на ТВ Виком и аудиоснимка од оригинален говор на Радован Караџиќ: „Направивме многу работи за да го препознае светот нашето право да имаме наша сопствена држава. Сега слушаме многумина како многу зборуваат за правото на суверенитет и за правото на обединување. Очекуваме следната година да биде година на дефинитивен успех на српската национална програма, ослободување и обединување на сите српски држави.“

Стихови од песната:

Радован, наш соколе,
светот те мрази, но ти се восхитува.
Рашо, луѓето те слават,
ти си вистински српски херој.
Рашо, луѓето те слават,
ти си вистински српски херој.
Рашо има другар, Шешељ,
тие ќе бидат надвор за една година.
Радован порачува од Хаг,
ќе бидам со вас, драги мои браќа.

### *Акција на РАК*

Во овој случај РАК оценила дека песната емитувана во рамките на програмата на ТВ Виком, особено во комбинација со вметнатите аудиоснимки од говорите на Радован Караџиќ, се сметала за заканувачка и носела непосреден ризик од поттикнување етничка омраза во БиХ. Содржината на музичкиот спот со јасни политички пораки претставувала потенцијал за поттикнување етничка омраза, особено ако се имаат на ум неодамнешната војна во БиХ и фактот дека и во тој момент биле присутни повеќе последици од војната, во контекст на националните емоции интензивирани со апсењето на Радован Караџиќ. Фактот дека содржината била емитувана во текот на изборниот период и очигледно насочена да го поттикне продлабочувањето на националната поделба треба дополнително да се земе предвид. Актерите во спотот „Радован, српски син“ носеле бели маички со амблемот на политичката партија што на изборите ја застапувал директорот на ТВ Виком, додека емисијата била емитувана во текот на изборната кампања кога се применуваат посебни правила во однос на политичката презентација. Честото претставување на симболите на политичката партија во текот на изборната кампања, освен вообичаените сегменти на политичкото рекламирање, се сметало за директна комуникација со граѓаните и политичка промоција на партијата, особено ако се има на ум дека секоја вметната сцена содржела видео со господин Винко Periќ, директор на ТВ Виком, претседател и кандидат на оваа политичка партија за Општина Градишка. Станицата ги прекршила одредбите за говорот на омраза и релевантните изборни правила, а врз основа на тоа ѝ била изречена парична казна во висина од 10 000 евра. Со одлука од релевантно тело, директорот на ТВ Виком, како кандидат на изборите, бил тргнат од листата и бил парично казнет.

## Радио Широки Бријег, 2009, Говор на омраза

Во рамките на мониторингот на РАК на одредени станици во врска со известувањето за безредијата меѓу навивачките клубови на фудбалските тимови „Сараево" и „Широки Бријег" на 4 октомври 2009 година, кои се случиле пред фудбалскиот натпревар закажан за 15:30 часот и кои на крајот завршиле со смрт на млад навивач на клубот од Сараево, РАК барала снимки од програмата на Радиостаницата Широки Бријег емитувана на 4, 5 и на 6 октомври. Анализата на програмата покажала дека на 4 октомври 2009 година од 15:37 часот Радио Широки Бријег започнало со известувања за безредијата на навивачите. До 18 часот репортерите од самото место во живо давале извештаи за тоа што се случувало на улиците на Широки Бријег.

Некои од изјавите дадени во живо вклучувале:

> Драги слушатели, љубители на спортот, ви посакувам добар ден од Пецара, место каде што во овие моменти требаше да почне фудбалскиот натпревар меѓу „Широки Бријег" и „Сараево". Меѓутоа, ова дерби нема да биде запаметено по добро, без оглед како ќе заврши поради тоа што се случи овде пред тринаесет минути и сѐ уште трае. Тоа се безредијата меѓу двата спротивставени клуба на навивачи, а кои ги предизвика навивачкиот клуб „Ордите на злото" од Сараево. Двесте фанови, штом пристигнаа во Пецара, почнаа со безредија и уништуваа сѐ што е пред нив. Полицијата се обиде да им се спротивстави, меѓутоа полицајците и специјалните сили, кои ги немаше во доволен број, не беа во можност навреме да интервенираат и да го запрат тоа што се случи и што сѐ уште се случува затоа што голем број од нив беа концентрирани на друг фудбалски дерби-натпревар што се играше во Мостар. Малкумина можеа да замислат дека ова ќе се случи во Широки Бријег, но бучната банда на навивачите од Сараево, која броеше повеќе од 200 навивачи, уништи сѐ на патот до Пецара. Се обидувам да добијам информации дали натпреварот воопшто ќе се одигра, што е под големо прашање.

> Драги слушатели, уште еднаш Марио Марушиќ известува во живо од Пецара. Повредени глави, скршени прозорци, демолирани возила, повредени полицајци. Во овој момент не е сигурно дали ќе се одигра натпреварот. Солзавец, водени топови, околу 150 навивачи од Сараево направија големо безредие на Пецара. Малкутемина полицајци не беа во можност да ги смират навивачите на Сараево. Тие пристигнаа пред дваесет минути со очигледни намери за уништување, летаа шишиња... Капитенот на сараевскиот тим Алаим се обиде да дојде до навивачите за да ја смири ситуацијата, ако тие воопшто може да се наречат навивачи, но меѓу нив е комплетен хаос... Дали е воопшто можно да се смират навивачите на Сараево?... Мислам дека ќе биде тешко ваквото уништување да се запре без зајакнати полициски сили, ова уништување, ова воинствено однесување што нема ништо заедничко со фудбалската игра... Наоколу летаат шишиња, петарди, солзавец, столчиња, сѐ што може да се искористи за демолирање на имот и за напад врз домашните навивачи и граѓани...

Продолжува драматичната состојба во Пецара, сега тие се движат накај центарот на градот... Навивачите на „Сараево“ се движат кон центарот, хаос, крш... Се плашам дека „Ордите на злото“, мислам дека тоа е вистинско име за нив, ќе продолжат со уништувањето на некои згради во центарот на градот, тие сè уште клоцаат работи и фрлаат камења. Нови судири, мислам дека денес во Пецара работите нема да завршат добро, нови судири и, ако можам да кажам, продолжување на воинствената состојба овде, на улиците на Широки Бријег...

Пред стадионот се слуша звук на сачмарка, се обидуваат да ги избркаат овие арамии, мислам дека можам вака да ги наречам поради нивното однесување. Војната на улиците на Широки Бријег сè уште трае... Војната на улиците на Широки Бријег што ја предизвикаа 150 навивачи на „Сараево“ сè уште трае... Покрај информациите од Пецара, има уште еден проблем, односно оштетен е главниот цевковод, во поголем дел од Широки Бријег нема вода и не се знае до кога ќе трае оваа состојба... Но она што денес го гледаме овде е неверојатно, таква безобѕирност, деструктивен марш, таа желба да се уништи нешто што не е нивно... Кажав, повеќе од 150 гостински навивачи во нивното деструктивно беснеење овде на Пецара. Домашните навивачи одговорија... Сега состојбата изгледа мирна... Безредија и проблеми во Мостар. Се слушаат гласови дека има сериозно повредени, дури и мртви. За среќа, тоа не е случај овде на Пецара, цело време бев овде. Има голема материјална штета, уништени возила, едно полициско возило е запалено, неколку паркирани возила се искршени, многу повредени глави, но сега е мирно и без посериозен исход... За жал, се случи најлошото. Според информациите што ги добив од службата за итна помош, мислам дека се вистинити, еден навивач на „Сараево“ е мртов. На фудбалските терените на БиХ се случи најтешкиот случај. Изгледа дека станува збор за рана од сачмарка. Едно лице од Сараево почина во текот на реанимацијата. Значи, едно лице од Сараево почина во безредијата на Пецара предизвикани од околу 200, така да ги наречеме, навивачи на „Сараево“. Но ова е вистинска трагедија... Денес овде „Ордите на злото“ управуваа со невиден инцидент, нешто што не сме го виделе порано, овие сцени, можам да кажам дека и порано имало безредија од навивачи, но тоа што денес овде го поттикнаа навивачите на „Сараево“, според судирот со полициските сили и со домашните навивачи, ги надминува сите настани, тоа е нешто невидено во Широки Бријег... Значи, крвава недела во Широки Бријег, уништувачки безредија на „Ордите на злото“, невидени сериозни инциденти со тешки, трагични последици... Навивачите на „Сараево“ беа придружувани од полицијата кога го напуштаа Широки Бријег со неколку патнички возила и автобуси, при што кон нив секако се фрлаа предмети, шишиња и камења, но тие беа избркани и верувам дека мирот се вратил... Повторно се наоѓаме на Пецара. Полицијата го истражува местото каде што се случија невидените безредија во Широки Бријег, безредија предизвикани од навивачите на „Сараево“, според процените околу 150 – 200 навивачи, кои дојдоа со автобуси, а веднаш по доаѓањето во Широки Бријег почнаа со уништување, се судрија со полицијата и со домашните навивачи. Крв, хаос, крш, сачмарки, скршени прозорци и возила, солзавец и водени топови, на

улиците на Широки Бријег се случуваше вистинска војна цел еден час, уништување и безобѕирност што тешко може да се опишат. Веќе јавив, едно лице од Сараево беше смртно рането во овие безредија, а беа повредени десетици од двете страни...

## *Акција на РАК*

Во разгледувањето на случајот РАК се фокусирала само на известувањето во живо на репортерот од улиците на Широки Бријег. Изборот на други официјални информации во врска со безредијата на навивачите од Широки Бријег не бил спорен, па затоа тие не биле ни анализирани. Причина за овој фокус бил фактот дека одговорноста на новинарите и на репортерите што објавуваат вести и извештаи во живо, особено кога станува збор за известување од настани што може да вклучат насилство или безредија, е несомнена и има клучна вредност имајќи ја предвид моќта на медиумите да поттикнат емоции кај многу луѓе истовремено. Во вакви ситуации новинарите, репортерите и уредниците имаат одговорност да обезбедат презентирање на информации и на мислења на начин што ќе ја минимизира можноста за охрабрување, директно или индиректно, на експлицитно или на имплицитно поттикнување на насилство. Новинарите и репортерите треба да ги контролираат своите емоции затоа што тоа е неопходно во текот на известувањето од настани што вклучуваат насилство.

Некои од изјавите на репортерот што оделе во живо во текот на безредијата на навивачите можеле да наведат некои од слушателите да заклучат дека навивачите на фудбалскиот клуб од Сараево дошле во Широки Бријег со намера да предизвикаат безредија и насилство, и покрај полициските напори да ги запрат. Разумно е да се очекува дека ваквите изјави може да предизвикаат револт и да ги наведат слушателите да се вклучат во инцидентот затоа што репортерот го претставил инцидентот како напад управуван од клубот на навивачи на „Сараево", кој не бил насочен само кон навивачите на „Широки Бријег" туку, генерално, кон градот Широки Бријег. Во таков контекст содржината на програмата може да се окарактеризира како содржина што потпалува, имено како содржина што можела да поттикне одредени емоции кај слушателите и можела да ги охрабри да дејствуваат со огорченост, предизвикувајќи дополнителни негативни последици. Негативните последици во ситуација како што била оваа може да добијат на интензитет ако медиумското известување не се реализира на одговорен и на чувствителен начин, со соодветна реакција од новинарот или од репортерот на начин што би го минимизирал емотивниот набој. Ова е особено важно ако се има на ум дека во овој трагичен настан било убиено едно лице. Во тој контекст, радиото и ТВ-станиците, особено јавните медиуми, имаат голема одговорност да поддржуваат високи стандарди во новинарството и професионализам во емитувањето. Исто така, треба да се напомене дека никој во студиото не направил напор што би придонел кон смирување на тензиите, да апелира до слушателите и до граѓаните да задржат трезвеност во текот на трагичните настани. Врз основа на горенаведеното било заклучено дека станицата ги прекршила одредбите за говорот на омраза, а врз основа на тоа ѝ била изречена парична казна во висина од 500 евра.

# ХРВАТСКА

Преглед на извадоци од случаи на говор на омраза во Хрватска што биле процесуирани од Агенцијата за електронски медиуми (АЕМ)

## 31 телевизија (31 ТВ), 2016, Говор на омраза

На 19 јануари 2016 година медиумот 31 телевизија Лтд. ја емитувал емисијата „Марков плоштад". Водителот ја завршил емисијата со следниве зборови:

> „Не знаеме дали свештениците од Српската православна црква... Имено, двајца свештеници од Српската православна црква биле прогласени за светци во 2005 година, иако нивните биографии содржат многу елементи на колење... имено, многумина сведочат дека овие четници... едниот се викаше Маца[53], како деминутив од Мацола[54], а другиот се викаше 'свештеник Касап'... дека тие го направиле тоа, тие ги окрвавиле рацете, па, сепак, беа прогласени за светци. Не знаеме дали Српската православна црква ќе продолжи со вакви активности, па би сакал да ги предупредам луѓето од Загреб што се движат околу Цветниот плоштад[55], особено мајките со деца... ве молам, бидете внимателни кога минувате покрај Соборната црква на Преображение Господово[56] за да избегнете некој со нож да излета и да почне крвава четничка гозба."

### *Акција на АЕМ*

Концесијата за давање медиумски услуги на телевизијата му била привремено одземена на овој радиодифузер за период од три дена. Врз основа на презентацијата на доказите и на утврдените факти, Советот за електронски медиуми утврдил дека радиодифузерот го прекршил Законот за електронски медиуми според членот 12 став 2, поттикнувајќи и ширејќи омраза и дискриминација засновани врз религија.

Советот како релевантна дефиниција на говорот на омраза ја зеде онаа што според говорот на омраза се дефинира како изразување што содржи пораки на омраза и нетолеранција кон расни, национални, етнички или религиозни групи или кон нивни припадници. Главната закана за изразување мислења со елементи на говор на омраза е што пораката, која се праќа до граѓаните преку ваквото изразување, има цел да предизвика одредени негативни по-

---

53 Милорад Вујовиќ (1917–1945) познат како „свештеник Маца" бил црногорски свештеник на СПЦ (Српската православна црква), водач на четничките трупи во Втората светска војна. Тој е прогласен за светец од Синодот на епископите на Српската православна црква во 2005 година, заедно со Слободан Шиљак (1881–1943), кој, исто така, бил црногорски свештеник во СПЦ.

54 Дрвен чекан.

55 Плоштад во Загреб.

56 Катедрала на Српската православна црква во Загреб.

следици за одредено лице или за група лица во врска со неговите/нивните лични карактеристики или припадност кон одредена група. Последицата на ова изразување може да се манифестира преку создавање презир кон едно лица или група, создавање негативен стереотип против одредено лице или група, поттикнување дискриминација и непријателство, осуда на поединци или на групи, поттикнување чувство на несигурност и страв кај лице или меѓу припадници на група, предизвикување физичка и психолошка болка на одредено лице или припадник на одредена група, претставувајќи закана за одредено лице или група, нанесувајќи и предизвикувајќи насилство кон лице или група, создавајќи чувство меѓу поголем дел од населението дека таквото однесување кон лице/група е општествено пожелно и оправдано, создавајќи чувство меѓу голем број граѓани дека таквото однесување ќе биде толерирано и нема да подлежи на одговорност. Во ваков правен контекст Советот утврдил дека завршната изјава во емисијата „Марков плоштад" на 19 јануари 2016 година од уредникот и водител на емисијата Марко Јурич го исполнила описот на забраната од членот 12 став 2 од Законот за електронски медиуми, со поттикнување и ширење омраза и дискриминација врз основа на вероисповед против свештенството и припадниците на Српската православна црква. Исто така, Советот одлучил да ги достави списите од предметот до надлежното државно обвинителство за натамошно постапување. Последователно, 31 телевизија поднела тужба против одлуката на Советот и во моментов овој случај е во тек во соодветниот Управен суд во Загреб.

## Глас Подравине Лтд./Радио Глас Подравине, 2014, Говор на омраза

Во текот на контролата на снимките од емисијата „Културна исповедалница", емитувана на 10 април 2014 година, било забележано ширење и поттикнување омраза и дискриминација. Како дел од емисијата, во текот на музичката пауза во етерот била пуштена песна за воените настани во текот на деведесеттите години од минатиот век. Во песната Србите се нарекувале „лоши и пакосни луѓе", „бесни кучиња", „лути браќа што бројат куршуми", „бандити".

> На исток сè е скапано, луѓето се скапани и зли, Дунав залудно тече мирно кога луди кучиња се на другата страна.
>
> Деведесеттите години поминаа полни со крв, војна, зло, повреди од рани, горчливи рани на Хрватска.
>
> О, Хрватска, моја таго, каде е сега источниот брат, нема повеќе братска хармонија, таа ја донесе лудата војна.
>
> О, Хрватска, моја таго, Хрватите ги зацелуваат твоите рани, на исток сè е скапано, а Дунав залудно тече мирно.
>
> На исток сè е исто, лутите браќа ги бројат своите куршуми, Дунав залудно тече мирно кога бандитите се на другата страна.
>
> Нашата историја на мир знае... Усташите го бранат својот хрватски дом.

> Нема простување за гревовите и нема заборав за сите мртви што паднаа за да може Хрватска да спие во мир.
>
> Браќата усташи Хрвати во одбрана на нивниот дом, се дигнаа да го бранат својот хрватски дом ...

### *Акција на АЕМ*

Било утврдено дека емитуваниот материјал е во спротивност со одредбите од членот 12 став 2 од Законот за електронски медиуми. Советот за електронски медиуми издал предупредување до медиумот поради емитувањето на оваа песна и го известил дека во иднина треба да ѝ посвети повеќе внимание на усогласеноста со професионалните стандарди и со одредбите од Законот за електронски медиуми.

## Dnevno.hr, интернет-портал, 2015, Говор на омраза

Врз основа на жалби од читателите била извршена анализа на статијата „Напред Хрватска – во нов хаос!“, објавена на интернет-порталот Dnevno.hr на 7 октомври 2015 година. Коментарите, меѓу другото, ги содржеле и следниве изјави:

> „И зошто меѓу луѓето од Африка и од Блиски Исток речиси нема добитници на Нобелова награда, нема астрофизичари и светски признати хемичари?“
>
> „Постои непишано правило за секој бел жител на Америка дека е паметно дома да има полуавтоматска пушка берета (Beretta-Xtrme2), а пожелно е белата Германка, кога трча доцна во ноќта во берлинскиот Кројцберг, во возилото да има оружје.“
>
> „За агитаторите за трансродови лица, либералите и антифашистите, одговорноста за сите страдања на земјата и за болката на Африканците и на Азијците е во белите луѓе, кои се добро познати и во економско-политичката средина. Тие не сакаат да слушнат ниту збор за наследството, за биолошкото наследство и за гените што имаат важна улога во политичкото или во криминалното однесување на секое лице. Конечно, причината за тоа зошто Хрватска е во тешка состојба првенствено треба да се бара во негативната биолошка селекција што е резултат на убивање на најинтелигентниот слој на хрватската популација по Блајбург – и насилното наметнување на криминални комунистички хромозоми.“
>
> „Затоа што дури и обичен човек без многу образование знае дека човековиот карактер и интелигенцијата не може да се научат – тие може само да се наследат.“

### Акција на АЕМ

Текстот имал намера да ги претстави имигрантите и бегалците од Азија и од Африка како закана за севкупната безбедност на Хрватска и на остатокот од

Европа. Авторот на текстот презентирал непотврдени, неточни и паушални информации без какви било изјави за потеклото и/или истрагата што ја употребил како извор. Текстот бил навредлив, тој пропагирал супериорност на белата раса преку низа навреди против припадниците на други раси, промовирал анимозитет кон нив и ги дискриминирал врз основа на расата и на етничката припадност. Исто така, текстот индиректно имплицирал дискриминација заснована врз политички убедувања преку низа погрдни имиња. Советот на АЕМ издал предупредување до провајдерот на оваа електронска публикација поради повреда на членот 12 став 2 од Законот за електронски медиуми.

## – Dnevno.hr, интернет-портал, 2015, Говор на омраза

Статијата „Таен план на 'Евреите' што владеат со светот: Војната во Украина го оспорува 'племето на ѓаволот'", која била објавена на порталот Dnevno.hr на 18 февруари 2015 година, содржела низа навреди за Евреите, а со своето пишување авторот на текстот поттикнал и ширел омраза кон нив. Евреите биле наречени „раса на вродени психопатски пагански свештеници" што „се на највисоките позиции во банкарството, трговијата, дрогата, сатанизмот, педофилијата, масовните убиства и злосторствата против човештвото" и тие биле обвинети за крвавиот конфликт во Украина и за страдањата на христијаните. „Како што е наведено во извештајот, еврејските пари и воена опрема кружат во Украина, додека украинските христијани (што не се Евреи) се убиваат и се истребуваат, а нивниот имот им се дава на еврејските олигарси. Сѐ друго е театарска игра за несвесните маси", се вели во статијата.

### *Акција на АЕМ*

Советот издал предупредување до провајдерот на оваа електронска публикација поради повреда на членот 12 став 2 од Законот за електронски медиуми.

## Dnevno.hr, интернет-портал, 2014, Говор на омраза

Електронската публикација Dnevno.hr објавила статија со наслов „Вуковарците ги повикуваат Хрватите на бојкот на српските производи! Еве го пописот на продавници во кои нема да купувате додека 'кирилицата не излезе од Вуковар'!" Заедно со текстот бил објавен и список на „српски" продавници што треба да се бојкотираат одредено време. Подоцна списокот бил отстранет.

### *Акција на АЕМ*

Советот за електронски медиуми заклучил дека провајдерот на оваа електронска публикација овозможил поттикнување и ширење омраза и дискриминација врз основа на националност. Медиумот бил казнет со предупредување.

## Независна телевизија, 2013, Говор на омраза

Во ТВ-емисијата, чиј водител бил Велимир Бујанец, што била иницирана од двојното убиство што се случило во Војишница, постоело поттикнување и ширење омраза или дискриминација засновани врз националност. Еден од соговорниците во емисијата го кажал следново: „Клучните месеци кога се случија инцидентите се јули и август, кога овие српски, ако ми дозволите, копилиња доаѓаат во огромен број... Јас ги нарекувам летни четници". Оваа

изјава се сметала за говор на омраза против српското национално малцинство, а водителот не се оградил од оваа изјава.

### *Акција на АЕМ*

Советот за електронски медиуми му издал предупредување на медиумот.

## Хрватска радио-телевизија, Дневник 3, 2013, Говор на омраза

Во своето појавување како гостин во Дневник 3 на каналот ХРТ1 на 16 март 2013 година пратеничката во Собранието, Ружа Томашич, изнела гледишта што го навредувале човековото достоинство и поттикнала омраза кон лидерите и кон припадниците на националните малцинства. ХРТ не се оградила или дистанцирала од овие изјави на нетолеранција. Кога водителот на вестите ѝ побарал да ја објасни својата изјава што еден ден порано ја дала на политичкиот собир во Слатина, за која господин Милорад Пуповац (Самостојна демократска српска партија/СДСС) кажал дека треба да се разгледа од релевантна парламентарна комисија, а која гласела: „Мислам дека ова е Хрватска и сите други се гости во оваа земја. Ако не им се допаѓа тоа, тие треба да ја напуштат, но барем треба да ја почитуваат", госпоѓа Томашевиќ одговорила: „Господин Пуповац има храброст да поставува такво прашање кога го има Станимировиќ, кој беше со четниците[57], кој покажуваше со прст кон оние што треба да се носат во Овчара[58], кој кажуваше дека Вуковар е света српска земја и дека последното усташко[59] упориште, конечно, паднало кога паднала болницата во Вуковар, значи тој има храброст да постави такво прашање (!)."

### *Акција на АЕМ*

Советот за електронски медиуми му издал предупредување на провајдерот за оваа електронска публикација поради повреда на членот 12 став 2 од Законот за електронски медиуми.

## Регионална радиостаница Шибеник, 2013, Навредлив говор

Во централните вести радиостаницата дала извештај од вонредната конференција за печат на регионалната канцеларија на ХДЗ (политичка партија) за Шибеник и за Книнскиот Регион и на Здружението на воените ветерани по повод изјавата на премиерот Зоран Милановиќ во која тој кажал дека во Хрватска се случила граѓанска војна. Во овој извештај станицата емиту-

---

57 Четници – припадници на српска паравоена организација со високо националистички и шовинистички цели за голема Србија, односно создавање српска држава што би ги инкорпорирала сите региони од традиционално значење за Србите, вклучувајќи ги и регионите надвор од Србија што се населени со Срби.

58 Овчара е име на фарма југоисточно од градот Вуковар каде што хрватски воени затвореници и цивили биле убиени од српските паравоени четници и од Југословенската народна армија (ЈНА) на 20 ноември 1991 година во текот на хрватската војна за независност.

59 Усташите биле припадници на хрватската фашистичка, ултранационалистичка и шовинистичка организација мотивирана од желба за создавање етнички чиста држава што резултирало со масовни протерувања, затворања и убиства на Срби, Евреи, Роми, како и на политички дисиденти во Југославија во текот на Втората светска војна.

вала аудиоснимка со изјавата во која претседателот на ХВИДР[60] за Шибеник и за Книнскиот Регион го нарекол премиерот „мало говедо“, вклучувајќи ја и следнава реченица: „Не е вина на родителите што направиле идиот и будала“. Иако на конференцијата зборувале повеќе говорници, уредниците ја пренеле наведената изјава како една од двете што ги емитувале и притоа не се оградиле од неа. Било оценето дека наведеното претставува навреда на човековото достоинство.

### *Акција на АЕМ*

Советот за електронски медиуми му издал предупредување на медиумот.

60 ХВИДР – Здружение на хрватските воени инвалиди од татковинската војна.

# МАКЕДОНСКО РЕГУЛАТОРНО ТЕЛО

Избор од случаите на говор на омраза и навредлив говор, а кои биле предмет на мониторинг на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуски услуги (АВМУ)

## ТВ Ситeл 3, 2017, Навредлив говор

АВМУ, на 13 февруари 2017 година, спроведе вонреден програмски надзор по службена должност на емисијата „Јади бурек", што сателитската ТВ Сител 3 од Скопје ја емитуваше на 20 јануари 2017 година. Емисијата беше посветена на инаугурацијата на новоизбраниот претседател на САД, Доналд Трамп, а жанровски беше хибрид што содржеше и пренос во живо од инаугурацијата (преку интернет), разговори и коментари од студиото од страна на водителот Јанко Илковски и неговите гости Цветин Чилиманов и Борис Дамовски, содржеше интервју со Џејсон Мико реализирано преку Скајп и телефонски разговори со гледачи и други аудиовизуелни содржини.

Информации за содржината:

> Доналд Трамп беше наречен „бед мадер факер", а потоа е „сељо". Кога се појави Хилари Клинтон, водителот коментираше – „таа побегна во шуми да се крие, ...види како шизофрено го менува изгледот", па потоа симулираше говор на Бил Клинтон – „те клецав, ја клецав, ја ташкав, и тебе... ти после кај мене у офис, алал му вера, сите ги згрбави, тебе не сум те, здраво-живо, добар си – добар сум, таа внуката твоја, а тебе бабо не, тебе не би те, тоа бабоебац не... бегај мори дебело!"... Тифани Трамп, помладата ќерка на Доналд Трамп, (од гостинот Чилиманов) беше наречена „плејбојка", а поранешниот американски потпретседател Дик Чејни беше опишан како „човек на кој му било четврто-петто срце инсталирано во него" и „робокап". За конгресмените, водителот коментираше: „... која геријатрија е ова?" Меланија Трамп беше наречена „МИЛФ-ерица"[61]. Во врска со Мишел и Барак Обама водителот, обраќајќи му се на гостинот Чилиманов, рече: „Дали конечно ќе признаат дека се во геј-брак? Дека Мишел е мушко? Нека моча стоечки, зошто да се крие!", а понатаму ја именуваше како „Мајкал" и „можна идна кандидатка за сераторка, овај сенаторка". За Вашингтон се коментираше дека е град со 60 % Афроамериканци, но дека во преносот нема ниту шестмина, на што гостинот Борис Дамовски искоментира: „Зафатени се, кршат излози, има гага роба". Имаше коментар од типот: „Камерманот брка Црнци да фати во публика, тоа му е најтешка задача". Имаше коментари и за македонскиот претседател Ѓорге Иванов – „Џрк, ги остави тие од Бранко Црвенковски, сороспии таму да му работат". Водителот Илковски реагираше на присуството на мажи во кадарот: „А, бе педер ли е режисерот?" Откако во еден момент беше прикажана Меланија Трамп рече: „Брадавицата ми е... капут да закачиш, се возбудив јас". Некои од изјавите на водителот

61 Кратенка за "Mother I'd Like to Fuck".

> е тешко да се категоризираат и контекстуализираат. На пример, во еден момент става црвена капа на која пишува Трамп, а на прашањето од гостинот каде ја купил вели: „дадено ми е на заем со пиштол у глава, поздрав до Антонио, многу му благодарам“... Освен ова имаше и коментари од типот: „Се обедини шлајмот на Светот против (Трамп, н. з.)!“

Во текот на емисијата водителот и гостите реферираа на користење алкохол (виски и вотка), водителот дури ја повика и целата екипа од реализацијата да им се придружи, понатаму се реферира на виткање џоинт, а водителот држи пура во раката. Цитати: „.... коа сум имал ја два камермана бе? Што ти праи виски бе брат! Донесите чаши, озбилно! (кон екипата во студиото, н. з.). А бе, мора за Трамп, не зае... ае, ае, мора за Трамп! По малце ви даам, не можам многу оти многу гости иам. За вотка малце поише ќе ви даам! Тоа ви е од Путин!“ При пренесувањето на коментарите од интернет, во повеќе наврати се појавува симболот свастика, односно кукест крст, препознатлив како симбол на Третиот рајх и фашизмот.

### *Акција на АВМУ*

Однесувањето и комуникацијата меѓу водителот и гостите беа крајно непримерни и несоодветни за јавна комуникација емитувана преку телевизија. Емисијата изобилуваше со вулгарности, непристојни коментари, недолични описи, јавно изложување на подбив, погрдна експресивна лексика и со навреди што се однесуваа на расна, национална, полова припадност и возраст. Притоа беше констатирано дека во неа нема говор на омраза, но има прекршување на програмските начела што се однесуваат на негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштитата на приватноста и достоинството на личноста; еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот; поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло; и поттикнување на меѓународно разбирање и соработка, чувство на јавноста за правичност и за одбрана на демократските слободи. Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) нема казнена одредба за прекршување на начелата што се предмет на саморегулација, поради што АВМУ писмено ја извести ТВ Сител 3 за прекршувањето, а Извештајот од надзорот го објави на својата веб-страница[62].

## ТВ Сител, 2016, Говор на омраза

На 30 декември 2016 година АВМУ реализираше вонреден надзор по службена должност врз изданијата на „Дневникот“ на ТВ Сител во 19 и во 23 часот, емитувани на 2, 3, 4 и 5 декември 2016 година, односно во текот на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори што се одржаа на 11 декември.

Информации за содржината:

> Во осум последователни изданија на дневно-информативната емисија „Дневник“, беше емитувана серија од четири прилози (продолженија) на

62 Целосниот Писмен извештај за извршен програмски надзор е достапен на: http://www.avmu.mk/images/Sitel_3-progrmski_nadzor_13.02.2017.pdf

тема „Двојазичноста има цена", означени како уреднички коментари. Во нив се тврдеше дека – доколку во земјата се прошири двојазичноста, тоа ќе значи задолжителна употреба на албанскиот јазик во јавниот и јавно-приватниот сектор и во местата каде што не живеат Албанци поради што – луѓе што се веќе вработени ќе добијат откази, а на нивни места ќе се вработат Албанци што ќе бидат доселувани од македонскиот северозападен дел[63]. Притоа беа набројувани загрозени групи граѓани според повеќе основи: по етничка припадност („Македонци, Турци, Власи, Бошњаци, Срби, Роми"), по градови и општини („Берово, Кочани, Штип, Радовиш, Струмица, Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Прилеп, Битола, Велес или Охрид, ... скопските општини Кисела Вода, Аеродром, Центар, Ѓорче Петров или Карпош"), по занимања/професии („полицијата и војската", „државната администрација, институциите од здравството, образованието, таксистите, приватните школи, факултетите, како и аптеките", „секој шалтерски службеник, полицаец, пожарникар, наставник, учител, лекар, поштар или таксист ќе мора да знае албански, да го зборува со секоја странка што ќе избере да комуницира со него на албански јазик"), по возраст („возрасни со над 50 години кои реално нема да можат да го научат албанскиот јазик", „повозрасните од 40 години не би успеале навремено да го научат албанскиот што би значело отказ и губење работа на најмалку 30 000 сега вработени во државниот и приватниот јавен сектор", „бидејќи во здравството искуството на сестрите и лекарите е нивна најголема предност, искусните лекари и медицински сестри најтешко ќе научат албански, по што ќе мора да ја загубат својата работа и да ја препуштат некому без знаење и искуство, само затоа што некој друг подобро говори албански јазик. Најмалку 1 000 искусни лекари и околу 10 000 медицински персонал ќе се соочат со откази").

За да се предизвика страв, од ден на ден беа емитувани формулации како што е следнава: „Двојазичноста е проблем кој ќе го урне македонскиот карактер на македонската држава, ќе воведе амбиент и правила слични на Косово пред осамостојувањето, што е доволна причина Македонците да се загрижат и да ја земат судбината во свои раце. Ако двојазичноста стане законска обврска, како што планира Заев, анализите покажуваат трошок од над 50 милиони евра во јавниот сектор и отказ за најмалку 30 000 вработени кои од најразлични причини нема да успеат да го говорат албанскиот јазик. Дополнително, во општините каде не се говори албанскиот јазик ќе се доселат околу 70 000 Албанци со што ќе се смени етничката карта", тоа пак „ќе се одрази на безбедноста, ќе создава отпор и фрустрации кај локалното население со јасна можност за постојани етнички тензии и конфликти".

Во последниот прилог од низата се тврди дека „со барање кантонизација и двојазичност на целата територија на Македонија, пет партии на наредните избори ги застапуваат и се борат за етничките права на Албанците

63 Прашањата за опсегот на употребата на албанскиот јазик на територијата на македонската држава и за тоа дали се подготвува федерализација/кантонизација на државата беа најгорливите теми на Предвремените парламентарни избори од 11 декември 2016, особено меѓу најголемите коалиции – едната предводена од владејачката ВМРО ДПМНЕ, а другата предводена од опозициската СДСМ.

– ДУИ, ДПА, Беса, Алијансата на Зијадин Села и Социјалдемократскиот сојуз. На македонската страна остана само ВМРО ДПМНЕ од каде и понатаму стојат на ставот дека ниту поддржуваат промена на Уставот, ниту ќе дозволат двојазичност на целата територија, а особено не кантонизација, како што Заев ја нарекува федерализацијата на Македонија". Се вели дека станува збор за „територијална поделба која според искуствата во регионот и Европа наскоро би довела до војна и отцепување на албанските кантони од Македонија и нивно припојување кон Косово".

Како зајакнувачи на пораките беа користени текстови испишани на телопи; во последниот прилог беше искористен и графички приказ (каков што обично се користи во документарни филмови за да се прикаже движењето на големи групи луѓе) со карта на македонската територија на која со стрелки беше прикажано од каде Албанците би се преселувале и каде би се доселиле. Како дополнителни засилувачи на контекстот беа користени и други прилози во кои пораките ги пренесуваа личности претставени како „глас на авторитетот" (градоначалници од редовите на ВМРО ДПМНЕ, политичар од партија – членка на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, доктор, поранешен началник во МВР).

### *Акција на АВМУ*

Агенцијата спроведе анализа за да утврди дали во овој случај се исполнува трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права во Стразбур (ЕСЧП), односно: дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон, дали има легитимна цел и дали е неопходно во демократско општество?[64]

Што се однесува до првиот предуслов – дојде до заклучок дека двете основи по кои се шири дискриминација се пропишани со закон како забранети.

Серијата прилози беше емитувана во последната седмица од изборната кампања за Предвремените парламентарни избори 2016 и беше означена како уреднички коментар. За овие избори важеше одредба од Изборниот законик според која – ниту медиум ниту новинар не може да биде санкциониран за изразување мислење, кое пак мора да биде издвоено од веста. Ваквата одредба значеше дека од радиодифузерите се очекуваше да прават јасна дистинкција меѓу коментарот, како претежно аналитички новинарски жанр во кој се изнесува мислењето, и другите новинарски жанрови како вестите, извештаите, интервјуата, репортажите итн. Во контекст на оваа одредба, Агенцијата беше на ставот дека таа претставува гаранција на слободата на изразување, но не смее да се сфати како заштита за употребата на говор на омраза, објавувањето неточни и невистинити информации, навреди, лаги и клевети, или за непочитување на професионалните новинарски принципи и стандарди. Прилозите за кои станува збор беа означени како уреднички коментари, меѓутоа не ги почитуваат професионалните новинарски стандарди

---

64 Од судската пракса на ЕСЧП, релевантни се случаите Сулас и други против Франција (од 10 јули 2008 година) достапен на: http://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001–87370%22]}, Фере против Белгија (16 јули 2009 година) достапен на: http://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001–93626%22]}и Сурек против Турција (8 јули 1999) достапен на: http://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22dmdocnumber%22:[%22696156%22],%22itemid%22:[%22001–58279%22]}.

и претставуваа злоупотреба на жанрот, односно под ознака за коментар се емитуваа пропаганда и дискриминација, и оттаму Агенцијата заклучи дека за нив не може да важи заштитата од Изборниот законик.

За утврдување на другите два услови, содржината на прилозите беше анализирана согласно шест групи прашања сублимирани во Водичот за мониторинг на „говорот на омразата"[65] на АВМУ[66].

Анализата недвосмислено покажа дека ограничувањето на слободата за ваков вид изразување има легитимна цел и е неопходно во демократско општество поради тоа што, како телевизија на државно ниво, ТВ Сител во неколку последователни дневно-информативни емисии емитуваше прилози во кои жанрот коментар беше злоупотребен за да се шири говор на омраза врз основа на националност/етничка припадност. Серијата прилози „Двојазичноста има цена" е пример за тоа дека „'Говорот на омраза' може да биде затскриен во изјави што на прв поглед може да се чинат оти се разумни или нормални"[67], а беа емитувани за време на изборна кампања, со јасна намера да се постигне одредена политичка цел преку употреба на дискриминација, еднострани информации и заплашување. Преку користење тактика на именување на професиите, градовите/општините и етничките заедници што треба да се чувствуваат загрозено и уплашено, публиката беше подложена на убедување, наметнување мислење, манипулирање со информации и заплашување со губење на работните места, се настојуваше кај Македонците, но и кај Турците, Србите, Власите, Ромите и Бошњаците, да се предизвикаат чувства на отфрленост и антагонизам во однос на Албанците, кои беа посочени и како закана за државата бидејќи беа наведени како потенцијални извршители на преселба што ќе го смени македонскиот карактер на државата и ќе доведе до опасност од губење на државата, етнички тензии, конфликти и војна, што повеќекратно ѝ беше наметнато на јавноста како неизбежност.

Со оглед на фактот што во ЗААВМУ не е предвидена казнена мерка за емитување содржини со кои се врши дискриминација и за говор на омраза, Агенцијата писмено ја извести ТВ Сител за прекршувањето, Извештајот од надзорот го објави на својата веб-страница[68], а снимките од емисиите и Писмениот извештај од извршениот програмски надзор ги достави до Комисијата за заштита од дискриминација (надлежна за спроведување на Законот за спречување и заштита од дискриминација) и до Основното јавно обвинителство (Кривичен законик)[69].

---

65 Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Македонија, 2014 година, стр. 24–28, достапен на: http://www.avmu.mk/images/Vodic_za_monitoring_na_govorot_na_omraza.pdf

66 Станува збор за следниве прашања: 1. Кој бил контекстот на изразувањето?; 2. Кое е лицето што е одговорно за изразувањето?; 3. Дали постоела намера за провоцирање на говор на омраза?; 4. Што е содржината на изразувањето?; 5. Кои биле степенот и опсегот на изразувањето?; 6. Која била веројатноста од влијаењето врз публиката и нејзините идни дејства?

67 "Manual on hate speech", Anne Weber, Council of Europe, септември 2009, стр. 5, достапен на: http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/hrpolicy/publications/hate_speech_en.pdf

68 Целосниот Писмен извештај за извршениот програмски надзор е достапен на: http://www.avmu.mk/images/TV_Sitel_vonreden_nadzor_po_sluzbena_dolznost.pdf

69 Во февруари 2017 година Обвинителството ја информира АВМУ дека, според нив, прилозите биле емитувани за да се постигне политичка цел и оттаму сметаат дека нема основа ТВ Сител кривично да се гони. АВМУ испрати допис до Вишото јавно обвинителство во Скопје во кој побара да се изврши надзор врз работата на Основното јавно

## ТВ Сител, 2016, Навредлив говор

АВМУ, врз основа на неколку претставки од партијата Социјалдемократски сојуз на Македонија, на 27 септември 2016 година, реализираше вонреден надзор врз Дневникот во 19 часот, емитуван на ТВ Сител на 28 август. Со анализата беа опфатени повеќе прилози, но овде, поради специфичноста, разработуваме еден, кој жанровски е хибрид од два аналитички жанра – коментар и интервју, а е насловен „Навивачите му порачаа на Зоран Заев да не доаѓа на македонски натпревари". Прилогот се однесува на присуството на Зоран Заев, претседателот на опозициската политичка партија Социјалдемократски сојуз на Македонија, на натпреварот меѓу македонскиот клуб „Шкендија" и белгискиот „Гент", што се играше во Скопје во рамките на Лига на Европа.

Информации за содржината:

> Во најавата за прилогот се тврди: „Не верувам дека постои Македонец, дури ни од СДСМ, дури ни од неговото пошироко семејство, а камо ли од СДСМ, кој ја поддржува неговата појава (на Зоран Заев, н. з.) да биде дел од радикалните навивачи на „Шкендија" кои заговараат Голема Албанија и цело време на своето навивање ја поништуваат Македонија барајќи да биде поделена помеѓу Косово и Албанија";
>
> Во прилогот, меѓу другото, се вели:
>
> „Шкендија на овој натпревар загуби 4:0, но тоа е најмалку важно. Она што најмногу треба да загрижува е: Која држава ја претставува „Шкендија"? Иако клубот испрати соопштение во јавноста со кое потенцираше дека ја претставува Македонија низ Европа, доволно е да се погледнат сликите од натпреварот и ќе се забележи дека се веат знамиња на Албанија, на УЧК и карти на Голема Албанија. Во тоа ги поддржа лидерот на СДСМ Зоран Заев. Сам се пофали на социјалните мрежи. На јавноста, а посебно на навивачките групи, воопшто не им се допадна ова. Дел од групите му порачаа на лидерот на СДСМ дека не е добредојден на ниту еден натпревар на кој тие ќе играат, и му порачаа дека ги имаат Гоце Делчев, Јане Сандански и Даме Груев, а не Џемо Хаса. Со осуда излезе и член на битолските чкембари кој јавно го покани Заев да присуствува на натпревар на „Пелистер", порачувајќи му дека нема да си оди од Тумбе Кафе".
>
> Како визуелна/графичка илустрација, меѓу другото, се користат снимки (веројатно) од твитер-профилот на Зоран Заев (цитат): „Навиваме за

---

обвинителство, со оглед на фактот дека улогата на медиумите за време на изборите не е да остваруваат политичка цел туку да известуваат за кампањите на партиите на балансиран начин. Во мај 2017 год. Комисијата за заштита од дискриминација ја информираше АВМУ дека тие не утврдиле дискриминација бидејќи темата за употребата на јазиците е од јавен интерес, и оттаму легитимна во едно демократско општество. Ставот на Агенцијата е дека јавниот интерес и легитимноста на темата никогаш не беа доведени во прашање зашто ова беше една од најактуелните теми за време на целиот предизборен период, почнувајќи од 2 септември 2016 год. Проблемот беше во начинот на кој овој медиум искористи тема од јавен интерес за да шири пропаганда, страв, дискриминација и говор на омраза, т.е. расправата во Мислењето на Комисијата запира онаму каде што почнува анализата на АВМУ.

#Шкендија и за нов успех на #Македонија“; фотографии од графити против Зоран Заев: „Заев е персона нон грата на Вардар“, „Комити ги имаат Гоце, Јане и Даме! Заев го има Џемо Хаса! Засрами се предавнику!“; фотографија од монтажа на Зоран Заев со албанско кече, со придружен текст – „Balist No. 121 Brigada Xhem Hasa Забрането продавање карти за македонски натпревари на ова лице“.

## *Акција на АВМУ*

Во прилогот се користи манипулативната стратегија на т.н. „атентат врз карактер (личност)“, во таа смисла дека: „напаѓајќи нечиј личен живот, некои податоци од неговата биографија, како и некои негови посебни карактеристики (што чисто пригодно ги нарекуваме – „карактер“), тој што напаѓа се обидува жртвата да ја нападне политички, морално, општествено или психолошки, та по тој начин, во зависност од околностите, да ја измести жртвата (него/неа) од контекст, да го заведе јавното мислење или да постигне некоја друга цел. Таквите напади ќе ги наречеме – атентат врз карактер/личност, односно – промислен напад што може сериозно да наштети врз угледот, карактерот, општествениот статус или врз делата на некоја личност. Мотивацијата за атентат врз карактерот обично е втемелена во желбата на напаѓачот (атентаторот) психолошки да ѝ наштети на жртвата и да ја намали јавната поддршка за неа. Во крајна линија, на тој начин се урнисуваат или се уништуваат можностите за успех на одредена личност. Во други случаи, пак, атентатот врз карактерот се спроведува за да ѝ се наштети на каузата што одредена жртва ја симболизира или ја застапува[70].

Во конкретниот прилог се злоупотребуваат физичкото присуство на Зоран Заев на трибините од фудбалскиот стадион и во поддршката што Заев преку социјалните мрежи им ја дал на фудбалерите на ФК „Шкендија“ („Навиваме за #Шкендија и за нов успех на #Македонија“). И во најавата и во прилогот овие околности/аспекти се поистоветуваат со неприфатливо јавно поведение на дел од навивачка група, чија иконографија сугерира идеологија на етнички сепаратизам. Притоа се отвора опасноста аудиовизуелната целина да се протолкува како тенденција за популистичко, етнички стереотипно поистоветување на спортски ривалитет со – меѓуетнички ривалитет.

Логичката неодржливост и злонамерност на ваквиот вид манипулација со јавното мислење стануваат очевидни ако се поставаат прашањата: Дали осудата за наводна – „поддршка на етнички радикализам“, што му се припишува на лидерот на опозициската партија, важи и за сите други што биле присутни на стадионот? и: Која е, според тие мерила, улогата на етничките Македонци што работат и што се натпреваруваат за ФК „Шкендија“?

Агенцијата констатираше прекршување на начелата што се однесуваат на: негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста; еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената

---

70 Шираев Ерик, есеј – „Атентат врз карактерот: интердисциплинарен приод“, достапен на: https://characterattack.wordpress.com/our-publications/

положба на човекот и граѓанинот; поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло; поттикнување на меѓународно разбирање и соработка, чувство на јавноста за правичност и за одбрана на демократските слободи; и објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување публиката слободно да оформи мислење за одделни настани и прашања. Бидејќи за непочитувањето на начелата ЗААВМУ не предвидува мерка, ТВ Сител беше писмено известена за прекршокот, а Извештајот беше објавен на веб-страницата на АВМУ[71].

## ТВ Канал 5 и ТВ Канал 5 плус, 2016, Говор на омраза

Агенцијата, на 8 март 2016 година, реализираше вонреден мониторинг по службена должност врз изданијата на емисијата „Миленко Неделковски шоу", емитувани на програмата на националната терестријална ТВ Канал 5 на 15, 22, 29 јануари, 5, 12 и 19 февруари 2016 година. Истите емисии, на 20 и 27 јануари, 3, 10 и 17 февруари 2016 година, беа емитувани и на сателитската ТВ Канал 5 Плус.

Информации за содржината:

> Темата беше отворена преку коментарите за дополнителниот заменик-министер за земјоделство Љупчо Николовски, при што Миленко Неделковски, во повеќе наврати, зборуваше за неговата сексуална ориентација. На пример: „Нему ќе му ставам розево вакво (фотографија на Љупчо Николовски закачува со розова игличка, н. з.) затоа што во Крива Паланка тврдат дека се работи за хомосексуалец. Тоа на македонски се вика педер". „Инаку мислам дека не лажам, барем луѓето ме убедуваат дека не лажам, меѓутоа ако тужат, јас ќе се појавам на суд и прво ќе барам експертиза, односно вештачење на (зборот е покриен со високофреквентен звучен сигнал, н. з.) Љупчо Николовски за да утврдиме, ако сум грешка, ќе се извинам, ќе си платам, ако не сум грешка, целата македонска јавност ќе биде известена за тоа каква му е ситуацијата со задникот...".
>
> Коментирајќи ја кампањата со која Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници во декември 2015 година го одбележуваше Меѓународниот ден на човековите права така што на билборди ја објави пораката „...И хомофобите се луѓе", Миленко Неделковски рече: „... немам пари да закупам (билборди, н. з.) меѓутоа би нарекол: „И хомосексуалците се болни луѓе". „Меѓутоа тоа е... и сметам дека треба да има медицинска нега". Освен ова, тој вели: „Имав минатата година две-три емисии со Цветин Чилиманов кајшто се судривме, кајшто тврдам јас дека (зборот е прекриен со високофреквентен звучен сигнал, н. з.) е болест и дека треба да се лечи, дека е болест и ментална и физичка и така некое пореметување. Па не било, било правата нивни загрозени затоа што јас сметам треба да се лечат итн., дека треба тоа со закон да биде ограничено, за да се заштитат па вредностите традиционални на нашата религија православна, на нашиот народ, на нашата црква, и така натаму, на нашето живеење."

---

71 Целосниот Писмен извештај за извршен програмски надзор е достапен на: http://www.avmu.mk/images/Izveshtaj_po_pretstavka_na_SDSM.pdf

Во едно од изданијата има подолг говор во кој вели: „...Значи, овдека на сликава двајца мажи се бацуваат. А, тоа мене ми е непријатно за гледање. Веројатно и на најголемиот број мои гледачи. Меѓутоа, ете се обидувам да прашам, зошто СДСМ и соросоидите и соросоидните портали одеднаш, ама чекај сега па Љупчо Николовски? Па, тоа би требало да биде доблест. Јас го пофалив во мојата емисија, не му реков лошо правиш, (високофреквентен звучен сигнал, н. з.) арно биди си (високофреквентен звучен сигнал, н. з.) баш ти личи и тебе и на позицијата и на партијата и на иднината твоја. Натаму имам јас и други овија фотографии, кои се, овај, ова е да кажеме претседателот на младинската организација на СДСМ на Скопје, инаку овја син на Љубомир Данаилов Фрчковски, Јон се вика детето, кој е полнолетен и како полнолетен има право да избере каков задник да фати (се покажува замаглена фотографија, н. з.). Може да фати женски ако сака, тој не избрал женски".

„Нема потреба Мики[72] мене да ми се јавува и воопшто за ова што сум, имам сознанија од Крива Паланка дека се работи за хомосексуалец, од причина што тоа не е ништо срамно. Европските вредности кои ги гледаме, кои ги промовираат, се дека еднополовите бракови се нормални, посвојувањето на деца од еднополови двојки се исто така нормални. Последните два, а, како се вика, амбасадори на Европската Унија во Македонија се со таков промискуитет, за нас овдека чуден, меѓутоа тоа е нивен избор... Во секој случај значи, Мики Вујиќ нема потреба да ми се јавуе, нема потреба од тужби, ако сакаат нека тужат, бидејќи следејќи ги европските вредности Љупчо Николовски треба да е горд што е хомосексуалец, оти ете напред... понапред е од сите нас."; „Јас мислев дека не го навредив, јас баш се израдував што, ете, човекот е хомосексуалец, така кажуваат барем од Крива Паланка, а тоа е добро, нашите евроатлантски интеграции подразбираат што помалку хомофобии, а што повеќе хомосексуалци, па така ќе ни е полесен патот. Па, еве он го тој пат пробива."; „... бев подложен на една цела кампања дека сум хомофобичен, дека ги мрзам, и што јас знам и така натаму, и така натаму, а јас всушност направив промоција, еве доколку на пример се случи да СДСМ победи на изборите на 24 април, јас предлагам овој (зборот е прекриен со високофреквентен звучен сигнал, н. з.) од Крива Паланка да биде министер за евроинтеграции оти таму најлесно ќе може да се интегрира и вака и со своето тело, а и можеби умствено доколку му додржува умот и да не промовира, бидејќи сега нели, тоа се као вредности, градоначалникот на Берлин кажа дека е хомосексуалец, не знам колку конгресмени, сенатори, Америка, ова-она, сите кажујат све, и сеа тоа една доблест. Јас сум, да кажеме, конзервативен, затуцан, не гледам напред, и така натаму, ама сега добро, тоа сум, јас не можам да се менувам сега, меѓутоа еве овие напредниве..." итн.

## *Акција на АВМУ*

За да се утврди дали во шесте изданија на „Миленко Неделковски шоу" има говор на омраза и дискриминација врз основа на сексуална ориентација, беше

72 Мирослав Вујиќ, адвокат кој, претставувајќи го Љупчо Николовски, барал извинување за емитуваните содржини.

извршена анализа за да се утврди дали е исполнет трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП): ограничувањето да е пропишано со закон, да има легитимна цел и да е неопходно во едно демократско општество?

Сексуалната ориентација не е експлицитно наведена како дискриминаторска основа во ЗААВМУ, меѓутоа, следејќи ги практиката на Европскиот суд за човекови права и постапувањето на македонската Комисија за заштита од дискриминација, беше покажано дека ограничувањето на слободата на изразување поради дискриминација врз основа на сексуална ориентација е пропишано со закон. Имено, беше направена паралела помеѓу, од една страна, ЗААВМУ, Законот за спречување и заштита од дискриминација и „Протоколот за утврдување на постапката за постапување во случаи за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет“[73] на Комисијата за заштита од дискриминација и, од друга страна, примената на членовите 10 и 14 од Европска конвенција за човекови права од страна на ЕСЧП[74].

Со оглед на фактот што емисијата е проект на надворешна продуцентска куќа, важен аспект беше и прашањето на уредничката одговорност на ТВ Канал 5 за емитуваните содржини[75].

Дел од коментарите се однесуваат на тројца функционери – заменик-министер и двајца амбасадори на Европската Унија во македонската држава, затоа беше потребно да се согледа дали коментарите што се однесуваат на нив се во рамките на очекувањето дека треба да прифатат поголеми критики отколку некој друг граѓанин. Во овој контекст, беше земена предвид Декларација за слобода на политичката дебата во медиумите[76]. Притоа беше констатирано дека изјавите на Миленко Неделковски не се одговор на изјави на ниту еден од посочените функционери за чија било сексуална ориентација, ниту пак е тоа релевантно за начинот на кој тие ја извршуваат својата функција.

Во врска со тврдењата дека хомосексуалноста е болест, беше консултирана и македонската судска пракса – конкретно случајот на авторките на учебникот „Педагогија“ за трета година[77].

---

73 Достапен на: https://zaokruzi20.files.wordpress.com/2015/11/protokol-mk.pdf

74 Релевантни случаи од практиката на ЕСЧП се случаите Вејделанд и други против Шведска (од 9 февруари 2012 година) достапен на: http://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22sort%22:[%22docnamesort%20Descending%22],%22languageisocode%22:[%22ENG%22],%22kpthesaurus%22:[%22148%22],%22documentcollectionid2%22:[%22JUDGMENTS%22],%22itemid%22:[%22001–109046%22]} и „Младина“ Д. Д. Љубљана против Словенија (од 17 април 2014 година) достапен на: http://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22sort%22:[%22kpdate%20Descending%22],%22languageisocode%22:[%22ENG%22],%22kpthesaurus%22:[%22148%22],%22documentcollectionid2%22:[%22GRANDCHAMBER%22,%22CHAMBER%22],%22itemid%22:[%22001–142424%22]}.

75 За овој апсект релевантен е случајот Сурек против Турција (8 јули 1999) достапен на: http://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22dmdocnumber%22:[%22696156%22],%22itemid%22:[%22001–58279%22]}

76 Достапна на: http://www.avmu.mk/images/Dec2004PoliticalDebate_mk.pdf

77 Д-р Марија Костова, д-р Анета Баракоска и м-р Ели Маказлиева, против колумнистката Ирена Цветковиќ (од 2011 година) поради колумната „Хомосексуалците не се невротични“, објавена во „Вест“ од 19 јули 2011, и „Извештај за сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници во Македонија“, http://xa.yimg.com/kq/groups/23471982/269959960/name/Analiza+finalna+verzija.pdf

Дел од хомофобните изјави беа сокриени зад навидум нормален и разумен речник со употреба на зборовите: „промоција", „нормално", „напредно", израз на „европските вредности" и слично. Агенцијата сметаше дека тоа не ја намалува нивната дискриминаторска содржина зашто: „'Говорот на омраза' може да биде затскриен во изјави кои на прв поглед може да се чинат оти се разумни или нормални. Сепак, можно е да се издвојат од применливите текстови по ова прашање и од принципите што ги има во преседентното право на Европскиот суд за човекови права или на други тела"[78], кои изјави претставуваат хомофобија и говор на омраза, а кои, иако се навредливи и шокантни, потпаѓаат под правото на слобода на изразување.

Потоа беше потребно да се утврди дали ограничувањето на слободата на изразување има легитимна цел и дали е неопходно во демократско општество. Поради тоа содржината на емисиите „Миленко Неделковски шоу" беше анализирана од аспект на прашањата од упатствата за мониторинг на говорот на омраза од „Водичот за мониторинг на говорот на омразата" на АВМУ (види погоре).

Со мониторингот беше утврдено дека ТВ Канал 5 го прекрши ЗААВМУ со тоа што, како телевизија на државно ниво, донесе уредничка одлука – во неколку последователни, однапред снимени изданија на актуелно-информативната говорна шоу-програма „Миленко Неделковски шоу" – да му овозможи на авторот на емисијата да поттикнува и да шири дискриминација, нетрпеливост и омраза врз основа на сексуална ориентација. Анализата покажа дека сексуалната ориентација како забранета основа за дискриминација е пропишана со закон и дека ограничувањето на слободата за ваков вид изразување има легитимна цел и е неопходно во демократско општество.

Во ЗААВМУ не е предвидена казнена мерка за говор на омраза и дискриминаторски говор поради што Агенцијата писмено ја извести ТВ Канал 5 за прекршувањето, Извештајот го објави на својата веб-страница[79] и снимките од емисиите и Писмениот извештај ги достави до Комисијата за заштита од дискриминација која е надлежна за спроведување на Законот за спречување и заштита од дискриминација[80].

## ТВ Канал 5, 2011, Говор на омраза

Во периодот кога е спроведен овој мониторинг, во сила беше претходниот Закон за радиодифузна дејност, според кој Агенцијата се викаше Совет за радио-

---

78 "Manual on hate speech", Anne Weber, Council of Europe, септември 2009, стр. 5, достапен на: http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/hrpolicy/publications/hate_speech_en.pdf

79 Целосниот *Писмен извештај за извршен програмски надзор* е достапен на: http://www.avmu.mk/images/Izvestaj_KANAL__DOOEL_Skopje.pdf

80 За овој случај имаше преписка меѓу Комисијата и АВМУ. На крај, во март 2017 година, Комисијата ја информира АВМУ дека не може да утврди дискриминација поради технички причини. Имено, Комисијата тврдеше дека АВМУ не навела која е личноста што била дискриминирана и дали таа/тој ја овластила Агенцијата да ја претставува; дека АВМУ не ја прецизирала дискриминаторската основа; дека поминало повеќе од една година, па случајот не може да се процесуира итн. АВМУ сметаше дека Комисијата се обидува да најде изговори за да не расправа за прашањето и испрати писмо до Парламентот (кој ги именува членовите на Комисијата) во кое го информира за постапувањето на Комисијата.

дифузија, постапувањето на регулаторното тело беше поинаку пропишано и во него постоеше казнена мерка за говор на омраза и за дискриминација.

Врз основа на претставка беше направен мониторинг врз емисијата „Миленко Неделковски шоу", емитувана на програмата на ТВ Канал 5 на 18 ноември 2011 година. Повод за ова издание на „Миленко Неделковски шоу" е навршувањето една година (на 25 ноември 2011) од влегувањето на инспекциите во фирмите на „Перо Наков бб", вклучувајќи ја и А1 Телевизија[81]. Реакцијата се однесуваше на „изнесувањето на груби невистини, лаги и клевети, и што е најзагрижувачко, говор на омраза" и на прикажувањето „фотографии од дваесетина новинари од неколку медиуми, кои (водителот Миленко Неделковски, н. з.) ги направи и нарече предавници и хомосексуалци што сериозно задира во нивните основни човекови права и слободи".

Информации за содржината:

> Неделковски тврдеше дека неговата намера е да ги „открие деталите за обидот за оживување на аждерот што од Перо Наков се пресели кон градот, особено кон булеварот Климент Охридски". Од целината на излагањето произлегува дека „аждерот" се СДСМ и „армијата потплатени новинари и пробисвети што не успеаја да го предомислат и измесат народот...". Притоа, Неделковски наведе дека се прави обид местото на поранешните ТВ А1, „Време" и „Шпиц" да го заземат други медиуми со „просдсмовска ориентација" – ТВ 24 Вести, ТВ А2, веб-порталот Плусинфо, дневното издание на неделникот Фокус.
>
> Водителот наброи повеќе од 30 новинари, најголем дел од нив порано вработени во ТВ А1, „Време" и „Шпиц", кои се обиде да ги дискредитира колку што е можно повеќе, го проблематизираше нивното вработување во други медиуми и користеше изрази какви што се: „полутипови, неновинари, платеници и предавници", „кокошки", „доушници", „полициски тастери", „Свињевац од Рибариќи", „хомосексуалци".„... Негов заменик, инаку на Љупчо Цветановски, е новинар, докажан хомосексуалец, кој потекнува од с. Извор, Велешко, кој е воедно и новинар на Фокус и потпретседател на македонскиот синдикатот на новинари. Значи во 24 стапува на сцена комплетна нова пајажина и таму има всушност пајажина со хомосексуални типови. Меѓу другото, не само тие, туку таму се вработуваат и нормални луѓе, меѓутоа тие нормални луѓе не велам дека се хомосексуалци, меѓутоа се дојдени од А1 Телевизија, како што се Богданка Кузевска, Ејдин Хајдерпашиќ, Сеат Ризвановиќ, со надимак Спец..." Неделковски изложи фотографии од новинарите што ги именуваше и по име и по презиме како и фотографии од лидерот на СДСМ Бранко Црвенковски и од Љубомир Данаилов Фрчкоски.

---

81 Оваа ТВ-станица беше затворена, а нејзиниот сопственик Велија Рамковски и повеќе лица беа осудени на казна затвор за перење пари, за злосторничко здружување, затајување данок и за злоупотреба на позицијата. Престанаа да постојат и дневните весници „Време", „Шпиц" и „Коха е ре", исто така во сопственост на Рамковски. Со ова без работа останаа поголем број новинари и други медиумски работници. Имињата на дел од нив се спомнуваа во оваа емисија.

### *Акција на регулаторното тело*

Мониторингот утврди дека водителот и автор на емисијата при етикетирањето и стигматизирањето на своите политички неистомисленици – пред сè една група новинари, покажа отворена нетрпеливост со елементи на говор на омраза и креира непријателска атмосфера. На ТВ Канал 5 ѝ беше изречена времена забрана за рекламирање и телешопинг од два дена поради емитување програма насочена кон поттикнување омраза и нетрпеливост[82].

## МРТ, јавен радиодифузен сервис, 2009, Навредлив говор

Овој мониторинг е спроведен во време кога во сила беше претходниот Закон за радиодифузна дејност, според кој Агенцијата се викаше Совет за радиодифузија, постапувањето на регулаторното тело беше поинаку пропишано и во него постоеше казнена мерка за говор на омраза и за дискриминација.

Регулаторното тело спроведе мониторинг на емисијата „Отворено со народот" со Слободан Томиќ, емитувана на каналот МРТ на Јавниот радиодифузен сервис на 6 декември 2009 година. Тоа беше второ продолжение на емисијата посветено на Јохан Тарчуловски, насловено *„12 години затвор: Јохан Тарчуловски, 'судбина или предавство'?"*, а кое всушност беше целосно посветено на тоа Љубе Бошкоски да биде идентификуван како предавник.

Информации за содржината:

> Како вовед во темата е емитуван редакциски коментар во кој, преку емотивен дискурс, се поставуваат христијанскиот морал, патриотизмот и човечноста како некои од вредностите што се парадигма за исправно однесување и кои човек треба да ги погази за да изврши предавство. Како поткрепа и зајакнувач на значењата се користат сцени со играно дејство кое прикажува борба на комити и Османлии од илинденскиот период; богослужба во храм на МПЦ; снимки од изјавата на Љубе Бошкоски емитувани на Јутјуб; снимки од судењето на Бошкоски и Тарчуловски во Хаг итн.
>
> Во прилогот, сопоставени еден со друг се – Јохан Тарчуловски, како човек со „вредности, поразличен од другите" кој „не ги прифаќа невредностите и неправдите" и Љубе Бошкоски, кој без каква било задршка е етикетиран како предавник на Тарчуловски. Притоа, Бошкоски е ставен во иста група со предавниците на Гоце Делчев, Методија Андоновски-Ченто, Тодор Александров, Ѓорѓи Сугаре, луѓето што го откриле тајниот пат на Беласица кој водел кон грбот на војската на Цар Самоил, нарачателот на убиството на Ѓорче Петров, предавникот на Александар Турунџе. Во „редакцискиот коментар" се наведува дека предавството е „социолошки феномен што се вгнездил во македонскиот супстрат", а дека односот на Љубе Бошкоски кон Јохан Тарчуловски е најновото предавство.

---

82 Извештајот не е објавен зашто обврската на Агенцијата за објавување на извештаите и мерките се засноваат врз Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој стапи во сила на почетокот од 2014 година.

Во текот на емисијата, меѓу другото, се емитува и снимка од изјава на историчарот проф. д-р. Зоран Тодоровски од претходното издание на „Отворено со народот", кој говори за таблицата за казнување и за наградување во ВМРО во првите децении од 20 век. Притоа, тој посочува дека постоеле седум примери во кои казната била смрт – првиот од нив „шпиунирање или кодошење, значи тоа е предавство".

Во текот на дискусијата се врши деконструкција на митот за патриотот „Брат Љубе" при што, освен честата употреба на термините предавство, предавник, кодош и слични, се повторува и синтагмата „Сестра Љубе" со што се користат и родови стереотипи со цел да му се придодаде пејоративно значење.

## *Акција на регулаторното тело*

Јавниот сервис беше опоменат дека го прекршил општиот принцип за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и за овозможување публиката слободно да оформи мислење за одделни настани и прашања, како и обврската на МРТ, заради остварување на јавниот интерес, да го промовира почитувањето на основните човекови права и слободи, демократските вредности и институции, да ја почитува приватноста, достоинството, угледот и честа на човекот. На МРТ ѝ беше посочено дека треба да води сметка да не создава атмосфера на поттикнување омраза што би можела да доведе до загрозување на нечија безбедност, оти има целосна уредничка одговорност за емитуваните содржини и дека треба да биде независна во креирањето на уредувачката политика. Освен тоа, беше нагласено да има предвид дека слободата на новинарскиот коментар не подразбира и негова „ослободеност" од какво било потпирање врз основните новинарски принципи за објективност, за непристрасност и, пред сè, за сослушување на другата страна. Јавноста беше запозната за мерката преку посебно соопштение.

# ЦРНА ГОРА

Преглед на извадоци од случаи на говор на омраза во Црна Гора што биле процесуирани од Агенцијата за електронски медиуми (АЕМ) (2003–2016)

## – ТВ ЕЛМАГ, 2005, Навредлив говор

АЕМ, по службена должност, забележала дека биле прекршени минималните програмски стандарди за работа на електронските медиуми во програмата на ТВ Елмаг, во ТВ– серијалот „Очи в очи“ во текот на првата половина на 2005 година и во емисијата „Предизвик на вистината“ емитувана на 9 јуни 2005 година со следната тема „Војната како средство за доаѓање до големо Косово“.

Спорните моменти во содржината на емисијата „Очи в очи“ вклучуваат:

> Прашање на водителката: „Дали следните генерации Црногорци ќе ги мразат Србите како што го прават тоа Хрватите?“
>
> Одговор: „Владата работи на тоа“.
>
> ТВ-водителката го користи терминот Шиптари[83]и „Титогорци[84]“ .
>
> Прашање на ТВ-водителката: „Дали ова се однесува на пропагандата што се шири во врска со Црна Гора дека Црногорците не сакаат да бидат со Србија?“
>
> Коментар на гостинот: „... Химната на Црна Гора ја напишал усташ[85]“.
>
> Коментар/прашање: „Љујѓурај е Шиптар од Црна Гора што беше именуван за шеф на Мисијата во САД, како дојде до тоа Ѓукановиќ[86] за шеф на Мисијата во Њујорк да именува Шиптар што вели дека неговиот мајчин јазик е албанскиот ... како тој ја претставува Црна Гора.“
>
> Повторени упатувања на Албанците како „Шиптари“.
>
> СМС-титлови – коментари на гледачите што пишувале за тоа како сите Црногорци треба да се протераат од Србија, споменувајќи дека така би имало повеќе станови, работа и храна ако Црногорците повеќе не се таму.
>
> Спорните моменти во содржината на емисијата „Предизвик на вистината“ вклучуваат:
>
> „Тајните шиптарски организации имаа задача да го зајакнат своето работење во текот на 2005 година против Србија, односно против политич-

83 Термин што има пејоративно значење кога се користи од други што не се Албанци.

84 Пејоративен термин за Црногорци што укажува дека тие не постоеле пред владеењето на Тито.

85 Пејоративен термин за Хрвати.

86 Црногорски политичар што ги извршуваше функциите премиер и претседател на Црна Гора.

ките актери во Србија, да создадат поделби меѓу нив и да му помогнат на политичкиот режим на Мило Ѓукановиќ со сецесија на Црна Гора.“

„Терористичките команданти се плашат од интервенции од српските безбедносни сили.“

„Планот за независност на Косово е Владата на Косово да бара од Србија да плати воена отштета од 100 милијарди долари, а Србија нема да може да ја плати, па така тие ќе ја бараат Јужна Србија во замена.“

„Припадниците на Косовскиот заштитен корпус се веќе на обука, во случај Косово да стане независно и српската армија да се ангажира со воена интервенција. Дури и во случај на напад од КФОР[87], тие ќе бидат подготвени да се бранат. Исто така, има планови за праќање воена опрема од западните земји и за пристигнување на ’Светите воини‘ – припадници на Ал-Каеда и исламисти“.

„Државата Албанија и албанската наркомафија го снабдуваат Косовскиот заштитен корпус со воена опрема, лесно оружје и со хаубици.“

„Додека се подготвува за идна војна на територијата на Балканот, Албанската национална армија формираше свое јадро и во Црна Гора со три терористички одреди што може да мобилизираат 600 луѓе.“

Коментар на новинарот на крајот од емисијата: „Движењето за голема Албанија е подготвено да се закани и веќе ѝ се закани на стабилизацијата на Балканот“.

### *Акција на АЕМ*

Со емитувањето на наведената програмска содржина бил нарушен принципот на еднаквост на граѓаните врз основа на верска, национална или етничка припадност. Биле објавени тврдења и оцени за одредени национални малцинства (особено за Албанците), кои биле придружени со квалификации и биле искажани на начин што е навредлив и несоодветен за емитување. Овој начин на јавна комуникација бил класична форма на прекршување на основните морални вредности и принципи преку навредување на одреден број луѓе врз основа на нивната национална припадност. Со користењето на начинот на изразување (нарекувајќи ги Албанците Шиптари и терористи), радиодифузерот не ја зел предвид структурата на слушателите и не го зел предвид особено значајниот факт дека значаен дел од емитуваниот материјал бил несоодветен за емитување затоа што навредувал одредени општествени групи што биле во позиција да ги видат таквите содржини што на крајот можеле да доведат до потпалување на националната омраза. Со емитувањето на споменатите програмски содржини, ТВ Елмаг не водела сметка за законската обврска да прикаже објективност и на балансиран начин да ги прикажува сите културни и етнички заедници со што би го промовирала културниот и етничкиот диверзитет како природен и позитивен елемент во општеството.

---

87 Меѓународна воена мисија на Косово.

При изрекувањето на санкцијата АЕМ зела предвид дека до тој момент против ТВ Елмаг никогаш не биле преземени административни или надзорни мерки и дека санкцијата во вид на предупредување би била сразмерна со природата и со сериозноста на повредата, како и дека може да се очекува предупредувањето да биде доволно телевизијата да не го повтори незаконското однесување во иднина. Предупредувањето било изречено и на телевизијата ѝ било наложено да биде внимателна и да се придржува кон минималните програмски стандарди пропишани за работа на електронските медиуми и да биде особено внимателна во врска со следново:

а. Во емисиите не смее да користи неконвенционален јазик и негативни идеолошки стереотипи (Шиптари, „Титогорци“ итн.);

б. Со емитувањето програмски содржини не смее да ги повредува интересите, заштитени со закон, на лица на кои се однесува информацијата, односно нема да го повредува принципот на еднаквост на сите граѓани, без оглед на културните, верските или етничките разлики;

в. Во јавната комуникација нема да ги повредува основните морални вредности и принципи, правилата на добар вкус и на пристојност и нема да ги навредува чувствата на јавноста.

## ТВ ЕЛМАГ, 2006, Говор на омраза

АЕМ, по службена должност, забележала дека во ТВ-емисијата „Очи в очи...“, што била емитувана на 29 мај 2006 година во 20:00 часот, како и преку СМС-пораките што следувале, била исполнета со негативни конотации за припадноста на одредени национални групи, а тоа било придружено со квалификации и искажано на начин што е навредлив и несоодветен.

Примери на емитуваните СМС-пораки од гледачите во текот на емисијата вклучуваат:

„Гледај, предавникот нека чувствува срам поради неговата/нејзината вера.“

„Мило не може да го изгасне српството и му се молиме на Господ Србите да опстанат.“

„Ова не е Црна Гора, туку херојско гнездо на Србите.“

„О, драги Црногорци, читајте го ’Горски венец[88]‘, ој ти желно српство угасено, сите твои маки ги наджиveaв, најлошата треба да ја борам! Прочитајте го, не срамотете се!“

„Поздрави до Србите во Црна Гора! Ги има повеќе од доволно! Црна Гора и Србија, тие се најдраги браќа. Албанци, ви честитам на државата.“

„Очигледно е кој е мнозинство кај Шиптарите, среќно со вашата држава.“

„И Србија сјае среќно бидејќи е еколошки чиста, Црногорците чекаат на братската рака од Хрватска, а таа може многу лесно да стигне и порано, од соседна Албанија. Крал Никола.“

---

88 „Горски венец“– славно литературно дело на Петар II Петровиќ-Његош.

„Јас сум Булаиќ, нема да ме лишите од моето право да бидам вистински Црногорец, меѓутоа денес јас се срамам од тоа поради овие, не знам како да ги наречам, овие што одгледуваат нешто срамно со Турците, бедни души.“

„Не толку одамна Његош беше прогласен за геноциден писател. Без никаква најава, непосредно пред референдумот, тој беше поништен и беше дозволено да се лобира за тоа“ (*Забелешка на преведувачот: реченицата е неразбирлива на српски јазик, особено нејзиниот крај*).

### *Акција на АЕМ*

Со емитувањето на спорните СМС-пораки биле емитувани информации и мислења што ја истакнувале, во негативна конотација, припадноста на одредени национални групи, а тоа било придружено со квалификации и искажано на начин што е навредлив и несоодветен. Овој начин на јавна комуникација, со присуство на елементи на национална и на верска омраза, претставувал форма на повреда на основните морални вредности и принципи и навреда на голем број граѓани на Црна Гора врз основа на националната и етничката припадност. Со користењето на овој начин на изразување (со емитување на СМС-пораки), телевизијата не водела сметка за фактот дела значителен број емитувани пораки биле несоодветни за емитување бидејќи можеле да поттикнат елементи на национална и на верска омраза. Емитувањето на СМС-пораки со таква содржина „поттикнува на дискриминација, омраза и насилство против лица или групи лица поради нивната припадност или неприпадност на некоја ... вера, нација, етничка група...“

При изрекувањето на паричната казна АЕМ ја зела предвид сериозноста на повредата, како и писмената изјава на телевизијата што гласела дека пропустите не биле направени намерно и дека тие биле последица на неодговорниот став и на непрофесионализмот на поединци, така што во овој случај била изречена парична казна сразмерна на природата и на сериозноста на повредата. При донесувањето на одлуката АЕМ особено зела предвид дека телевизијата претходно покажала одговорен став кон предупредувањата на оваа Агенција да ја усогласи програмата со програмските стандарди дефинирани во релевантното законодавство. Била изречена парична казна во износ од 2 500 евра и бил издаден налог за известување за изречената санкција што требало да се објави во рамките на програмата.

Советот на АЕМ ја одбил жалбата на телевизијата против изречената парична казна. Притоа, Советот на АЕМ го имал предвид фактот дека телевизијата признала дека спорните програмски содржини биле емитувани во текот на „периодот на референдумскиот процес, во услови на поделени политички ставови и мислења и во загреана вербална атмосфера...“. Презентирањето на податоците за изборот на СМС-пораките и апелот да се има разбирање за тешката финансиска ситуација на телевизијата, која ја подобрувала својата состојба со приходот што го добивала со емитување СМС-пораки, го потврдиле отсуството на чувствителност и на одговорност на телевизијата за улогата што еден медиум, особено електронски, може да ја има во такви околности. Не очекувајќи од една телевизија да го занемари планираниот комерцијален аспект на емитувањето на одредени програмски содржини, Советот на АЕМ сметал дека заштитата на човековите права секогаш мора да биде

примарна, односно преку доследна примена на дефинираните минимални програмски стандарди. Телевизијата покажала степен на одговорност во врска со ова многу важно прашање, така што усвоила одлука за структурата и за времето на емитување на програмските содржини и со ангажирање на стручен и професионален персонал што е запознаен и знае како да ги применува програмските стандарди. Според мислењето на Советот на АЕМ, во овој случај повредата настанала поради отсуство на механизам што обезбедува одредена форма на програмска содржина да не се користи на начин што претставува призната повреда на програмските стандарди. Советот на АЕМ забележал дека, без оглед на финансиската состојба или одлука дали одредена содржина ќе биде уредена од компетентно лице или не, прашање на уредничка слобода и на одговорност на секој радиодифузен медиум поединечно е дали ќе емитува или не одредена програмска содржина, а самата уредничка слобода е ограничена од интересите на поединците заштитени со Уставот и со законите. Според тоа, надлежноста на АЕМ не била да арбитрира во однос на прашањето дали е финансиски оправдано да се емитуваат СМС-пораки или во однос на компетентноста на персоналот што ги оценува овие содржини бидејќи тоа би довело до забрането мешање на АЕМ во уредничката политика и непочитување на принципите на независност и самостојност на медиумите. Од друга страна, пак, обврска на регулаторното тело е да ги идентификува и да ги санкционира повредите на програмските стандарди.

## ТВ ЕЛМАГ, 2006, Говор на омраза

АЕМ, по службена должност, забележала дека ТВ-емисијата „Дали ќе се поништи референдумот?", која била емитувана на 22 мај 2006 година во 21:40 часот, заедно со СМС-пораките што следувале, ја нагласиле, со негативна конотација, припадноста на одредени национални групи, а тоа било придружено со квалификации и искажано на начин што е навредлив и несоодветен.

Примери на емитуваните СМС-пораки од гледачите во текот на емисијата вклучуваат:

> „Ако српска Црна Гора мора да биде суверена со гласовите на муслиманите, Шиптарите и на Циганите, мафијата и на жителите на Дукља, тогаш настапиле лоши времиња, плукнавме на Његош."
>
> „Ако не го сакате свети Сава, да даде Господ да не ја славите домашната слава. Ако не го прифаќате владиката Раде, да даде Господ да ја изгубите секоја надеж. Ако не го сакате Караѓорѓе, нека Демаќи биде вашиот лидер, ако го мразите вашиот брат Србин, скријте ги очите зад врата. И ако го издадете вашиот дедо и ја продадете вашата српска вера сега, бидете осрамотени пред Господ, Василие и Острог."
>
> „НЕ за сектата на расчинетиот свештеник Мираш, НЕ за најголемото легло на мафијата, НЕ за дрогата и за продавање на душите, НЕ за убиецот на ЈОВАНОВИЌ Душко, НЕ за неправдата, злонамерноста и пакоста. НЕ за предавството на светот и на минатото, НЕ за играњето со величествената историја, НЕ за граница со братска Србија, НЕ за ова судство и полиција, НЕ за теророт, Не за корупцијата, Не за продажбата на честа..."

„Поздрави до сите Срби. Нека им служи на угледот и на честа на оние поединци што ги продале својот глас, својата вера, нека ги стигне клетвата на цар Лазар."

„Српството не може да биде изгаснато од Турците, дури и да се двојно побројни."

„Дали за нашата српска Црна Гора одлучуваат преобразените во ислам, Албанците и локалните *Бранковиќи*. ЗА СРАМОТА!"

„Среќно со таа (Хрватска) шаховница во Цетиње, Црногорци!"

„Црна Горо, ти си црна, а ќе бидеш дури и поцрна и потажна, продадена за нечија туѓа цел, планирана многу одамна, за голема Албанија. А тогаш браќата Срби нема да бидат тука бидејќи на 21 мај им го сврти грбот."

„Држете ги главите високо, не спуштајте ги пред жителите на Дукља, бидете горди на тоа што сте. Да живее Србија!"

„Срамете се, вие продадени души, Зета е српска, само напред Србине Машан!"

„Имавме голема Србија и Црна Гора и мала омраза меѓу луѓето, сега имаме минијатурна Србија и Црна Гора и голема омраза меѓу луѓето."

„Поздрави до сите Срби, да не дозволиме Албанците да нè газат."

„Почнавте да прославувате пред завршување на гласањето. Сакате да имате држава со сила. Засрамете се крадци! Вие уништувате сè што е свето."

„Не ја давам капата на мојот дедо, мојот чесен дедо. Таа има четири букви на неа, тоа е црногорска капа. Да живеат Србија и Црна Гора, да живеат српските земји!"

„Не дозволувајте Турците да одлучуваат за нас. Цетиње, засрами се за веењето на (хрватската) шаховница!"

„Под полн гас, Европа е цел, со шаховницата во вашите раце, како вечерва во Цетиње, Црногорци".

„За воен пуч учев во училиште пред 30 години, а во иднина моите внуци ќе учат за пучот од минатата ноќ."

„Штета што сме со таква држава, Липка се продаде за вреќа компири."

„Мене ова ми личи на војната во Босна."

„500 години, браќа, се боревме против Турците и тие нè поделија, нè разделија. Прегрнете се со нив браќа Црногорци, јас НЕМА, дури и ако исчезнат моите коски."

„Бока не е Црна Гора, туку херојско гнездо на Србите, поздрави од Игало.“

„Да бидат проклети оние што ја предадоа и продадоа нашата земја, нашите луѓе и го наведоа брат против брат, не давајте ја земјата, зачувајте го мирот.“

„Проклета да е државата добиена на ваков начин, мајко Србијо, дали нè гледаш?“

„Не сфаќам, каде е оваа прослава? Во Загреб или во некогаш славно Цетиње. Гледам повеќе (хрватски) шаховници од овие нови знамиња, црногорски знамиња.“

„Вие, продадени души, што сте ги продале вашите лични карти и сте паднале пред Господ, ги разделивте неразделните браќа и ја поделивте Црна Гора, дали имате совест?“

„Среќно, со Црна Гора ја продадовте црногорската душа, со вашите браќа Цигани, Шиптари и Турци. Денес вие сте Црногорци, утре веќе Албанци.“

„Тие сакаат да ме одвојат од Србија, да ми ги искорнат најмилите од срцето! Тие сакаат да воведат црногорски јазик, така што ќе мора ’Горски венец‘ да го преведувам од српски јазик.“

„Кој не сака да има брат, за брат ќе го има Динош како учител.“

„Мило, нека ти служи на чест што нè спои со Турците и нè поведе против Србите!“

„Остани тука да уживаш на сонцето на нашиот рај со Шиптарите и со Албанците, уживај со вашата шиптарска држава и донеси го Енвер Хоџа за претседател.“

„О срамни Црногорци, зар не чувствувате срам? Вие сте продадени души, вашата совест никогаш нема да биде чиста. Вашите браќа се муслимани, па уживајте сега ..., прашањето е колку долго.“

„Штом ја сменивте верата, ја заменивте Србија. Сбутега е вашата надеж, се помиривте со усташите. Вие воопшто не се срамите од луѓето, историјата нека се чуди на тоа, за 100 евра.“

### *Акција на АЕМ*

Со емитување на спорните СМС-пораки биле пренесени информации и мислења што ја истакнувале, во негативна конотација, припадноста на определени национални групи, а тоа било придружено со квалификации и искажано на начин што е навредлив и несоодветен. Овој начин на јавна комуникација, со присуство на елементи на национална и на верска омраза, претставувал форма на повреда на основните морални вредности и принципи и навреда на голем број граѓани на Црна Гора врз основа на националната и етничката припадност. Со користењето на овој начин на изразување (со емитување на

СМС-пораки), телевизијата не водела сметка за фактот дека значителен број од емитуваните пораки биле несоодветни за емитување бидејќи можеле да поттикнат национална и верска омраза. При изрекувањето на паричната казна, АЕМ ги зела предвид околностите од претходниот случај. Била изречена парична казна во износ од 2 500 евра и бил издаден налог за известување за изречената санкција што требало да се објави во рамките на програмата. Советот на АЕМ ја одбил жалбата на телевизијата против изречената парична казна, давајќи слично објаснување за причините како и во претходниот случај.

## – ТВ АТЛАС, 2010, Говор на омраза

Заштитникот на човековите права и слободи се обратил до АЕМ со барање да добие мислење во однос на обраќањето до заштитникот од невладините организации и претставници на ЛГБТ-заедницата во врска со емисијата „Гламур ноар", емитувана на ТВ Атлас на 11 октомври 2010 година.

> „Гламур ноар" е контактно-забавна емисија на ТВ Атлас што се емитувала во живо во понеделниците меѓу 21 и 22 часот и повторно била емитувана во вторниците меѓу 14 и 15 часот. Било планирано и замислено емисијата да се занимава со теми и појави од популарната култура во „поп-арт" стил: односи маж – жена, популарни трендови во шоу-бизнисот, феномени на поп-културата, контракултура и слично. Форматот и визијата на авторот на емисијата биле прикажани во содржината на емитуваниот ТВ-телоп на почеток на емисијата што се состоел од текст напишан преку целиот екран (и во исто време читан од презентер). Текстот гласел: *„ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Гламур има мала трајна естетски вредности, ако воопшто ја има. Нејзините манифестации немаат уметничка цел. Цел е фантазијата, а не уметноста, а намерата не е да му се откријат некои вистини на гледачот, туку повеќе да се скријат. Гламур обично нема вкус. Оваа емисија е обележана со изложба – таа настојува истовремено да ги привлече луѓето и да ги пренасочи нивните мисли. Наша намера е да измамиме и да ги маѓепсаме со помош на спектакл, со цел да го скриеме вообичаеното и комерцијалното."*
>
> Тема на емисијата: Потрага по одговор на прашањето: „Дали субјектот на постмодерната го растерува товарот на слободата со насилство" – парафразирано од ТВ-водителката. Врз основа на содржината на емисијата можно е да се заклучи дека причина биле тогаш актуелните прашања поврзани со парадата на гордоста одржана еден ден порано во Белград, а суштината на занимавањето со темата била: „Слободите и правата на ЛГБТ-популацијата во Црна Гора".
>
> Гости во студиото: професорка по психологија во гимназијата во Подгорица, претставник на НВО „Јувентас" и студенти од трета година гимназија.
>
> Опис на текот и на содржините на емисијата: сегментот на почетокот на емисијата, сценографијата, осветлувањето, гардеробата на ТВ-водителките, распоредот на седење на гостите – не најавувале пресврт во однос на концептот на оваа емисија од лесни и забавни содржини до сериозна и крајно чувствителна општествена тема што бара авторите да се ангажираат во сериозни подготовки, со одлично познавање на проблема-

тичната област и со целосно чувство за суптилноста и за нијансите во комуникацијата со јавноста. Вкупната видливост – сценографијата во студиото, џингловите со кои биле разделувани интерните програмски блокови и изгледот на ТВ-водителките – ја потврдиле веќе препознатливата ориентација на емисијата кон лесни содржини од области на популарна култура и кон „тековните тенденции во шоу-бизнисот“.

Распоредот на седење на гостите бил невообичаен со оглед на избраната тема и на типот на дебатата. Професорката по психологија, претставникот на НВО „Јувентас“ и ТВ-водителките седеле на тросед и на две фотелји во средина на студиото, а настрана од нив, неприродно одделени, речиси „маскирани“ зад завеси од ленти со бисери, седеле учениците од трета година во гимназијата во Подгорица, кои биле најавени како рамноправни гости.

По опширниот и прилично импровизиран вовед од ТВ-водителките, претставувањето на гостите, кажувањето на темата на емисијата и најавата на планираната програма, била пуштена снимката што минатата година била снимена во Белград, спроти најавената и во последна минута одложената парада на гордоста во главниот град на Србија. Биле снимени изјави на граѓани и на личности од политичкиот и од јавниот живот од Србија и од Црна Гора. Разликите во мислењата биле илустрирани преку презентација на резимираните изјави од професорката по психологија и претставникот на НВО „Јувентас“ што следувале.

Професорката по психологија сметала дека називот „парада на гордоста“ е несоодветен и прашала: „Што е тоа на што се горди овие луѓе и зошто парада кога сексуалноста е интимно прашање на човекот?“ Коментарите вклучиле:

„Пред околу дваесет години хомосексуалноста беше регистрирана во официјалните регистри како нарушување на сексуалното однесување. Ова не значи нарушување на личноста, туку нарушување на еден сегмент од однесувањето – сексуалното однесување.

„Потоа Светската здравствена организација 'одлучи' дека тоа повеќе не претставува нарушување, туку дека е сексуален избор.“

„Знаеме дека хомосексуалното лоби е многу моќно во цел свет, дека тие се влезени во Светската здравствена организација и дека ги вознемирува терминот нарушување...“

„На еден семинар одржан во мај беше презентирано најновото истражување што откри дека хомосексуалците имаат одредена генетска аномалија и дека сега се враќаат назад на поранешната формулација дека тоа е нарушување на сексуалното однесување.“

„Нарушување во сексуалното однесување не значи дека тоа е нарушување на личноста. Хомосексуалците се нормални луѓе, во смисла дека имаат нормална интелигенција, тие се способни да работат, се однесуваат нормално во општествениот контекст и немаат други нарушувања.“

„Тоа нарушување може да се 'третира' и јас знам за примери кога луѓето ја смениле својата ориентација."

„Зборуваме за толеранција на возрасните, а заборааме дека имаме деца и млади... исто така, знаеме дека главните носители на ХИВ-вирусот се хомосексуалците и наркоманите. Ако нешто претставува закана за нас, тогаш не треба да го промовираме јавно."

„Нашиот став кон хомосексуалците е став кон различностите. Треба да се обидеме да разбереме, но не да ги стимулираме и да ги учиме младите да бидат хомосексуалци."

Претставникот на НВО „Јувентас" зазел став дека ова нарушување или девијантно однесување, од една страна, претставува резултат на предрасуди, стереотипи и нетолеранција и делумно е последица на недостиг од сексуално образование во средните училишта...

„Од 1991 година Светската здравствена организација не ја третира хомосексуалноста како болест, а и Црна Гора го усвоила тоа, но како една од опциите, една од сексуалните ориентации."

„Името 'Парада на гордоста' се користи за да се покаже дека тие нема од што да се срамат и дека се еднакво комплетни, еднакво здрави битија како и оние со хетеросексуална ориентација."

„Докажано е дека сексуалната ориентација не може да се смени. Најновите истражувања зборуваат за можните причини зошто некој се раѓа како хомосексуалец и постојат разлики во мислењата. Меѓутоа, официјалниот и конечен став на науката е дека тоа не е болест."

„Ние не ги учиме младите да бидат хомосексуалци, ние ги учиме луѓето да се разберат себеси и другите и да се однесуваат во согласност со нивниот идентитет."

„Хомосексуалноста не загрозува никого и општеството има обврска да им обезбеди целосна еднаквост..."

Во однос на учеството на учениците[89], кога ТВ-водителката ги претставувала, кажала: „Вечер вие ќе учествувате рамноправно со нашите гости, без оглед што вашата професорка е тука со вас. Гледам дека на некој начин таа ве издвоила за да го дадете вашето мислење."

Учениците, објективно зборувајќи, биле под притисок да ги исполнат очекувањата на несомнениот авторитет за нив – професорката, како и на целото опкружување (семејството, средината, врсниците...) – што несомнено можело да има (и најверојатно имало) во одредена мера не-

89 Учениците биле од училиштето во кое предавала професорката (гостинка) и таа учествувала во изборот на учениците што ќе се појават како гости во емисијата.

гативно влијание врз нивното искуство со слободата на јавното изразување на сопственото мислење.

Во најголем дел им бил даден збор кога биле повикани да ги потврдат ставовите на оние што ги повикале да ги искажат своите мислења (тие одговарале на прашања поставени од гостите еден по еден), но не без додавање на патерналистички и заштитнички однос.

Снимените приказни и анкети во најголем дел ѝ послужиле на целта. Тие верно ги отсликале доминантните ориентации во општеството, јазот меѓу генерациите и дилемите со кои се соочуваат луѓето кога размислуваат за теми за кои се расправа со децении, веројатно и со векови, како за ексцентричност и неприродна перверзија, болест и слично. Авторите обезбедиле доволен број илустративни изјави и застапување на различни општествени структури и слоеви, при што можеби било препорачливо да се размисли некои, мора да се признае ретки, навредливи изјави што содржеле говор на омраза да бидат испуштени.

### *Акција на АЕМ*

АЕМ заклучила дека спорната емисија била во согласност со Законот за електронски медиуми, со подзаконските акти за програмските стандарди и со релевантните европски стандарди, во атмосфера на толерантен дијалог, заемно уважување меѓу лица со различни размислувања, која во основа реално ја прикажала општествената реалност за ова контроверзно прашање.

Во малку несоодветна атмосфера за емисија за тековни прашања, при што со воведниот сегмент и од водителите повеќе се ветувала кабаретска забава наместо дебата за многу сложено и чувствително општествено прашање, откако била донесена храбра одлука за префрлање од лесен разговор за настаните во шоу-бизнисот кон дебата што се однесува на сложени општествени проблеми, било неопходно да се направи многу посериозна подготовка за дебатата за која било потребно врвно познавање на темата, многу претпазливост и вештина за да се избегнат ризици кој било во јавната комуникација, вклучувајќи ги и многубројните учесници, дури и без вистинска намера, да се почувствува повреден по која било основа. Со оглед на тоа што ТВ Атлас на својот репертоар имала такви емисии, било логично да остане доследна на жанрот. Меѓутоа, овој избор спаѓа во рамките на нивната уредувачка слобода и претставува легитимен избор.

Можно е да се дадат сериозни забелешки на вкупниот начин на реализација на инаку позитивната идеја во разговорот да се вклучат и ученици од трета година во гимназија. Акцентот бил ставен на следново:

- Не било професионално коректно да се дозволи еден од гостите во студиото, во врска со тема што е предмет на спротивставени гледишта, по свое убедување да избере други гости во таа емисија, кои случајно се претставници на многу значајна целна група, од кои во исто време, повеќе од реално, се очекувало да бидат под влијание на авторитетот на тој гостин при изнесувањето на своите ставови; со други зборови, учесниците од редовите на младата генерација требало да бидат избрани од

самите автори, со што би се обезбедило тие да бидат поштедени од притисоци колку што е можно повеќе. Тоа не било случај во оваа емисија.

– Позициите во студиото, просторот каде што биле седнати учениците и „блесокот“ што ги „одвојувал“ од другите учесници и од ТВ-водителките укажувале на нивната маргинална и донекаде пејоративна позиција и третман (иако е јасно дека тоа не била намера на авторот).

– Начинот на кој учениците биле вклучени во разговорот можел да биде многу посоодветен; учениците одговарале двапати откако биле директно повикани од гостите (професорката и претставникот на НВО), повеќе за да ги потврдат нивните ставови; освен тоа, прашањата биле формулирани на таков начин за да се нагласат мислењата на гостите за нивната сопствена ориентација и искуство наместо да се искажат мислењата на учениците за тој феномен, а тоа не било случај со другите гости.

Иако ова спаѓа во доменот на уредничката слобода, во контекст на острата општествена поларизација во однос на темата на емисијата, телевизијата можела да биде повнимателна при изборот на мислењата на граѓаните во анкетата и веројатно да ги испушти најекстремните гледишта и пораки бидејќи, според мислењето на АЕМ, имало доволен број многу репрезентативни илустрации на јавното мислење и расположение.

Емитуваната програмска содржина била детално анализирана во однос на нејзиното усогласување со правото и со подзаконските акти на АЕМ, како и со Препораката на Советот на Европа бр. R (97) 20 што се однесува на „говорот на омраза“. АЕМ особено зела предвид дека во практика и кога се применуваат одредби од законите од областа на говорот на омраза, неопходно е да се земе предвид улогата на медиумите во пренесувањето на информациите и на идеите што го презентираат, анализираат и го разјаснуваат карактерот на специфични случаи на говорот на омраза и на таа појава целосно, како и правото на јавноста да ги добие таквите информации и идеи. За таа цел треба да се направи јасна разлика меѓу одговорноста на авторот на говорот на омраза, од една страна, и одговорноста на медиумите и на медиумските работници што придонесуваат за неговото ширење како дел на нивната задача да пренесуваат информации и идеи за прашања од јавен интерес, од друга страна. Медиумите и медиумските работници треба да бидат внимателни кога известуваат за говорот на омраза и за нетолеранцијата, бидејќи постои ризик јавноста да ја протолкува нивната работа како знак дека поддржуваат гледишта што заслужуваат осуда. Сепак, тоа е прашање на професионализмот, особено на професионалната етика, со која треба да се справат медиумите и медиумските работници, а не властите. Постапувањето во согласност со професионалните правила и принципи од медиумите не е прашање што треба да го регулираат државните органи, бидејќи тоа би претставувало голема закана за слободата на изразување и за уредничката независност и автономија. Друго прашање е што одредени законски одредби што ја ограничуваат слободата на изразување може да соодветствуваат со одредени правила на однесување кон кои се придржуваат медиумските работници.

АЕМ сметала дека оваа тема, како и голем број други многу важни општествени теми, е недоволно и спорадично обработувана во црногорските медиуми,

како и дека постојат редовно и, по правило, остри реакции кај дел од незадоволната јавност на таканаречените контроверзни теми. Според тоа, постоел реален ризик медиумите да почнат да избегнуваат вакви теми и уште повеќе да се свртат кон комерцијалните и помалку „ризични“ теми. Во тој контекст, изрекувањето благи и рестриктивни мерки или санкции за радиодифузерите, кои не се доволно оправдани или неопходни, би можело да има ефект на обесхрабрување кај нив во справувањето со сложените (или контроверзните) појави или процеси. Конечно, АЕМ заклучила дека е доволно до радиодифузерот ТВ Атлас и до другите електронски медиуми во Црна Гора да се прати препорака да посветат максимално професионално внимание при третирањето на сите аспекти на чувствителните проблематични подрачја што се однесуваат на остварувањето на човековите права и на избегнување на опасноста од промовирање или поттикнување на нетолеранција или омраза (говор).

## ТВ Пинк М, 2011[90], Говор на омраза

На 19 февруари 2011 година АЕМ, по службена должност, започнала скратена постапка за да утврди дали биле прекршени минималните програмски стандарди во текот на емитувањето на „Дневен преглед“ или во текот на директните вклучувања во реалното шоу „Дворец“ на 18 февруари или на 25 февруари 2011 година, во текот на програмата на ТВ Пинк М.

Во текот на анализирањето на снимките од директното вклучување во програмата, емитувани на 18 февруари и на 25 февруари, како и во текот на севкупното емитување на предметната реална програма, учесниците во програмата постојано користеле навреди и вулгарности со што придонеле во промовирање на неконвенционален јазик и начин на говорење.

Во текот на директното вклучување емитувано на 25 февруари 2011 година (околу 4 часот наутро) разговорот меѓу учесниците содржел нивни мислења и ставови што се однесувале на една етничка група (Евреи). Овие изјави можеле да се квалификуваат како мислења што поттикнуваат омраза.

### *Акција на АЕМ*

Со емитувањето на директни вклучувања и со дневни прегледи што содржеле примери на неконвенционален јазик и начин на зборување, како и со случаи на насилство (дури и нивно истакнување) во време кога постоела веројатност да ги слушнат или да ги видат малолетници во вообичаени околности (10:00, 13:00, 15:00 и 20:00 часот), телевизијата ги прекршила одредбите од законот затоа што не ги емитувала во доцните вечерни часови програмите што може да влијаат врз заштитените гледачи (малолетници), со кои се одобрувало, промовирало или се величало насилството и не ги обележала визуелно и звучно како содржини што се несоодветни за малолетници или за семејно гледање.

Предупредувањето било издадено за повреда на забраната да се објавуваат информации и мислења што поттикнуваат дискриминација, омраза или насилство против лица или групи лица поради нивната припадност или неприпадност на одредена раса, вероисповед, нација, етничка група, пол или сексуална ориентација и на правилата за времето на емитување и за обележување на содржините

90 По влегувањето во сила на Законот за електронски медиуми во 2010 година, Агенцијата за електронски медиуми нема право да изрекува парични казни.

што не се соодветни за малолетници во текот на емитувањето на директните вклучувања и на дневните прегледи на реалната програма „Дворец" надвор од периодот за возрасни и без соодветно предупредување за содржините.

При изрекувањето на санкцијата АЕМ зела предвид дека во текот на поранешните емитувања на слични содржини радиодифузерот постапувал во согласност со барањата на АЕМ и ги емитувал ваквите програми, несоодветни за деца и за млади, исклучително во доцните часови (по 23 часот). Во таа смисла била изречена мерка што е сразмерна на природата и на сериозноста на повредата. На радиодифузерот му било наложено да објави известување за изречената санкција, да води сметка за стандардите и за правилата што се однесуваат на времето на емитување и на обележувањето на содржините што се несоодветни за малолетници, а кои може да го загрозат нивниот физички, здравствен, морален, ментален, интелектуален, емоционален и социјален развој, како и да не емитува информации и мислења што може да поттикнат дискриминација, омраза или насилство против лица или групи лица поради нивната припадност или неприпадност на одредена раса, вероисповед, нација, етничка група, пол или сексуална ориентација.

## – РАДИО СВЕТИГОРА, 2011, Говор на омраза

На 30 март 2011 година АЕМ, по службена должност, почнала постапка за да утврди дали се прекршени минималните програмски стандарди во текот на емитувањето на емисијата „Прашајте го свештеникот" на 27 март 2011 година, во текот на радиопрограмата на Радио Светигора.

Во текот на контактната емисија, замислена и реализирана на тој начин што ТВ-водителот му ги поставувал на гостинот во емисијата прашањата пратени од слушателите, меѓу другото, радио-водителот го прашал следново:

> „Оче, еве го следното прашање од наш слушател: Како да се изјасниме за време на идниот попис во случај кога таткото на семејството се декларира како Црногорец, а децата како Срби и притоа да се избегнат расправии во семејството."
>
> На прашањето, меѓу другото, гостинот (во тоа време игумен на манастирот Дајбабе во Подгорица) одговорил: „... Никој не може да благослови такви креации што не се создадени од Господ, дефинитивно црногорската нација не е создадена од Господ, таа е повеќе плод на човековата суета и слабост итн. Генерално, креатор на црногорската нација, всушност, е ѓаволот, во суштина и Црквата не може да го благослови тоа."

### *Акција на АЕМ*

Со емитувањето на спорната содржина радиото овозможило и толерирало употреба на навредливи термини што можеле да се поврзат со одредена општествена група. Притоа, радиото го прекршило стандардот што пропишува дека програмските содржини на електронските медиуми не смее да бидат насочени кон кршење на слободите и правата на човекот и на граѓанинот или кон провоцирање национална, расна и религиозна нетолеранција или омраза, како и дека нивните програми не смее да емитуваат програмски содржини што ја истакнуваат припадноста на некоја етничка група, род или сексуална ориентација како форма на дискриминација против нив. Исто така, со ова бил повреден стандар-

дот дека медиумите се задолжени да избегнуваат употреба на навредливи термини што може да се поврзат со одредена општествена група.

Иако се водело сметка за слободата на изразување и за информирање, подзаконските акти на АЕМ предвидуваат дека емитувањето програмски содржини што содржат навредливи термини е дозволено исклучително ако е дел од научна, авторска или од документарна работа и ако се објавени без намера да поттикнат дискриминација, омраза или насилство и претставуваат дел од објективен новинарски извештај или ако се објавени со намера критички да укажат на дискриминација, насилство или на појави што претставуваат или, може да претставуваат поттикнување на такво однесување. Имајќи предвид дека ова е контактна емисија, јасно е дека во овој случај не било можно да се зборува за некои од условите за изземање од општата забрана. АЕМ особено имала на ум дека изјавата била дадена непосредно пред пописот, чија организација и реализација биле разгледувани во неоправдано изразениот политички контекст. Водителот на емисијата морал да биде свесен за тоа, така што е можно да се зборува за одговорноста на медиумот и за можниот придонес во нарушувањето на односите меѓу застапниците на различни гледишта (поттикнување насилство). Било издадено предупредување и на станицата ѝ било наложено да го објави известувањето за изречената санкција во програмата, да ги земе предвид пропишаните програмски стандарди во текот на идното емитување на радиопрограми, особено:

– Да не поттикнува или шири или да овозможува поттикнување или ширење омраза или дискриминација по која било основа;
– Да не емитува програмски содржини што се насочени кон повреда на гарантираните слободи и права на човекот и на граѓанинот или кон провоцирање национална, расна и верска нетолеранција или омраза, како и кон истакнување на припадноста кон некоја етничка група, пол или сексуална ориентација како форма на дискриминација против нив;
– Да избегнува користење или овозможување или толерирање на употреба на навредливи термини што може да се поврзат со одредена општествена група.

При изрекувањето на санкцијата АЕМ го зела предвид дотогашното работење на радиото, даденото мислење, дека изречената мерка е сразмерна со природата и со сериозноста на повредата, како и дека може да се очекува предупредувањето да биде доволно радиото да не го повтори своето незаконско однесување во иднина. АЕМ особено имала на ум дека радиодифузерот реагирал на соодветен начин и не ги емитувал повторно спорните содржини, иако тоа било најавено во програмската шема, а тоа укажува дека тој го препознал и го спречил натамошното прекршување на стандардите. Исто така, радиодифузерот прифатил дека тоа е пропуст на водителот/новинарот, поради тоа што не се случила соодветна реакција на искажаните изјави, а тоа можело да се толкува како став на радиодифузерот/медиумот. Во таа смисла, при донесувањето на одлуката АЕМ ја оценила јасната разлика меѓу одговорноста на авторот на говорот на омраза, од една страна, и одговорноста на медиумите и на медиумските работници што придонесуваат за неговото ширење како дел од нивната задача да пренесуваат информации и идеи за прашања од јавен интерес, од друга страна.

# КОСОВО*

## Канал Трибуна, навредлив говор

Независната комисија за медиумите (НКМ) примила поплака од едно лице против програмата на Канал Трибуна, во која било наведено дека подносителот на поплаката претрпел непоправлива штета од навредите и од клеветите од гостинот во студиото, кој го нарекол „шпион на УНМИК и на Србија". Понатаму, подносителот на поплаката побарал клеветничките или навредливите изрази да бидат ублажени од радиодифузерот. Во спротивно, подносителот на поплаката како новинар би претрпел штета по репутацијата како искрен новинар што ја извршува својата професија со достоинство и независност.

### *Акција на НКМ*

НКМ утврдила дека со оваа програма биле повредени релевантните одредби што го наведуваат следново:

> „Во текот на програми во живо (дебати/интервјуа итн.) обврска на МСП е да преземе соодветни активности за да избегне употреба на вулгарен или на навредлив јазик од учесниците."

НКМ пратила до станицата Известување за повреда.

## Радио телевизија Косово, говор на омраза

НКМ примила поплака од Здружението на новинарите на Србија. Подносителот на поплаката навел дека Јавната телевизија Косово објавила имиња и фотографии на неколку лица опфатени во една сторија, во контекст на руската шпионска мрежа што оперира во Косово. Со оглед на тоа што лицата што биле споменати биле од српска националност, тоа можело да поттикне омраза, опасност и да придонесе за зголемување на меѓуетничките тензии, а претставувало ризик од предизвикување штета, што можело да резултира со смрт, повреди, оштетување на имот или каков било друг вид насилство.

Подносителот на поплаката навел дека со претставување на лицата од сторијата како дел од шпионска мрежа, приказната на РТК1 претставувала навреда, озборување и напад врз нивната чест и интегритет и го прекршувала правото на лицата во однос на пресумцијата на невиност додека не им се докаже вина според законот.

### *Реакција на НКМ*

НКМ сметала дека објавувањето на имињата, фотографиите и на другите лични карактеристики можело да поттикне омраза и да ризикува да придонесе за зголемување на меѓуетничките тензии, а тоа претставувало кршење на членот 5 став 5 од Етичкиот кодекс, во кој се наведува дека:

*„МСП не смеат да емитуваат програмски содржини што поттикнуваат омраза и нееднаквост и може да резултираат со кривични или со насилни активности против поединци или групи.“*

РТК1 ја објавила реакцијата на оваа асоцијација.

НКМ пратила до станицата Известување за повреда.

# СРБИЈА

## РАДИО ФОКУС, 2011, Говор на омраза

Радио Фокус емитувало програма на територијата на цела Република Србија во време на емитувањето на предметната емисија. Службата за надзор и анализа на Републичката радиодифузна агенција (сега Регулаторно тело за електронски медиуми, РЕМ) подготвила извештај за емитуваната програма на Радио Фокус врз основа на официјален мониторинг.

Предмет на емисијата било емитувањето во живо на митингот на Српската напредна странка (СНС), (најголема опозициска партија во тоа време), а во текот на емисијата била сменета програмската шема и цел ден им бил посветен на стории за митингот, со вклучување на слушатели, за барање да се свикаат избори, за здравствената состојба на Тома Николиќ, политичарите на власт и за теми поврзани со СНС и со опозицијата. Радиото ја емитувало следнава содржина во својата програма:

> Изјава за водителот на програмата на радиото: „Веса Симоновиќ, со воспоставената нова власт во Србија, не само што не треба да биде на оваа функција, не само што треба да биде лустриран до крајот на светот и времето и на неговиот мизерен предавнички живот, туку за нешто како ова постојат етички судови, новинарски здруженија итн. Тој треба да биде исклучен, да биде избркан од сите новинарски здруженија и треба да му биде забрането да работи во медиумите околу десет години, бидејќи во секој случај тоа е како со нацистите по Втората светска војна, како со Гебелс и неговата цела нацистичка пропагандна машинерија (...), тоа е како нацистите да објават наслов дека еврејското ѓубриво е најдобро за нацистичката жетва. На пример, тој наслов објавен денес во 'Блиц' заслужува да отиде во аналите на нечесноста, подлоста што предавничкиот режим на ДОС ја започнал овде, предводен од мафијашкиот бос Зоран Ѓинѓиќ, на тој крвав пир во 2000 година“;
>
> Слушател што се вклучил: „Тие сежолтилави апаши, треба да исчезнат, да се изгладнат до смрт!“;
>
> Водител: „Не, не правете го тоа, ние го прекинуваме тоа, ве молам, прекинуваме овде, не можеме да дозволиме каква било форма на говор на омраза во однос на кого било.“ Потоа се вклучил истиот слушател: „Стап, само стап и вили, каква полиција“. Водител: „Ве молам, каков стап и вили?!“, слушател: „Немам што да јадам, ќе ги прегризам нивните грла, разбирате ли!“;
>
> Слушател што се вклучил: „Борис олабави, смири се и олабави, цркни...“, водител: „Овде прекинуваме!“, слушател: „...цркни, да ти е..м мајката во

п.....а“, водител: „Ве молам, не навредувајте, не можете да зборувате така, почитувани слушатели на Радио Фокус, најљубезно ве молам да не користите говор на омраза...“

## *Акција на РЕМ*

Земајќи ја предвид содржината на опишаната изјава од водителот, начинот и контекстот во кој била дадена, Советот на Агенцијата сметал дека таквото однесување претставува говор на омраза бидејќи водителот, верувајќи дека господин Симоновиќ ѝ припаѓа на одредена политичка ориентација и поради тоа не ја врши својата работа професионално, презентирал серија навредливи зборови на негова сметка што претставуваат поттикнување на омраза или нетолеранција, особено ако се има на ум горespomenatata тензија во однос на моментните општествено-политички настани. Во дел од нашето општество верувањето дека одредено лице е „предавник“ (соработник на „непријателот“; лице што работи против „нашите“ интереси) особено е причина за омраза, нетолеранција, дискриминација, па дури и за насилство, па поради тоа зборот „предавник“ се користи во јавниот, особено во политичкиот дискурс за дискредитирање на лицето на кое се однесува таквата квалификација. Според тоа, одредено лице да се нарече предавник (или неговиот живот предавнички) во време на опишаната тензија, врз основа на различно политичко мислење, било многу неодговорно и, уште повеќе, опасно и несомнено може да се квалификува како поттикнување на дискриминација, омраза или насилство против господинот Симоновиќ по основа на различна политичка ориентација (говор на омраза). Советот на Агенцијата сметал дека е ирелевантно дали радиоводителот се изразил на опишаниот начин со намера да поттикне дискриминација, омраза или насилство или дали тоа било направено без каква било намера бидејќи предметниот случај се однесувал на пренесување на сопствени размислувања на јавноста преку средства за масовна комуникација (радиопрограма), што бара примерен, умерен и внимателен говор, критериуми што радиоводителот не ги постигнал преку своето изразување. Освен тоа, јазикот на водителот по својата природа бил навредлив, со оглед на тоа што квалификацијата дека нечиј живот е за жалење, мизерен и предавнички во нашето општество несомнено претставува навреда, земајќи го предвид неговиот систем на вредности, кој го обврзува припадникот на тоа општество да живее примерен живот, да не се однесува на начин што може да се нарече за жалење, мизерен или предавнички.

Освен тоа, врз основа на изгледот на споменатиот водител, може оправдано да се претпостави дека во овој случај тој ги презентирал своите гледишта како симпатизер на политиката на Српската напредна странка или на други поврзани политики, а не како новинар што е обврзан на објективност според правилата на новинарската етика. Имено, начинот на кој тој ги презентирал (обработувал) информациите за начинот на известување на дневниот весник „Блиц“ – стилот на изразување (зборовите што биле употребени – зол, нечесност, подлост, за жалење, мизерно, предавнички) и аналогијата што се користела во презентацијата (споредба со нацистичкиот режим и со методите на тој режим) – несомнено е индикативен за присуство на пристрасност во пре-

зентирањето на неговото мислење, а тоа значително влијаело врз начинот на презентирање на наведената тема и направило наведеното презентирање да има природа на говор на омраза. Советот на Агенцијата изрекол мерка на предупредување.

## ХЕПИ ТВ, 2016, Говор на омраза

Провајдерот на медиумски услуги ХЕПИ ТВ има лиценца за обезбедување на медиумски услуги низ цела Република. ХЕПИ ТВ го емитувала реалното телевизиско шоу „Парови" во кое учествувале Кристијан Голубовиќ (повеќекратен повратник) и неговиот адвокат. Во текот на шоуто Кристијан Голубовиќ, додека зборувал за отслужувањето на затворска казна во Грција, го кажал следново: „И не можете тоа да го контролирате, тоа е цел коридор на бесна толпа што ве удира со фиоки, фрла шишиња од кока-кола на вас, ве боде со ножови. Тоа е масовна тепачка, вие ги погодувате со прст во око, го влечете за уста, за коса, се обидувате поголем број од нив да фрлите на колена, се обидувате да направите територија од луѓе така што тие да не може да ви се доближат, туку постојано да паѓаат преку нив. И неартикулираните (тој станува и гестикулира). Тие беа како неандерталци. Тие не престануваат; не сум видел таква храброст кај никого. Тие туркаат напред со намера да убијат." Водителот го прашува Кристијан: „Дали е вистина дека Албанците ја избркале српската мафија прво од улиците на европските метрополи, а потоа таа си заминала?" Кристијан: „Ние споредуваме врапци и лебарки. Тие се множат како лебарки, сега да се фрли атомска бомба, многумина од нив ќе умрат, но другите се имуни на таа радијација и тие ќе продолжат да се множат. Тие не се борат меѓу нивните кланови, Албанци против Албанци, само против странци. Потоа склучуваат мир. Тие го покажаа тоа, тие треба да имаат четири букви С на нивното знаме или 'само слога ги спасува Албанците'. И тие го почитуваат тоа, кај нив важи крвната одмазда, но тие склучуваат мир ако се во прашање странци. Да го имавме ние тоа, можевме да ги прегазиме за еден ден, би ја освоиле нивната земја. Сепак, тоа не е така, Србин ќе оди против Србин, ќе се вклучи во лекомислена размена на стоки со Албанец и постојано ќе удира друг Србин. Албанец со Албанец, од друга страна, тие можеби не зборуваат еден со друг и нема да се вклучат во лекомислена размена на стоки затоа што не се во добри односи. Тие обрнуваат внимание на тоа! И тоа е почитувањето за кое тие зборуваат."

### *Акција на РЕМ*

Шоуто „Парови" е реална програма чија цел, главно, е забава, а во природна или во вештачки создадена средина (на пример, вештачки создадена кохабитација на луѓе во ограничен физички простор) го презентира начинот на кој еден или повеќе учесници дејствуваат во специфична животна ситуација замислена однапред, спонтано или на некој друг начин (на пример, кохабитација во одредена заедница на луѓе, заемна комуникација, работа, забава, решавање одредени зададени или непредвидени специфични животни проблеми и слично), во специфичен временски период, во кој учествуваат учесниците, како по правило, за да се стекнат со одредена парична или непарична добивка.

Учесник во реалното шоу презентирал информации и детали што се однесувале на неговото отслужување на затворска казна во Република Грција и за тепачките со другите затвореници од албанска националност, а во таа пригода користел вулгарни имиња за припадниците на албанската популација, споредувајќи ги несоодветно со припадници на други народи за што користел описи што вклучувале генетски особености. Споменатите информации вклучувале дискриминација, омраза, насилство врз основа на раса, национална припадност, јазик, верски и политички убедувања, генетски особености што се однесувале на затворениците од албанскиот народ. ХЕПИ ТВ била обврзана да обезбеди наведената програмска содржина да не содржи содржини што поттикнуваат на дискриминација, омраза, насилство врз основа на расна, национална припадност, јазик, верски и политички убедувања, генетски особености. Советот на Регулаторот изрекол мерка на предупредување.

-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-.-

## СЛУЧАИ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА НЕПОСТОЕЊЕ ПОВРЕДА НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА И НАВРЕДЛИВ ГОВОР

### Радио телевизија Србија, ТВ Пинк, 2007, Говор на омраза

Организацијата за лезбиски човекови права Лабрис поднела голем број апликации во текот на првата половина на 2007 година, укажувајќи на говор на омраза што, пред сѐ, ги имал како цел лицата со хомосексуална ориентација (случајот „Лабрис“). Апликациите се однесувале на ТВ Пинк (шоуто „Браво шоу“ и „Пирамида“ – во два случаја) и на РТС (шоуто „Клуч“). Спорните наводи, накратко, се следниве: „Маж со жена е нормално. Маж со маж не е нормално („Браво шоу“); „И сите нормални луѓе мислат така. Ако лезбијките стапат во брак, ако тоа е западна креација за нас за да влеземе во Европа, им благодариме и на Европа и на Америка. Тогаш ќе им се придружам на пингвините... Работата е што тоа е многу ненормално и ние, Србите, не сме славни по тоа што сме геј. Меѓутоа, со оглед дека тоа е влезница за Европа, верувам дека некои, јас ќе гласам против тоа, мислам и сите вие тука“ („Клуч“). „Господовата волја е да се множат видовите, вистинската сексуална ориентација е добро позната, сѐ друго е болест. Меѓутоа, таа болест не мора да парадира по улиците бидејќи може да создаде ефект што ќе им биде многу атрактивен на некои бедни души што немаат доволно сексуална храброст или храброст да почнат однос со нормален партнер... И кога на геј-популацијата ѝ го оспорувате правото да парадира, таа се жали за своите права. А кога сте слушнале да се жалат нивните лекари или оние што треба да ги лекуваат во санаториумите од оваа порочна болест, да направат од нив нормални луѓе?“; „Во случаи кога тоа е болест, на таа болест треба да ѝ се даде помош, но каде е тука сферата на интерес...“ („Пирамида“).

### *Акција на РЕМ*

Советот на РЕМ ги одбил сите жалби против ТВ Пинк и РТС како неосновани. Во објаснувањето за одлуката било наведено дека иако во наведените еми-

сии бил презентиран став што е неповолен за лицата од иста сексуална ориентација, тие не биле од таква природа да претставуваат поттикнување на дискриминација и омраза. Исто така, било споменато дека прифаќањето на тврдењата наведени во жалбите би ги загрозило основните вредности што се гарантирани со закон во врска со слободата на ширење и објавување идеи.

## ТВ ПРВА, 2011, Навредлив говор

Службата за надзор и анализа на РЕМ, по службена должност, повела постапка против ТВ Прва (носител на дозвола за обезбедување медиумски услуги на територијата на цела Република), во однос на шоуто „Вечер со Иван Ивановиќ", во врска со интервенцијата од Демократската заедница на Хрватите од Суботица, поради тоа што се користел навредлив јазик кога се зборувало за Хрватите и за Католичката црква, како и дека „Ал-Каеда била повикана да фрли атомска бомба штом Хрватска ќе влезе во Европската Унија".

### *Акција на РЕМ*

Откако РЕМ утврдила дека искажаните наводи се дел од жанрот на стенд-ап комедија што, меѓу другото, подразбира однос на потсмевање кон табуа и имајќи предвид дека секое шоу носи на крајот вметната порака дека целта на шоуто не е да навреди или да омаловажи, туку исклучително да понуди забава и хумор, Советот на РЕМ донел одлука да ја прекине постапката.

## ТВ КРАЛЕВО, 2012, Навредлив говор

Во текот на емисијата „На шанкот", емитувана на ТВ Кралево, гостинот Дејан Лучиќ, додека зборувал за својата книга, искажал ставови со кои се ширеле расна и верска омраза и нетолеранција кон ромското население. Спорната изјава била дека Европската Унија има намера да ја насели Србија со Роми од поранешните југословенски републики „кои се намножиле во големи количества".

### *Акција на РЕМ*

Во искажувањето на мислење телевизијата навела дека тоа не се однесува на говор на омраза или на ширење фашистички идеи туку на отворено искажување на гледишта што Дејан Лучиќ ги презентирал и во својата книга. Советот на РЕМ разгледувал дали шоуто се однесувало на презентирање на критички гледишта за конкретни јавни личности (што е неспорно право) или тоа служело за омаловажување и за навредливи мислења што поттикнуваат дискриминација на поединци поради нивната припадност на одредена етничка група, без оглед на нивните лични карактеристики и специфични активности. Телевизијата била предупредена и ѝ било обрнато внимание да ја зголеми уредувачка контрола и неопходната реакција од водителот – авторот во врска со гледиштата презентирани од учесниците во шоуто.

## ТВ СТУДИО Б, 2011, Говор на омраза

Била поднесена жалба против телевизијата ТВ Студио Б, при што еден граѓанин поднел забелешка на фактот дека еден од гостите во шоуто во кое се во-

дела дебата зборувал невистинито и навредливо за партизанското движење, сметајќи дека во овој случај не е во прашање слободата на говор, туку говор на омраза. Биле оспорени наводите каде што била негирана антифашистичката природа на партизанското движење, како и тврдењата дека партизанскиот водач Тито (кој бил квалификуван како усташ) требало да се обвини за многу злосторства, прво и пред сè против српскиот народ. Тој кажал дека „партизаните не успеале да спасат ниеден американски офицер, партизаните порано ги убивале американските офицери како слуги на Сталин".

### *Акција на РЕМ*

Советот на РЕМ не сметал дека ова претставува говор на омраза. Агенцијата била водена од фактот дека, наспроти екстремните ставови што биле презентирани во однос на толкувањето на историјата, учесниците во емисијата не упатувале на омраза или на насилство против одредено лице или група лица. Исто така, било земено предвид дека другите учесници во емисијата, како и самиот водител, се спротивставиле на споменатите гледишта или ги релативизирале.

## РАДИО Б92, 2013, Навредлив говор

На почетокот на 2003 година Советот на РЕМ презел акција што се однесувала на радиото што емитувало емисија со потенцијално навредлив говор и екстремизам. Била поведена постапка против Радио Б92 за емисијата „Ментална вежба" во која политичките коментари биле презентирани на хумористичен начин во однос на веста дека Папуа Нова Гвинеја ја признала независноста на Косово и Метохија. Спорниот момент се однесувал на фактот дека авторите ги имитирале луѓето од Африка и нивната култура со мајмунски крици.

### *Акција на РЕМ*

По завршувањето на постапката, Советот на РЕМ го прекинал донесувањето мерки против радиото. Во конкретниот случај било утврдено дека емисијата е забавна според својата природа, со што коментарите на водителот имале цел да го привлечат вниманието на одредени прашања на хумористичен начин, односно тие не биле искажани заради чиста дискредитација и дискриминација, но дека искажаните зборови, сепак, претставувале расизам во однос на населението на африканските држави. Советот на РЕМ издал остро предупредување до радиото и му наложил да го зголеми нивото на уредувачката контрола на содржините во наведената емисија.

# 4. Препораки и заклучоци:

Слободата на изразување е основно човеково право што е важно, како од индивидуален аспект на заштитата на правата на поединецот, така и од аспект на развојот на демократското општество. Според тоа, не изненадува што таквото право, како што видовме и погоре, е заштитено со низа меѓународни документи.

Меѓународните стандарди што се однесуваат на слободата на изразување го ставаат високо на агендата, иако не обезбедуваат апсолутен статус за ова право. Во однос на тоа, говорот на омраза се идентификува како неприфатлива форма на изразување, а тоа го потврдува и практиката на Европскиот суд за човекови права.

Со оглед на тоа што оваа публикација се фокусира на работата и на активностите на регионалните НРТ, природно е да се нагласат можните средства на овие институции. Освен активностите поврзани со овластувањата на НРТ да изрекуваат санкции против давателите на медиумските услуги, постојат и други аспекти на нивна работа што придонесуваат за создавање ефективна рамка за спречување на говорот на омраза. Тие вклучуваат, но не се ограничени на, транспарентност, професионализам, одговорност, инклузивност на НРТ, како и нивна континуирана соработка со сите релевантни институционални тела/организации на национално ниво. Медиумската писменост станува сè поважно поле за нивно ангажирање и давање придонес кон подигањето на свеста и разбирањето на медиумските стандарди, вклучувајќи ги и оние што се однесуваат на говорот на омраза.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Во оваа смисла, транспарентноста на работата на НРТ повеќе се разгледува од аспект на подигнување на свеста за определени прашања отколку на законската обврска да изработуваат и да објавуваат годишни извештаи, одлуки итн. Редовното и навременото објавување на сите одлуки на НРТ (целосно или барем резиме на образложението) е алатка што го помага увидот на пошироката јавност и на заинтересираните страни во примената на релевантните правила. Но, она што е многу поважно е тоа дека на јавноста ѝ дава иницијатива да биде поангажирана за овие прашања, бидејќи ваквите активности на транспарентно работење ѝ кажуваат на јавноста дека поднесувањето жалби е пожелно и дека јавноста може да очекува одредено ниво на заштита од несоодветни содржини што им се нудат или им се достапни. Ова

е многу важно за заштитата на потрошувачите и не смее да постои оправдување за неисполнувањето на обврската за транспарентност од НРТ.

Освен тоа, објавувањето на редовните извештаи на НРТ е уште една значајна алатка, бидејќи овозможува сеопфатен увид во активностите на НРТ и ги презентира конкретните податоци и трендови. Иако понекогаш ваквите активности изгледаат здодевни и непотребни, сепак, крајните резултати се сосема спротивни. Целосниот и деталниот извештај за работата и за наодите на НРТ им овозможува на јавноста, на академската заедница и на другите заинтересирани страни пристап до вредни информации што може да се употребат за иницирање на многу активности. Ова особено важи за академските институции што може да ги користат овие податоци и информации за зајакнување на одредени прашања во своите наставни програми.

## ИНКЛУЗИВНОСТ

НРТ имаат директен контакт со граѓаните. Тоа се случува во повеќе облици и форми. Поднесувањето жалби не е само една од овие точки за контакт туку тоа е и важна демократска алатка. Во однос на тоа, НРТ би требало да бидат во можност да постапуваат со должно внимание и со почит за секоја жалба. Не смеат да постојат рестриктивни мерки во однос на процедурите поврзани со приемот и со обработката на жалбите и тие задолжително треба да вклучат интеракција со подносителот. НРТ треба секогаш да го известуваат подносителот на жалба за исходот од жалбата, без оглед дали нејзиниот резултат е санкција, упатување или одлука за непостоење на повреда на релевантни правила. Секако, сите жалби не значат можно прекршување на релевантните правила. Меѓутоа, од витално значење за подносителот на жалбата е да знае дека неговата жалба, каква и да била, се решава и се обработува со внимание и со посветеност.

Процесот на усвојување релевантни правила, отвореноста, инклузивноста и целосната транспарентност на процесот се клучни. НРТ (или други тела задолжени за усвојување одлуки) не смеат да пристапат кон процедурите за консултација со јавноста само заради чисто задоволување на законската обврска туку со чесна намера за целосно отворен процес за сечие учество. Во овој процес не смеат да бидат занемарени ни техничките норми, бидејќи е важно да се постигне колку што е можно поголем опфат. Секој придонес кон јавните консултации мора да биде сериозно земен предвид.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

Освен во случаи кога НРТ се законски обврзани да упатат одреден случај до релевантни тела, постојат и други начини на соработка. Со својата стручност и искуство, НРТ можат значајно да придонесат за процесот на усвојување на релевантното законодавство, на стратегиските и на политичките документи, на извештаите до меѓународните форуми итн. во областа на говорот на омраза и на навредливиот јазик. Имајќи ја предвид моќта на медиумите, особено на телевизијата и на радиото, како и улогата на НРТ да обезбедат над-

зор на спроведувањето на законите и на подзаконските акти, увидот на НРТ во трендовите на однесувањето на медиумите (на медиумската индустрија) може да укаже на ограничувањата и на предностите на тековните или на планираните/посакуваните правни или политички иницијативи.

## МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Сè посуштинска и поклучна вештина за модерниот граѓанин и потрошувач е медиумската писменост. Таа се дефинира како способност да се пристапи, анализира, оцени и да се креира медиум. Медиумски писмените млади и возрасни лица се во подобра можност да ги разберат сложените пораки добиени од телевизијата, радиото, интернетот, весниците, списанијата, книгите, билбордите, видеоигрите, музиката и сите други форми на медиуми.

Како што видовме претходно, живееме во сложен свет, со заплеткани мрежи на информации што ни се доставуваат преку преплетен систем на медиумски технологии. Многу држави го препознаа нејзиното значење во денешниот свет и интердисциплинарно пристапуваат кон неа.

Медиумската писменост е ефективен и ангажиран начин за примена на вештините на критичко размислување за широк спектар прашања. Овде нагласено прашање е развојот на критичкото размислување. Не е доволно само да се има пристап до медиумите. Наместо тоа, важно е да се развијат вештини и алатки што секому му овозможуваат да плови низ морето на достапни информации и да употреби разум за да ги протолкува и да ги разбере. Тоа сигурно не вклучува само некои групи население, како што се помладите или постарите генерации, туку ја вклучува целата популација. Знаејќи дека овие активности се насочени кон глобалната популација, нивната важност станува јасна. Со оглед на тоа што имаме целосно редефиниран однос со медиумите, очигледно се неопходни нови пристапи, политики и системи.

## САМОРЕГУЛАЦИЈА И КОРЕГУАЛЦИЈА

Исто така е важно континуирано да се вложуваат напори кон подигнување на нивото на професионалните стандарди. Постои огромен фонд на добри новинарски практики, но тие треба понатаму да се развиваат и да се зајакнуваат за да се унапредат дијалогот и демократските процеси. Ова особено важи во случај на турбулентни времиња, како што ни покажува сегашното време. НРТ можат и имаат клучна улога во ова. Со оглед на тоа што голем број НРТ се вклучени или консултирани во текот на подготовките на кодексите на однесување за медиумите што се под нивна надлежност, важноста на оваа улога станува сè позначајна.

Од оваа перспектива мора да се земат предвид неколку фактори. Прво, регионалната и меѓународната соработка на НРТ има клучна задача, бидејќи обезбедува размена на експертиза и практика, подобрување на знаењето и на работата преку постојано ажурирање на политиките и на практиката и континуирана поддршка за доброто на сите. Понатаму, соработката им помага на НРТ да работат заедно на постигнување на заеднички цели или

извлекување заедничка корист, како што јасно покажува оваа публикација. Исклучителни примери за вакви заеднички напори се континуираните активности што се организираат под покровителство на Советот на Европа во овој регион, преку голем број регионални и билатерални настани. Друг пример е примерот на ЕПРА, како што претходно е споменато погоре, доброволна, независна мрежа на европски аудиовизуелни регулаторни тела.

Начинот на кој се остваруваат правата на слобода на изразување зависи од регулаторната рамка и од медиумите – особено од новинарите. За да може медиумите да ја исполнат важната улога на „куче чувар“, мора да постои добра регулаторна структура и императивно репортерите треба да бидат во можност да пристапуваат до информации од разни извори за да се искоренат злоупотребите. Новинарите треба да бидат слободни да објавуваат стории од јавен интерес без страв од цензура, противобвинувања или дека против нив ќе биде поднесена тужба. Од друга страна, самите новинари имаат одговорност да ја одржуваат и да ја заштитуваат културата на објективност и да известуваат точно, чесно и со добра намера секогаш и во сите околности.

Во согласност со политичките промени, емитувањето на програми мора да има и демократска улога. Демократската улога доаѓа со императивите за почитување и за поддржување на слободата на изразување и за слободен проток на информации и идеи. Државната контрола и регулација треба да отворат пат за независна регулација. Независната регулација бара институционално уредување, кое е инклузивно и транспарентно. Во таа смисла, креаторите на националните политики и законодавните тела треба да креираат регулаторна средина во која се почитува и се имплементира целосна независност на регулаторните тела.

Важно е да се разбере дека правилата и регулативите, било да се директно усвоени од НРТ или од законодавно тело (а НРТ се обврзани да ги имплементираат), мора да се засноваат врз принципите за заштита на правото на слобода на изразување, врз унапредување на највисокото ниво на професионализам и на деловната одржливост на аудиовизуелната заедница, охрабрување на развојот на пазарно ориентиран и конкурентен аудиовизуелен сектор за доброто на сите граѓани, стимулирање на условите за развој на медиумските слободи и, притоа, воспоставување и одржување на отворено општество, заштита на интересите на сите корисници во смисла на недискриминаторски пристап и квалитетни услуги, како и поттикнување на воведувањето на нови технологии и услуги според потребите на граѓаните.

Откако ќе се усвојат, правилата и регулативите треба да претставуваат инструмент за зајакнување на овој сектор, вклучувајќи ги и јавните медиуми, сè во интерес на придонесувањето кон постигнување високо ниво на професионални стандарди, квалитет на медиумите, одговорност и независност. Особено кога се утврдуваат потенцијални случаи на говор на омраза, се препорачува да се разгледаат сите можни аспекти на случајот, како што беше покажано во примерите со македонските случаи.

Во таа смисла, соработката меѓу регулаторните тела и саморегулаторните и/или корегулаторните тела е еднакво важна. Државите од регионот вклучени во проектот JUFREX имаат усвоено одредени нивоа на саморегулаторни ме-

ханизми, обично во вид на саморегулаторни тела за печатените медиуми и, како што покажаа некои примери, за онлајн медиумите. Овие организации се засноваат врз доброволно членство на самата индустрија и се дизајнирани да им помогнат на новинарите и на уредниците да ги разберат и да ги усвојат највисоките меѓународни стандарди на новинарската, уредувачката, етичката, правната и техничката медиумска активност. Понатаму, задачите на овие тела вообичаено вклучуваат преглед на поплаките на граѓаните и на јавноста против новинарските извештаи и решавање на споровите на едноставен начин, брзо и бесплатно.

Донесувањето етички кодекси и кодекси на практиките што ќе бидат усвоени од самата професија претставува краен тест на интроспекција и самоиницијатива во напорите за придржување кон професионалните норми и стандарди. Ваквите кодекси обично ги нагласуваат прифатливите стандарди на професионалното однесување на новинарите. Во кодексите се наведува дека новинарите и нивните публикации имаат обврска кон јавноста да одржуваат високи етички стандарди во секое време и во сите околности.

Тековната дебата што е поврзана со овластувањата на саморегулаторните тела секогаш е присутна. Според едно размислување, на саморегулаторните механизми им недостига ефективност, поради отсуство на овластувања да изрекуваат законски обврзни санкции, освен за своите членови и во зависност од уредувањето на секоја држава.

Друго, пак, го застапува принципот дека не е применлива целосна регулација на печатените и на онлајн медиумите, како во случај со медиумите што користат ограничени ресурси (како што е фреквенциски спектар). Ова го отвора и прашањето на баланс или повеќе на недостиг на баланс во регулацијата на самите медиуми. Како што е кажано, Директивата АВМС ги покрива сите услуги на аудиовизуелните медиуми – традиционалната телевизија (линеарни услуги) и видео по барање (ВОД – нелинеарни услуги). Овие услуги мора да бидат насочени кон општата јавност и наменети да информираат, забавуваат и да образоваат под уредувачката одговорност на давателот на медиумската услуга. Со Директивата АВМС се воведува прогресивна регулација каде што само основната низа на правила се применува на услуги по барање едноставно поради тоа што корисниците имаат различен степен на избор и контрола врз услугите по барање на аудиовизуелниот медиум. Ова станува уште покомплицирано кога ќе ги додадат печатените медиуми и онлајн медиумите, како што се информативните портали.

Некои држави, како Хрватска и Црна Гора, имаат законски одредби што се однесуваат на одговорностите на НРТ во однос на електронските публикации, но само во ограничена мера.

Влијанието на социјалните мрежи, кои лесно и со жар се користат од глобалната популација, а кои не можеа да се замислат во аналогниот свет, ги зачуди дури и технолошките ентузијасти и визионери што даваа најголема поддршка. Социјалните мрежи денес се доминантни играчи и во моментов тие се без конкуренција или друга форма на регулација. Меѓутоа, има сè повеќе прашања што се однесуваат на некои содржини коишто можат да се најдат на

социјалните мрежи, од кои едно е, природно, говорот на омраза. Како што е кажано претходно, луѓето се склони кон тоа да се ослободат и да почнат отворен дијалог и дебати благодарејќи на огромен број „извори“ на информации и особено поради содржини, како што е говорот на омраза. Во таа смисла, некои студии покажуваат дека кај луѓето се враќа поголема доверба во она што ние сега го нарекуваме „традиционален“ информативен простор, со акцент на професионалните стандарди и долгата историја на новинарската практика. Плановите за вклучување на социјалните мрежи во некој вид саморегулација на содржините е отворена тема што во моментов повеќе отвора прашања отколку што нуди одговори. Тоа е тема што заслужува многу поголемо размислување за прашањата на регулација и управување и кои се најдобрите модели на примена за таквите услуги, предвидени за ерата на интернетот, врз основа на дефинираните вредности за настанување на структури за глобална интернет– регулација.

Ова води и до прашањето на конвергенција за кое долго се дискутира. Регулаторната рамка треба да се развие така што целосно ќе ги опфати и ќе ги приспособи сите практики и култури на значаен начин. Како што беше наведено претходно, водечките принципи во овие настојувања се правичноста, отвореноста и транспарентноста. Во основата на сето тоа е уредувачката одговорност што е иста уште од раните практики на новинарството и сè уште е многу жива. Таа треба да се заснова врз интегритет, хуманост, професионализам и етика. Бидејќи ваквите прашања се надвор од обемот на кој било закон, овие принципи треба да се вградат во секое лице што се ангажира во нудење на такви услуги. Во таа смисла, мора да се вратиме назад, односно кога биле стекнати овие принципи. Мора да ги земеме предвид општествата генерално, водејќи сметка за семејните вредности и за училишните практики бидејќи тоа се институции од кои ние како единки ги наследуваме основните вредности што ги носиме низ целиот живот.

Важно е да се истакне тенденцијата што се забележува во овој регион во однос на функционирањето на НРТ. Добар дел од обидите и од актуелните промени во законодавството што се однесуваат на функционирањето и на овластувањата на НРТ се видливи во смисла на намалување на независноста и на овластувањата на НРТ, особено во однос на буџетските прашања, донесувањето санкции и на механизмите на упатување. Обезбедување на целосно функционални НРТ значи дека сите страни и заинтересирани чинители почнуваат од премисата за независност како парадигма за ефективна регулација на овој важен сектор. Без вакво разбирање не може да се замисли транспарентна, независна и ефективна регулација. Независни НРТ со доволно финансиски и човечки ресурси, процедури на именување ослободени од политичко влијание и професионален персонал, создаваат функционална и жива медиумска средина.

Освен тоа, исто толку е важно да се зголемат активностите што се однесуваат на креирање контра наративи, различни кампањи против стереотипите и популизмот. Со оглед на тоа што говорот на омраза и стереотипите сè повеќе се интензивираат, повеќе од кога било порано е потребно балансирано и правично медиумско известување. Понатаму, потребно е да се зголеми

бројот на проекти, чија цел е борба против говорот на омраза, расизмот и дискриминацијата, бидејќи тие овозможуваат зголемување на свеста, одбрана и креативни решенија. Сите тие треба да бидат осмислени така што ќе претставуваат реална алатка за акција и интервенција. Тука спаѓаат кампањи против говорот на омраза, офлајн и онлајн во сите негови форми, што треба да се засноваат врз едукацијата за човековите права и за медиумската писменост. Сите овие напори водат до намалување на нивото на прифатливост на говорот на омраза, мобилизација и, конечно, до солидарност и зајакнување на основната хуманост.

Она што е исклучително важно во воспоставувањето и во одржувањето здрава медиумска средина е следново:

- Слободен проток на изразување, говор, медиуми и пристап до информации.
- Уредувачка независност.
- Охрабрување на електронските медиуми да развијат сопствени кодекси на практика што би ги покривале прашањата за уредувањето на програмите во однос на заштитата на децата, говорот на омраза, прикажувањето на насилство, правичните и точни програми, заштитата од прикажување на луѓе на начин што поттикнува омаловажување или дискриминација против делови од заедницата по која било основа.
- Постоење независни регулаторни тела со овластувања да усвојуваат подзаконски акти и да изрекуваат санкции. Правниот статус на овие тела треба јасно да се дефинира со закон. Нивната институционална автономија и независност треба да бидат гарантирани и заштитени со закон.
- Силни јавни радиодифузери што продуцираат разновидни програми, објективни вести и општи програми што се ослободени од политичко и од комерцијално влијание и притисок.
- Средина што обезбедува можности на баланс меѓу приватните и јавните медиуми на отворен пазар, постоење на голем број независни електронски медиуми и програми што го претставуваат и го одразуваат општеството во целина.
- Обука за новинари.
- Здраво и активно вклучување на граѓанското општество.

И на крајот, но сигурно не најмалку важна, е областа опфатена со еден збор – одговорност. Таа се дефинира како обврска или подготвеност да се прифати одговорност или да се одговара за своите дела[91]. Одговорноста за своите дела, од новинарите, медиумите, националните регулаторни тела, наднационалните и од меѓународните организации, па до секое лице, води до однесување што придонесува за јавното добро. Може да се тврди дека потребите

91 https://www.merriam-webster.com/dictionary/accountability, пристапено на 7 март 2017 година.

на општествата се во опасност од дерогирање од принципите на човековите права, при што се загрозуваат демократските процеси. Не треба да постои дилема дали сега е време за акција. Ако се преземат мерките што се предложени во оваа публикација, во комбинација со силен акцент на одговорноста, може да се решат многу отворени прашања. Потребни се одредено чувство на сопственост и лична посветеност, а тоа им помага на сите заинтересирани страни да се издигнат над околностите и да работат за заеднички посакуваната цел – помагање на јавното добро. Добро што се заснова врз отвореност, толеранција, воздржаност, слобода, почитување на правата на другиот.

# Анекс

# Анекс 1: Преглед на законската рамка на земјите учеснички

## ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ НА АЛБАНИЈА

### 1. Воспоставување, мандат и овластувања на националното регулаторно тело

Национално регулаторно тело на Албанија е Телото за аудиовизуелни медиуми (АМА), основано со Законот за радиодифузија на аудиовизуелните медиуми. АМА е регулаторно тело во областа на радиодифузните услуги и аудиовизуелни и други услуги за поддршка. Во надлежностите на АМА спаѓаат: преглед на апликациите за вршење на радиодифузни услуги, вклучувајќи и апликации за дигитална радиодифузија и за издавање на релевантни овластувања и лиценци, обезбедување фер конкуренција и во исто време обезбедување на натамошен развој, соработка со Комисијата за заштита на потрошувачите заради гарантирање на заштитата на потрошувачите на полето на електронските медиуми, изрекување санкции за кршење на релевантните правила, развој на стратегии за обезбедување на радиодифузни услуги, изработка и одобрување на законот и на прописите, како и секундарното законодавство за аудиовизуелна радиодифузија, дефинирање на надоместоци за лиценци, подготовка и издавање на насоки до Јавниот радиодифузен сервис (ЈРДС) во однос на исполнувањето на неговите обврски, воспоставување на критериуми и регулаторни мерки за заедничка употреба на преносната инфраструктура на ЈРДС, решавање на спорови меѓу провајдерите на аудио или аудиовизуелните радиодифузни услуги, вклучувајќи и спорови со ЈРДС, соработка со министерството за изработка на Национален план за фреквенции, соработка со други тела за исполнување на обврските дефинирани со овој закон. Освен тоа, АМА собира, управува и објавува информации за секторот на аудиовизуелните медиуми, го надгледува развојот на активностите на аудиовизуелните медиуми на меѓународно ниво, спроведува, организира, поддржува и промовира истражувања на прашања што се однесуваат на аудиовизуелните медиуми, соработува со други тела, вклучувајќи и претставнички тела во рамките на секторот на аудиовизуелните медиуми, ги помага активностите за обука во секторот на аудиовизуелните медиуми, соработува со своите колеги во другите држави, иницира, поттикнува и води грижа за истражувањата и за сродните активности поврзани со улогата на медиумите, вклучувајќи соработка со радиодифузерите и со другите субјекти во областа,

го следи целосното емитување на програмите. Постапката за жалби вклучува процедура во рамките на АМА и неговиот Совет за жалби, но случаите може да се обжалат и пред суд.

веб-страница: www.ama.gov.al.

Сите одлуки се објавуваат. На почетокот на секоја година извештаите на АМА за неговите годишни активности се поднесуваат до Комисијата за образование и за медиуми за јавно информирање и до Парламентот.

## 2. Законодавство што се однесува на говорот на омраза

### *Закон за аудиовизуелни медиуми во Република Албанија*

**Член 4**
**„Основни принципи за работа на аудиовизуелните радиодифузери“**

„1. Аудиовизуелно емитување се врши врз основа на следниве принципи:

а) Работата на аудиовизуелните радиодифузери е слободна;

б) Аудиовизуелните радиодифузери во работењето објективно ги почитуваат правото на информации, политичките и верските убедувања, личноста, дигнитетот и другите основни човекови права и слободи. Во извршувањето на оваа активност особено се почитуваат правата, интересите и моралните и законските барања за заштита на малолетници;

в) Со активноста на аудиовизуелните радиодифузери не се прекршува уставниот поредок, суверенитетот и националниот интегритет; ...“

2. Операторите на аудиовизуелни услуги се раководат од овие принципи во текот на своите активности:

„...

г) забрана за емисии што поттикнуваат нетолеранција меѓу граѓаните;

д) забрана за емисии што поттикнуваат или оправдуваат насилство; ...“

**Член 32**

**„Општи правила за аудиомедиумите и/или провајдерите на аудиовизуелните услуги“**

„... 4. ОСХМА нема да емитуваат емисии со содржини што поттикнуваат омраза по основа на раса, род, вероисповед, етничко потекло, национално потекло и каков било друг вид дискриминација ...“

**Член 76**
**„Услови за обезбедување услуги на аудиомедиум и/или на аудиовизуелен медиум на барање на корисници“**

„1. Услугите што се обезбедуваат на барање на корисниците нема да вклучат емисии што поттикнуваат омраза врз расна, етничка, родова, национална или верска основа ...“

4. Законот за радиодифузија за АМА наведува: „... 1.13. Аудиовизуелните емисии нема да содржат опасни пораки, да поттикнуваат на кривични дела, физичко насилство или омраза...“

„1.5. Аудиовизуелните емисии нема да поттикнуваат на нетолеранција или да оправдуваат насилство меѓу граѓаните ...“

„4.8. ОСХМА нема да емитуваат вести со кои се повредуваат правилата на етиката или на јавниот морал, кои може да предизвикаат кривични дела или да го повредат авторитетот на државата ...“

„4.10. Емитувањето на аудиовизуелни информации не смее директно да содржи или да имплицира какви било дискриминаторски пораки, на пример, врз основа на пол, раса, боја на кожа, етничка припадност, јазик, родов идентитет, сексуална ориентација, политички, верски или филозофски убедувања, економски статус, образовен или социјален статус или по која било друга основа ...“

## ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

### 1. Воспоставување, мандат и овластувања на националното регулаторно тело

Национално регулаторно тело на Босна и Херцеговина е Регулаторната агенција за комуникација на Босна и Херцеговина (РАК), основана во согласност со Законот за комуникации. РАК е конвергиран регулатор, кој ги регулира секторите на радиодифузија, телекомуникациите и на фреквенцискиот спектар. Надлежности на РАК се: развој и унапредување на правилата во секторот на телекомуникациите и радиодифузијата; соработка во развојот на сите стратегиски правила и одлуки во врска со овој сектор; издавање лиценци на операторите во радиодифузниот и во телекомуникацискиот сектор; планирање, управување и распределба на фреквенцискиот спектар; имплементација на техничките и на другите стандарди што се однесуваат на квалитетот; утврдување и одржување на надоместоците и на тарифите за лиценца; изрекување санкции за повреда на релевантните правила. Санкциите што му се на располагање на РАК вклучуваат: усно и писмено предупредување, парични казни, суспендирање и повлекување на лиценца. РАК е составена од сектори и од одделенија со кои раководи генерален директор што издава одлуки во прв степен. Советот на РАК дејствува како тело од втор степен поврзано со сите одлуки на РАК.

Управна постапка може да се поведе пред суд во БиХ. Постапката може да се поведе пред Уставниот суд на БиХ за случаи поврзани со ЕКЧП.

веб-страница: www.rak.ba.

РАК во моментов работи на создавање технички предуслови за објавување на сите одлуки. РАК подготвува годишни извештаи, како и редовни извештаи за нејзините одлуки, заедно со тенденциите во повредите што се објавуваат на интернет.

## 2. Законодавство што се однесува на говорот на омраза

### *а) Кривичен законик на Босна и Херцеговина*

**Член 145а**
**Предизвикување на национална, расна и верска омраза, раздор или нетрпеливост**

(1) Секој што јавно поттикнува или разгорува национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост меѓу конститутивните народи и другите што живеат во Босна и Херцеговина ќе се казни со казна затвор од три месеци до три години.

(2) Секој што ќе го изврши кривичното дело од став (1) со злоупотреба на службената должност или овластувања ќе се казни со казна затвор од една до десет години.

### *б) Кривичен закон на Федерацијата на Босна и Херцеговина*

**Член 163**
**Предизвикување на национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост**

1) Секој што јавно поттикнува или разгорува национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост меѓу конститутивните народи и другите што живеат во Федерацијата ќе се казни со казна затвор од три месеци до три години.

2) Секој што ќе го изврши кривичното дело од став 1 од овој член со примена на принуда и злоупотреба, загрозувајќи ја безбедноста, изложувајќи ги националните, етничките или религиозните симболи на потсмев, уништувајќи го имотот на другите луѓе, скврнавејќи ги споменициите или гробовите ќе се казни со казна затвор од една до осум години.

3) Со казна од став 2 од овој член ќе се казни секој што ќе го изврши кривичното дело од став 1 од овој член со злоупотреба на службената должност или овластување или ако таквиот чин резултира со безредија, насилство или други сериозни последици по животот на конститутивните народи и на другите што живеат во Федерацијата. Секој што ќе го изврши кривичното дело од став 1 од овој член со злоупотреба на службената должност или овластувања ќе се казни со казна затвор од една до десет години.

4) Секој што ќе го изврши кривичното дело од став 2 од овој член со злоупотреба на службената должност или овластување или ако таквиот чин доведе до безредија, насилство или до други сериозни последици по животот на конститутивните народи и на другите што живеат во Федерацијата ќе биде казнет со казна затвор од една до десет години.

5) Секој што ќе го изврши кривичното дело од став 1 од овој член со јавно одрекување или со оправдување на геноцид, на злосторства против човештвото или кои извршиле воени злосторства утврдени со конечна и обврзна одлука на Меѓународниот суд на правдата (ИЦЈ), Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ) или кој било домашен суд, ќе се казни со казна затвор од три месеци до три години.

**Член 363**
**Неовластено поседување и повреда на јавниот ред преку радио или телевизиска станица**

(1) Секој што, спротивно на прописите за системите за комуникација, поседува радио или телевизиска станица или користи радио или телевизиска станица без соодветно овластување ќе биде казнет со парична казна и со затвор за период не подолг од една година.

(2) Секој што со сериозно кршење на стандардите на професионално однесување на медиумите и на новинарите користи поттикнување или говор на омраза или говор што очигледно повикува или поттикнува насилство, национални или етнички судири, а со тоа ги доведува во опасност јавниот мир и ред, ќе биде казнет со парична казна или со затвор за период не подолг од три години.

## *б) Кривичен закон на Република Српска*

**Член 294а (1)**
**Предизвикување на национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост**

(1) Секој што поттикнува и разгорува национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост или шири идеи на супериорност на една раса или нација над друга ќе биде казнет со парична казна или со затвор за период не подолг од две години.

(2) Секој што ќе го изврши кривичното дело од став 1 со примена на принуда и тортура, загрозувајќи ја безбедноста на кое било лице, изложувајќи ги националните, етничките или верските симболи на потсмев, уништувајќи го имотот на другите луѓе, скврнавејќи ги споменициte или гробовите ќе се казни со казна затвор од шест месеци до пет години.

(3) Кога повредата од ставовите 1 и 2 резултира со безредија, насилство или со каква било друга сериозна последица за коегзистенцијата на конститутивните народи и на другите што живеат во Република Српска, престапникот ќе биде казнет со казна затвор за период од една до осум години.

Сите материјали или предмети што носат пораки наведени во став 1, како и опрема за нивно производство, умножување или дистрибуција ќе бидат предмет на заплена.

## *б) Кодекс за аудиовизуелни медиумски услуги и медиумски услуги на радио*

**Член 4**
**(Говор на омраза)**

Со аудиовизуелните медиумски услуги и со медиумските услуги на радиото нема да се врши понижување, заплашување или поттикнување на омраза, насилство или дискриминација против лица или групи врз основа на полот, расата, етничката припадност, националноста, вероисповедта или убедувањата, инвалидитетот, посебните потреби, возраста, сексуалната ориентација, социјалното потекло или врз основа на која било друга околност што има цел или последица на кое било лице да му се оневозможи или да го загрози признавањето, уживањето или остварувањето на рамноправна основа на неговите права и слободи.

Аудиовизуелните медиумски услуги и медиумските услуги на радиото нема да вклучуваат материјали што носат јасен и непосреден ризик од предизвикување омраза, насилство или дискриминација против лица или групи врз основите што се наведени во став (1) од овој член, или кои би можеле да се толкуваат од публиката како поттикнување омраза, насилство, безредија или инциденти, или кои може да предизвикаат или да поттикнат кривични дела.

Исклучок од ставовите (1) и (2) од овој член се аудиовизуелни медиумски услуги и медиумски услуги на радиото што се дел од научна, авторска или од документарна работа и/или претставуваат дел од објективно новинарско известување и се објавени без намера да ги поттикнуваат делата наведени во ставовите (1) и (2) од овој член, односно со намера критички да укажат на таквата активност.

## *б) Кодекс за комерцијални комуникации*

**Член 3**
**(Општи принципи на комерцијалната комуникација)**

(4) Комерцијалната комуникација нема:

а) да го доведува во прашање почитувањето на човековото достоинство;

б) да понижува, заплашува или да поттикнува омраза, насилство или дискриминација против лица или групи врз основа на полот, расата, етничката припадност, националноста, вероисповедта или убедувањата, инвалидитетот, посебните потреби, возраста, сексуалната ориентација, социјалното потекло или врз основа на која било друга

околност што има цел или последица на кое било лице да му се оневозможи или да го загрози признавањето, уживањето или остварувањето на рамноправна основа на неговите права и слободи;

в) да биде навредлива или спротивна на генерално прифатените стандарди за пристојност;

г) да охрабрува однесување што е штетно за здравјето и за безбедноста;

д) да охрабрува однесување што е штетно за животната средина.

## ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ НА ХРВАТСКА

### 1. Воспоставување, мандат и овластувања на националното регулаторно тело

Советот за електронски медиуми, националното регулаторно тело на Република Хрватска, управува со Агенцијата за електронски медиуми и ги извршува должностите на регулаторно тело во областа на електронските медиуми во Хрватска. Советот има седуммина членови од кои еден е претседател на Советот и директор на Агенцијата. Претседателот и другите членови на Советот се именуваат за петгодишен мандат од хрватскиот Парламент на предлог на Владата на Република Хрватска. Агенцијата за електронски медиуми сама по себе не е „конвергентен" регулатор бидејќи таа ги споделува своите надлежности со ХАКОМ (Хрватска агенција за пошти и за електронска комуникација), која дејствува во областа на распределба на фреквенции. Законот што се однесува на електронските медиуми, Закон за електронски медиуми, ги регулира правата, обврските и одговорностите на правните и на физичките лица што обезбедуваат аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и услуги за електронските публикации преку електронските комуникациски мрежи и интересот на Република Хрватска на полето на електронските медиуми. Надлежности на АЕМ се: регулација на аудиовизуелните и аудиомедиумски услуги, вклучувајќи и надзор над програмите; заштита на малолетниците и развој на плурализмот. Освен тоа, АЕМ обезбедува фер конкуренција, спроведувајќи ја процедурата за доделување концесии, вршејќи мониторинг на наменското трошење на средствата од Фондот за унапредување на плурализмот и разновидноста во електронските медиуми, поттикнува и води грижа за истражувања и сродни активности, промовирајќи медиумска писменост и други надлежности што произлегуваат од членот 69 од Законот за електронски медиуми.

веб-страница: www.e-mediji.hr

### 2. Законодавство што се однесува на говорот на омраза

#### *а) Закон за електронски медиуми*

**Член 12**

(2) кај аудио и/или аудиовизуелните услуги е забрането да се промовира, да се заштитува промовирање и ширење на омраза или дискриминација по основа на раса или етничка припадност или боја, пол, јазик,

вероисповед, политичко или друго убедување, национално или социјално потекло, имот, членство во синдикат, образование, социјален статус, брачен или семеен статус, возраст, здравствена состојба, инвалидитет, генетско наследство, вроден идентитет, изразување или сексуална ориентација, како и антисемитизам и ксенофобија, идеи на фашистички, националистички, комунистички и други тоталитарни режими.

**Член 16**

(4) Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смеат да:

- го загрозуваат почитувањето на човековото достоинство,
- вклучуваат или да промовираат дискриминација заснована врз полот, расното или етничкото потекло, националноста, вероисповедта или убедувањата, инвалидитетот, возраста или сексуалната ориентација,
- охрабруваат однесување што е штетно за здравјето и за безбедноста.

### *б) Кривично право*

**Јавно поттикнување на насилство и омраза**
**Член 325**

(1) Секој што преку печатен медиум, радио, телевизија, компјутерски систем или мрежа на јавни собири или на друг начин јавно поттикнува или јавно прави да се достапни памфлети, слики или друг материјал што повикува на насилство или на омраза насочени кон група лица или припадници на група поради нивната расна, верска, национална или етничка припадност, потекло, боја на кожа, пол, сексуална ориентација, родов идентитет, инвалидитет или која било друга карактеристика ќе биде казнет со казна затвор од три години.

(4) Со казна од став 1 од овој член ќе биде казнет секој што јавно одобрува, одрекува или значително ги намалува злосторството на геноцид, кривичните дела на агресија, кривичните дела против човештвото или воените злосторства насочени против група или припадник на група лица поради нивната раса, вероисповед, национално или етничко потекло или поради бојата на кожата на начин што е соодветен за предизвикување насилство или омраза против таквата група или припадници на таа група.

(5) Ќе се казни обид за кривично дело од ставовите 1 и 2 од овој член.

## МАКЕДОНСКИ ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ

### 1. Воспоставување, мандат и овластувања на националното регулаторно тело

Македонското национално регулаторно тело е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Македонија (АВМУ), основана со Законот за радио-

дифузна дејност од 1997 година[92], а од 2014 година нејзината работа е регулирана со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Надлежности на АВМУ се: обезбедување транспарентност на радиодифузерите; заштита и развој на плурализмот во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; охрабрување и поддршка на постоењето различни и независни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; преземање мерки во случај на прекршување на релевантните закони, подзаконски акти и на условите од дозволите; обезбедување заштита на малолетниците; усвојување на секундарното законодавство; заштита на интересите на граѓаните во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; утврдување нелегална медиумска концентрација; доделување, одземање или продолжување на дозволи за телевизиско или за радиоемитување; преземање мерки за привремен прекин на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од трети земји; усвојување на листа со настани од големо значење за јавноста; поттикнување на медиумската писменост; вршење програмски, административен и стручен надзор; водење на регистрите на ТВ, радио, печатените медиуми и АВ медиумски услуги по барање; спроведување истражувања и анализи поврзани со прашања што се однесуваат на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; спроведување мерења на гледаноста и на слушаноста на програмските услуги итн. Одлуките усвоени во случај на повреда на одредбите од законот, условите од дозволите, потврдата за регистрација, подзаконските акти и на другите акти на Агенцијата се конечни. Овие одлуки може да бидат предмет на управен спор пред надлежен суд.

веб-страница: www.avmu.mk.

АВМУ е законски обврзана да ги објавува сите извештаи од мониторингот и нејзините мерки на интернет-страницата (согласно со Законот од 2014 година). Секоја година се објавува годишниот извештај за работа. Освен тоа, анализата на преземените мерки и повторените прекршувања, како и анализите на законските постапки во втор степен редовно се објавуваат на интернет-страницата.

## 2. Законодавство што се однесува на говорот на омраза

### *а) Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:*

**Член 48**
**Посебни забрани**

(1) Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.

(2) Посебните забрани од став (1) од овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права“.

92 Првото име на регулаторното тело беше Совет за радиодифузија.

**Член 53**
**Аудиовизуелна комерцијална комуникација**

...

(4) Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смеат:

- да го доведуваат во прашање почитувањето на човековото достоинство,
- да вклучуваат или промовираат каква било дискриминација врз основа на пол, раса, етничка припадност, националност, вера или уверување, инвалидитет, возраст или сексуална ориентација,
- да поттикнуваат однесување кое е штетно за здравјето или безбедноста и
- да поттикнуваат однесување што значително ја загрозува животната средина.

...

**Член 61**
**Начела**

Радиодифузерите при вршењето на дејноста треба да ги почитуваат следниве начела:

- негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста,
- еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот,
- поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло,

...

- поттикнување на меѓународно разбирање и соработка, чувство на јавноста за правичност и за одбрана на демократските слободи,

...

- објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања,

...

## *б) Закон за спречување и заштита од дискриминација*

**Основи за дискриминација**
**Член 3**

Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).

**Значење на изразите употребени во овој закон**
**Член 5**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

.....

3. Дискриминација е секое неоправдано правно или фактичко, непосредно или посредно правење на разлика или нееднакво постапување, односно пропуштање (исклучување, ограничување или давање првенство) во однос на лица или групи кое се заснова на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа;

4. Дискриминаторско однесување и постапување е секое активно или пасивно однесување на секое лице од страна на јавните власти, како и од страна на правни и физички лица од приватниот и јавниот сектор во јавниот живот, кое создава основи за привилегирање или депривилегирање на некое лице на неоправдан начин, или кое го изложува на неправеден и деградирачки однос во споредба со други лица во слична ситуација, базирано на која било од дискриминаторските основи.

## *в) Кривичен законик*

**Загрозување на сигурноста**
**Член 144**

...

(4) Тој што по пат на информатички систем ќе се закани дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка

казна против некое лице поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со казна затвор од една до пет години.

...

**Предизвикување омраза, раздор и нетрпеливост врз основа на национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа**
**Член 319**

(1) Тој што со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, изложување на подбив на националните, етничките, верските и други симболи, со палење, уништување или на друг начин оштетување на знаме на Македонија или знамиња на други држави, со оштетување туѓи предмети, со скврнавење споменици, гробови или на друг дискриминаторен начин, непосредно или посредно, ќе предизвика или ќе разгори омраза, раздор или нетрпеливост врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Тој што делото од став 1 од овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери ќе се казни со казна затвор од една до десет години.

**Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски системи**
**Член 394-г**

(1) Тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со за-

кон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Со казната од став (1) на овој член ќе се казни и секој што ќе го стори делото преку други средства за јавно информирање.

(3) Тој што делото од ставовите (1) и (2) од овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери ќе се казни со затвор од една до десет години.

**Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човештвото или воени злосторства**
**Член 407-а**

(1) Тој што по пат на информационен систем јавно ги негира, грубо ги минимизира, ги одобрува и оправдува делата од членот 403 до член 407[93] ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Ако негирањето, минимизирањето, одобрувањето или оправдувањето е сторено со намера за поттикнување омраза, дискриминација или насилство против некое лице или група на лица поради нивната национална, етничка или расна припадност или верска определба, сторителот, ќе се казни со казна затвор најмалку четири години.

**Расна или друга дискриминација**
**Член 417**

(1) Тој што врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожата, родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата или верското уверување, други видови уверувања, образованието, политичката припадност, личниот или општествениот статус, менталната или телесната попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба, или која било друга основа предвидено со закон или со ратификуван меѓународен договор, ги повредува основните човекови права и слободи признати од страна на меѓународната заедница, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и лице што врши прогонување на организации или на поединци поради нивното залагање за рамноправност на луѓето.

(3) Тој што шири идеи за супериорност на една раса над друга или пропагира расна омраза или поттикнува на расна дискриминација ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

---

93 Членовите од 403 до 407 ги уредуваат прашањата на: геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства против цивили, воени злосторства против ранети и болни, воени злосторства против воени затвореници и употреба на нелегални средства за борба.

## ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ НА ЦРНА ГОРА

### 1. Воспоставување, мандат и овластувања на националното регулаторно тело

Национално регулаторно тело на Црна Гора е Агенцијата за електронски медиуми на Црна Гора (АЕМ), основана со Законот за електронски медиуми. Надлежности на АЕМ се: изработка на Развојна програма за аудиовизуелни медиумски услуги; одобрување на нацрт-планот за распределба на радиофреквенции; издавање лиценци за аудиовизуелни медиумски услуги за емитување и на барање; одредување надоместок на лиценци; водење регистар на провајдерите на АВМ-услуги и на електронски публикации; одлучување по жалби во однос на работата на провајдерите на АВМ– услуги; надзор над имплементацијата на законот; усвојување и имплементација на секундарната легислатива што го придружува законот; извршување на други задачи. Директорот на АЕМ е орган во прв степен, додека Советот на АЕМ дејствува како жалбен орган. Управна постапка може да се поведе пред Управниот суд на Црна Гора. Пред Уставниот суд на Црна Гора може да се поведе постапка против каков било правилник или некој друг општ подзаконски акт што ја регулира работата на провајдерот на аудиовизуелни медиумски услуги.

веб-страница: www.ardcg.org.

Сите одлуки што се однесуваат на процедурите на подносителите на жалби или на процедурите по службена должност на прекршување на условите на лиценцата се објавуваат на интернет-страницата. Исто така, на интернет-страницата се објавуваат и годишни финансиски и оперативни планови и извештаи, како и годишни ревизорски извештаи.

### 2. Законодавство што се однесува на говор на омраза

#### *Кривичен законик*

**4. Посебни одредби за одговорност за кривични дела извршени преку јавните информативни медиуми**
**Член 28**

(1) За кривични дела извршени преку јавните информативни медиуми за кривично одговорен/но се смета главниот уредник или лицето што го заменувало во време кога информацијата е објавена:

1. ако авторот остане непознат до крајот на сослушувањето пред првостепениот суд;
2. ако информацијата била објавена без согласност на авторот;
3. ако во време кога информацијата била објавена постоеле реални или правни пречки за гонење на авторот и тие сè уште траат.

(2) Главниот уредник или лицето што го заменувало нема да се смета за одговорен/но ако од оправдани причини тој/тоа не знаел/о за некои од околностите од точките 1–3 став 1 од овој член.

**Член 29**

(1) Кога постојат услови од членот 28 од овој Законик, следниве лица ќе се сметаат за кривично одговорни:

1) издавач – за кривично дело извршено преку редовни печатени публикации, а ако не постои главен уредник или ако постојат фактички или правни пречки за негово гонење, печатарот што знаел за тоа.

2) производител – за кривично дело извршено преку компакт-диск, грамофонска плоча, магнетофонска лента или друго аудиосредство, филм за јавно или за приватно прикажување, слајдови, видеа или други слични средства за комуникација наменети за поширока публика.

(2) Ако издавачот, печатарот или производителот се правни лица или владин орган, одговорно е лицето што е задолжено за издавање, печатење или за производство.

**Член 30**

Одредбите за кривичната одговорност за лицата дефинирани во членовите 28 и 29 од овој Законик ќе се применуваат само ако овие лица не може да се сметаат за извршители на кривичното дело според општите одредби на овој Законик.

**Член 42а**

Ако кривичното дело е извршено од омраза заснована врз раса, вероисповед, националност или етничка припадност, род, сексуална ориентација или родов идентитет на друго лице, судот ќе го смета тоа за отежнувачка околност, освен ако тоа не е пропишано како елемент на основна и сериозна форма на кривично дело.

**Предизвикување национална, расна и верска омраза, поделби и нетолеранција**
**Член 370**

(1) Секој што јавно поттикнува на насилство или на омраза кон група или кон припадник на група поради раса, боја на кожа, вероисповед, потекло, национална или етничка припадност ќе биде казнет со казна затвор од шест месеци до пет години.

(2) Казната од став 1 погоре, исто така, ќе се применува за секој што јавно го одобрува, го отфрла постоењето или значајно ја намалува сериозноста на кривичните дела геноцид, злосторства против човештвото и воени злосторства извршени против група или припадник на група поради неговата раса, боја на кожа, вероисповед, потекло, национална или етничка припадност на начин што може да води до насилство и да предизвика омраза против група лица или припадник на таа група кога таквите кривични дела се утврдени со конечна пресуда на суд во Црна Гора или на меѓународен кривичен суд.

(3) Кога делото од ставовите 1 и 2 е извршено со принуда, малтретирање, загрозување на безбедноста, изложување на потсмев на националните, етничките или на верските симболи, со оштетување на имот на друго лице, со скврнавење на споменици, меморијали или гробови, извршителот ќе биде казнет со затворска казна во траење од една до осум години.

(4) Кога делото од ставовите од 1 до 3 е извршено со злоупотреба на службената должност или кога резултат на такво се безредија, насилство или други сериозни последици за заедничкиот живот на нациите, националните малцинства или етничките групи што живеат во Црна Гора, извршителот ќе биде казнет за делото од став 1 со затворска казна во траење од една до осум години и за делото од ставовите 2 и 3 со казна затвор од две до десет години.

**Расна и друга дискриминација**
**Член 443**

(1) Секој што по основа на разлика во раса, боја на кожа, националност или етничко потекло или некоја друга индивидуална карактеристика ќе ги прекрши основните човекови права и слободи гарантирани со општоприфатените принципи на меѓународните закони и меѓународните договори ратификувани од Црна Гора ќе биде казнет со затворска казна во траење од шест месеци до две години.

(2) Казната од став 1 од овој член ќе биде изречена за лице што прогонува организации или поединци за нивните напори да обезбедат еднаквост на луѓето.

(3) Секој што шири идеи за супериорност на една раса врз друга или промовира омраза или нетолеранција заснована врз раса, род, инвалидитет, сексуална ориентација, родов идентитет или друга лична карактеристика или поттикнува расна или друга дискриминација ќе биде казнет со затворска казна во траење од три месеци до три години.

(4) Кога делото од ставовите од 1 до 3 е извршено со злоупотреба на службената должност или кога резултат на такво дело се безредија и насилство, извршителот ќе биде казнет за делото под ставовите 1 и 2 со затворска казна во траење од една до осум години и за делото под став 3 со затворска казна во траење од шест месеци до пет години.

## *б) Закон за медиуми*

**Член 11**

Врз основа на предлогот на државниот обвинител, надлежниот суд може да забрани дистрибуција на објавена медиумска програма што: повикува на насилно уривање на уставниот систем и нарушување на територијалниот интегритет на Црна Гора; ги прекршува гарантираните човекови и граѓански права и слободи; или поттикнува национална, расна или верска нетолеранција или омраза.

**Член 23**

Забрането е да се објавуваат информации и мислења што поттикнуваат на дискриминација, омраза или насилство против лица или група лица врз основа на нивната припадност или неприпадност на одредена раса, вероисповед, нација, етничка група, пол или сексуална ориентација.

Основачот на медиумот и авторот нема да се сметаат за одговорни ако објавените информации и мислења наведени во став 1 од овој член се дел од научна или од авторска работа што е предмет на јавно прашање и која е објавена:

- без намера да поттикне дискриминација, омраза или насилство и претставува дел од објективен новинарски извештај;
- со намера критички да укаже на дискриминација, омраза или насилство или на која било друга појава што претставува или би можела да претставува поттикнување на таквото однесување.

## *в) Закон за електронски медиуми*

**Член 48**

(2) Со услугите на АВМ не смее да се поттикнуваат, овозможуваат поттикнување или да се шират омраза и дискриминација по основа на раса, етничко потекло, боја на кожа, јазик, вероисповед, политички или други убедувања, национално или социјално потекло, финансиска состојба, членство во синдикат, образование, социјален статус, брачен или семеен статус, возраст, здравствена состојба, инвалидитет, генетско наследство, родов идентитет или сексуална ориентација.

**Член 85**

...

(3) Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смеат:

...

2) да промовираат дискриминација заснована врз пол, расно или етничко потекло, вероисповед или убедување, инвалидитет, возраст или сексуална ориентација.

### *г) Правилник за програмските стандарди во електронските медиуми*

**Член 4**

Говор на омраза: сите форми на поттикнување или овозможување на поттикнување или ширење омраза и дискриминација по основа на раса, етничко потекло, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политички или други убедувања, национално или социјално потекло, имотна состојба, членство во синдикат, образование, социјален статус, брачен или семеен статус, возраст, здравствена состојба, инвалидитет, генетско наследство, родов идентитет или сексуална ориентација.

**Член 6**

На електронските медиуми им се забранува да емитуваат програма што:

...

д) стимулира, овозможува поттикнување или шири говор на омраза.

**Член 17**

(1) Програмите на електронските медиуми нема да имаат цел да ги прекршуваат гарантираните човекови слободи и човековите и граѓанските права или да провоцираат национална, расна и верска нетолеранција со омраза.

(2) Електронските медиуми нема да емитуваат програми што промовираат припадност на една етничка група, пол или сексуална ориентација како форма на дискриминација.

(3) Електронските медиуми се обврзуваат да избегнуваат употреба на навредливи термини што може да се поврзат со одредена општествена група.

**Член 18**

Емитување на програми од член 17 е дозволено ако тие се дел од научна, авторска или од документарна работа, а ако е објавена:

а) без намера да поттикне дискриминација, омраза или насилство или претставува дел од објективен извештај;

б) со намера критички да укаже на дискриминацијата, омразата, насилството или на факторите што го поттикнуваат или би можеле да го поттикнат таквото однесување.

## ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ НА КОСОВО

### 1. Воспоставување, мандат и овластувања на националното регулаторно тело

Национално регулаторно тело е Независна комисија за медиуми (НКМ), основана со Уставот на Република Косово и со Законот бр. 04/L-44 за Независната комисија за медиуми. НКМ е независно тело, одговорно за регулирање на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, вклучувајќи го и усвојувањето на подзаконските акти, процедури за издавање лиценци, управување и надзор на радиодифузниот фреквенциски спектар, утврдување и наплата на надоместокот за лиценца, како и изрекување санкции за повреда на правилата и на прописите. НКМ е задолжена за подготовка на стратегиските документи, како што се: документи што се однесуваат на премин на дигитална радиодифузија, како и на други стратегиски документи за аудиовизуелните медиумски услуги, за одобрение од Владата. НКМ е составена од: Комисија, Главна извршна канцеларија и Одбор за жалби. Членовите на Комисијата и на Одборот за жалби се избрани од страна на Собранието додека шефот на Главната извршна канцеларија е назначен од страна на Комисијата. Одлуките на НКМ може да бидат обжалени пред Одборот за жалби. Подоцна може пред суд да се поведе второстепена жалбена постапка.

веб-страница: www.kpm-ks.org.

НКМ подготвува годишни извештаи што се објавуваат откако ќе бидат одобрени од Парламентот.

### 2. Законодавство што се однесува на говор на омраза

**Етички кодекс на провајдерите на медиумски услуги**
**Член 3. Штетна и навредлива содржина**

1. Провајдерите на медиумски услуги не смеат да емитуваат материјал што промовира или поттикнува криминал и криминални активности или носи ризик од предизвикување штета што може да резултира со смрт, повреда, оштетување на имот или со некој друг вид насилство.

3. Провајдерите на медиумски услуги се грижат материјалот што може да предизвика штета или претставува повреда да биде оправдан со контекст. Таквите материјали може да вклучат, без ограничување, навредлив јазик, насилство, секс, сексуално насилство, понижување, болка, повреда на човековото достоинство, дискриминаторско постапување или јазик. Исто така, соодветни информации треба да се пренесат во случаи кога тоа ќе помогне да се избегне или да се минимизира евентуалното насилство.

**Член 4. Вулгарен или навредлив јазик**

1. Провајдерите на медиумските услуги не смеат да емитуваат материјал што содржи вулгарен или навредлив јазик пред времето со ограничување (од 24:00 до 05:00 часот).

2. Вулгарен или навредлив јазик нема да се користи во емисии што се наменети за деца или за малолетници, освен во поспецифични случаи оценети врз основа на контекстот.

3. Во текот на емисиите во живо (дебати/интервјуа итн.) обврска на провајдерот на медиумски услуги е да преземе соодветни активности за да избегне употреба на вулгарен или навредлив јазик од учесниците.

4. Вулгарен или навредлив јазик не смее да се користи пред времето со рестрикција (во случај на телевизии) или особено кога постои веројатност да слушаат деца (во случај на радио), освен ако тоа не е оправдано со контекстот.

**Член 5. Поттикнување омраза**

1. Провајдерите на медиумски услуги не смеат да поттикнуваат или да промовираат, намерно или индиректно, каква било форма на дискриминација и нетолеранција и не смеат да емитуваат материјали што деградираат етничка или религиозна група или имплицираат дека некоја етничка или религиозна група е одговорна за криминална активност.

2. Раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго мислење; национално или социјално потекло; поврзување со заедница; имот; сексуална, економска и социјална ориентација; раѓање, инвалидитет или каков било друг личен статус не смее да се користат на начин на кој поединци се ставаат во понижувачка, неповолна положба или со нив да се потсмеваат или да се подбиваат.

3. При емитувањето содржини провајдерот на медиумски услуги нема да дозволи употреба на понижувачки јазични изрази наменети да повредат или да му се заканат на некое лице или на група лица врз основа на етничка припадност, вероисповед, род, раса, брачен статус, возраст или физичка или ментална инвалидност.

4. Провајдерите на медиумски услуги ќе се погрижат да користат прописна, погодна и прифатлива терминологија за категоријата луѓе со инвалидитет.

5. Провајдерите на медиумски услуги не смеат да емитуваат програмски содржини што поттикнуваат омраза и нееднаквост и може да резултираат со криминални или со насилни активности против поединци или групи.

6. Провајдерите на медиумски услуги не смеат да емитуваат програмски содржини што поттикнуваат омраза врз основа на етничка припадност, вероисповед, род, раса, брачен статус, сексуална ориентација, возраст, ментална или физичка инвалидност, без оглед на ситуацијата или на околностите.

7. Референците што се однесуваат на припадност заснована врз раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, поврзување со заедница, имот, економски и социјален статус, сексуална ориентација, раѓање, инвалидитет или каков било друг личен статус смеат да се прават само во случаи кога таквите информации се од директна важност за настанот што е предмет на известување.

8. Провајдерот на медиумски услуги нема да емитува програмски содржини што поттикнуваат на безредие или на бунт.

# ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ НА СРБИЈА

## 1. Воспоставување, мандат и овластувања на националното регулаторно тело

Национално регулаторно тело на Србија е Регулаторно тело за електронски медиуми (РЕМ), основано со Закон за електронски медиуми. Надлежности на РЕМ се: дефинирање на предлогот за стратегија за развој на медиумски услуги за радио и аудиовизуелни медиумски услуги и негово проследување до Владата за одобрување; усвојување на Статут; издавање на општи подзаконски акти пропишани со Законот; издавање лиценци за обезбедување на медиумски услуги за телевизиски и линеарни радиомедиумски услуги; детализирање на процедурата, условите и на критериумите за давање лиценци во согласност со одредбите на Законот и пропишување на формата и на содржината на лиценцата; издавање лиценци за обезбедување медиумски услуги на барање и утврдување на процедурата за издавање лиценци; водење Регистар за медиумски услуги и водење евиденција за провајдерите на аудиовизуелните медиумски услуги на барање; контрола на работата на провајдерите на медиумски услуги и обезбедување доследна примена на одредбите од Законот; изрекување мерки на провајдерите на медиумски услуги во согласност со Законот; пропишување правила што се обврзни за провајдерите на медиумски услуги, особено оние што обезбедуваат имплементација на стратегијата спомената на почетокот; одлучување за надоместоците во врска со програмските активности на провајдерите на медиумски услуги; одредување на логичкото нумерирање на каналите; доставување на нејзино мислење до надлежните државни органи во врска со пристапувањето до меѓународните конвенции што се однесуваат на полето на обезбедување на радиодифузни услуги; иницирање на подготовка и измени на законите, регулативите и на општите акти за ефективно извршување на задачите од нивниот обем на работа; утврдување на специфични правила што се однесуваат на програмски содржини во однос на заштитата на човековото достоинство и на другите лични права, заштитата на правата на малолетниците, забраната на говор на омраза итн.; спроведување анализи на релевантниот медиумски пазар, во соработка со органот што е одговорен за заштита на конкуренцијата во согласност со методологијата пропишана со закон усвоен од регулаторот; спроведување истражувања за потребите на корисниците на медиумски услуги и заштита на нивните интереси; соработка и координирање на работата со органот што е задолжен за електронски комуникации и органот што е одговорен за заштита на конкуренцијата, како и со други регулаторни органи во согласност со Законот; охрабрување за зачувување и заштита на српската култура и јазик, како и на културата и на јазиците на националните малцинства; промовирање на подобрен пристап до медиумските услуги за лица со инвалидитет; охрабрување на развојот на креативноста во областа на радиото, телевизијата и на другите аудиовизуелни медиумски услуги; промовирање на развојот на професионализам и на високо ниво на образование на вработените во електронските медиуми во Република Србија, како и подобрување на уредувачката независност и автономија на провајдерите на медиумските услуги итн. Управна постапка може да се поведе пред Управниот суд против која било одлука на Советот на РЕМ што е усвоена во случаи на повреда на лиценца.

веб-страница: www.rem.rs.

Сите одлуки на РЕМ што се однесуваат на процедури за поднесување жалби или на процедури по службена должност се објавуваат на интернет-страницата.

Годишните извештаи на РЕМ содржат клучни податоци за структурата на мерките што се издадени против провајдерите на АВМУ.

## 1. Законодавство што се однесува на говор на омраза

### *Устав на Република Србија*

**Член 49. Забрана за поттикнување расна, етничка и верска омраза**

Какво било поттикнување на расна, етничка, верска или друга нееднаквост или омраза се забранети и казниви.

### *Закон за јавно информирање и медиуми*

**Член 75. Забрана на говор на омраза**

Забрането е да се поттикнуваат дискриминација, омраза или насилство против лица или групи лица врз основа на нивната припадност или неприпадност на одредена раса, вероисповед, нација, пол, сексуална ориентација или други карактеристики, со идеи, мислења или информации објавени во медиуми, без оглед дали делото е извршено со објавување.

### *Закон за забрана на дискриминација*

**Член 11. Говор на омраза**

Забрането е да се изразуваат идеи, информации и мислења што поттикнуваат дискриминација, омраза или насилство против лице или група лица врз основа на нивните лични карактеристики, во јавните органи и во други публикации, на собири и на места пристапни за јавноста, со пишување и со прикажување на пораки или на симболи и на друг начин.

### *Закон за електронски медиуми*

**Член 51. Забрана на говор на омраза**

Регулаторот ќе обезбеди програмските содржини на провајдерите на медиумските услуги да не содржат информации што отворено или скриено поттикнуваат на дискриминација, омраза или на насилство врз основа на раса, боја на кожа, потекло, државјанство, национално потекло, јазик, верски или политички убедувања, пол, родов идентитет, сексуална ориентација, економски статус, раѓање, генетски карактеристики, здравствена состојба, инвалидитет, брачен и семеен статус, криминално досие, возраст, изглед, членство во политичка партија, синдикат и други организации и други реални или претпоставени лични карактеристики.

## *Кривичен законик*

### Член 38. Одговорност на уредникот

За извршител на кривично дело извршено со објавување информација во весник, на радио, телевизија или во друг јавен медиум ќе се смета авторот на таа информација.

Со исклучок на одредбите од став 1 од овој член одговорниот уредник или лице што го менува во тој период ќе се смета за лице одговорно за извршување на кривично дело:

1) ако во време на првата постапка пред првостепениот суд авторот останал непознат;

2) ако информацијата била објавена без согласност на авторот;

3) ако во време на објавувањето на информацијата постоеле реални или правни ограничувања за гонење на авторот, а таквите ограничувања сѐ уште важат.

Одговорноста на уредникот или одговорноста на лицето што го заменува се исклучува ако бил во заблуда што не можела да се отстрани, во однос на некои од околностите од став 2 точки од 1) до 3) од овој член.

### Член 387. Расна и друга дискриминација

Секој што врз основа на разлика на раса, боја на кожа, верска припадност, националност, етничко потекло или која било друга лична карактеристика ги повредува основните човекови права и слободи што се гарантирани со општоприфатени правила на меѓународното право и ратификуваните меѓународни договори со Србија ќе биде казнет со казна затвор од шест месеци до пет години.

Казната од став 1 од овој член ќе се применува на секој што врши прогонување на организации или поединци заради нивно залагање за еднаквост на луѓето.

Секој што шири идеи на супериорност на една раса над друга или пропагира расна омраза или поттикнува расна дискриминација ќе биде казнет со казна затвор од три месеци до три години.

Секој што шири или на друг начин прави на јавноста да ѝ бидат достапни текстови, слики или други претставувања на идеи или на теории што заговараат или поттикнуваат омраза, дискриминација или насилство против некое лице или група лица, врз основа на раса, боја на кожа, верска припадност, националност, етничко потекло или која било друга лична карактеристика ќе биде казнет со казна затвор од три месеци до три години.

Секој што јавно се заканува дека против лица или групи лица заради нивна припадност на одредена раса, вероисповед, националност, ет-

ничко потекло или која било друга лична карактеристика ќе изврши кривично дело за кое е предвидена казна затвор до четири години ќе биде казнет со казна затвор од три месеци до три години.

## *Правилник за заштита на човековите права во областа на обезбедување медиумски услуги*

**Член 27. Забрана на говор на омраза**

Провајдерите на медиумски услуги не смеат да објавуваат програмски материјал што вклучува информации што поттикнуваат, отворено или скриено, дискриминација, омраза или насилство против лица или групи лица врз основа на нивната раса, боја на кожа, потекло, националност, етничка припадност, јазик, верско или политичко мислење, пол, родов идентитет, сексуална ориентација, сиромаштија, раѓање, генетски карактеристики, здравствена состојба, инвалидитет, брачен или семеен статус, криминално досие, возраст, изглед, членство во политичка партија, синдикат или други организации или други реални или претпоставени лични карактеристики.

Провајдерот на медиумски услуги не смее да објавува материјали што ја слават, оправдуваат или ја минимизираат дискриминацијата, омразата или насилството против лица или групи лица од став 1 од овој член.

Забраната од ставовите 1 и 2 од овој член ќе се применува без оглед дали објавувањето на програмскиот материјал претставува кривично дело или не.

При оценувањето дали конкретен програмски материјал ги има карактеристиките наведени во ставовите 1 и 2 од овој член особено ќе се земат предвид карактерот и целта на програмскиот материјал, тековната општествена и политичка ситуација во земјата и во странство, тековното јавно мислење, како и претходните настани што се битни за настаните, појавите или за лицата на кои се однесува материјалот.

Забраните од ставовите 1 и 2 од овој член не влијаат врз правото на провајдерот на медиумски услуги да:

1) Објавува информации што се дел од објективен новинарски извештај, без намера да поттикнува дискриминација, омраза или насилство против лица или групи лица; или

2) Објавува информации со намера критички да поттикне дискриминација, омраза или насилство против лица или групи лица или појави што, реално или потенцијално, претставуваат поттикнување на такво однесување.

# Анекс 2 – Релевантната судска практика на Европскиот суд за човекови права

Овој дел претставува извадок од книгата на факти на Европскиот суд за човекови права за неговата судска практика, како дел од публикацијата на Судот што редовно се ажурира и која е достапна на:

http://www.echr.coe.int/Documents/FS_Hate_speech_ENG.pdf

## ГОВОР НА ОМРАЗА

„Слободата на изразување претставува еден од суштинските темели на едно (демократско) општество, еден од основните услови за негов напредок и за напредокот на секој човек. Во согласност со ставот 2 од член 10 (од Европската конвенција за човекови права), тоа е применливо не само на 'информации' или 'идеи' што со одобрување се примаат или се сметаат за ненавредливи или за неважно прашање туку и на оние што навредуваат, шокираат или ја вознемируваат државата или некој дел од нејзината популација. Такви се барањата за плурализам, толеранција и широчина во сфаќањата без кои нема 'демократско општество'. Ова, меѓу другото, значи дека секоја 'формалност', 'услов', 'ограничување' или 'казна' што се наметнати во оваа сфера мора да бидат пропорционални на легитимната цел што треба да се постигне." (Хендисајд против Обединетото Кралство [Handyside v. United Kingdom]).

„...Толеранцијата и почитувањето на еднакво достоинство на сите човечки суштества претставуваат основи на едно демократско, плуралистичко општество. Ако е така, како прашање на принцип, може да се смета за неопходно во одредени демократски општества да се санкционираат, па дури и да се превенираат сите форми на изразување што шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат омраза заснована врз нетолеранција..., под услов сите 'формалности', 'услови' или 'ограничувања' што се наметнати да бидат пропорционални на легитимната цел кон која се тежнее." Ербакан против Турција (Erbakan v. Turkey), пресуда од 6 јули 2006 година, став 56).

1. Кога решава во случаи што се однесуваат на предизвикување омраза и на слободата на изразување, Европскиот суд за човекови права користи два пристапи што се предвидени во Европската конвенција за човекови права:

– пристапот за изземање од заштита со Конвенцијата, предвидена во членот 17 (Забрана на злоупотреба на правата), каде што предметните коментари претставуваат говор на омраза и ги негираат основните вредности на Конвенцијата; и

– пристапот на воспоставување на ограничувања на заштитата, предвидени во членот 10 став 2 од Конвенцијата (овој пристап се усвојува кога предметниот говор, иако претставува говор на омраза, не може да ги уништи основните вредности на Конвенцијата).

2. Информативните интернет-портали што, поради комерцијални и професионални цели, нудат платформа за коментари добиени од корисниците преземаат „должности и одговорности“ што се поврзуваат со слободата на изразување во согласност со членот 10 став 2 од Конвенцијата кога корисниците шират говор на омраза или коментари што претставуваат директно поттикнување на насилство.

## Изземање од заштитата од Конвенцијата

„Нема сомнение дека каква било забелешка насочена против основните вредности на Конвенцијата би била отстранета од заштитата од членот 10 (Слобода на изразување) со членот 17 (Забрана за злоупотреба на правата) (...)“ Суро против Франција (Seurot v. France), одлука за прифатливоста од 18 мај 2004 година)

## ЕТНИЧКА ОМРАЗА

### Павел Иванов против Русија (Pavel Ivanov v. Russia), 20 февруари 2007 година (одлука за прифатливост)

Подносителот на апликацијата, кој бил сопственик и уредник на весник, бил осуден за јавно поттикнување на етничка, расна и на верска омраза со користење на медиуми за масовно информирање. Тој како автор објавил серија статии во кои Евреите биле прикажани како извор на зло во Русија, барајќи нивно исклучување од општествениот живот. Тој обвинил цела етничка група за ковење заговор против рускиот народ и на еврејското водство му ја припишал фашистичката идеологија. Во своите публикации, како и во усното излагање на судењето, тој упорно им го одрекувал правото на Евреите на национален дигнитет, тврдејќи дека тие не претставуваат нација. Подносителот на апликацијата особено се жалел дека неговата пресуда за поттикнување расна омраза не е оправдана.

Судот ја прогласи апликацијата за недопустлива (некомпатибилна, ratione materiae). Судот немаше сомнение во однос на значителниот антисемитски карактер на гледиштата на подносителот на апликацијата и се согласи со оцената на домашните судови дека преку своите публикации тој настојувал да предизвика омраза кон еврејскиот народ. Ваков општ жесток напад кон една

етничка група е насочен кон основните вредности на Конвенцијата, како што се толеранцијата, општествениот мир и недискриминацијата. Според тоа, во смисла на членот 17 (Забрана на злоупотреба на правата) од Конвенцијата, подносителот на апликацијата не можел да ја искористи заштитата што ја нуди членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата.

Видете и: В.П. и други против Полска (W.P. and Others v. Poland) (бр. 42264/98), одлука за допустливост од 2 септември 2004 година (што се однесува на одбивањето на полските власти да дозволат основање на здружение со статут што содржи антисемитски изјави – Судот сметаше дека не може подносителот на апликацијата да се повикува на заштитата што ја нуди членот 11 [Слобода на собирање и здружување] од Конвенцијата).

## НЕГАЦИЈА И РЕВИЗИОНИЗАМ

### Гароди против Франција (Garaudy v. France), 24 јуни 2003 година (одлука за прифатливост)

Подносителот на апликацијата, кој е автор на книгата со наслов „Основачки митови на модерен Израел", бил осуден поради кривични дела оспорување на постоење на злосторства против човештвото, клевета во јавноста за група лица – во овој случај еврејската заедница – и поттикнување расна омраза. Тој тврдел дека е прекршено неговото право на слобода на изразување.

Судот ја прогласи апликацијата за неприфатлива (некомпатибилна, ratione materiae). Тој сметаше дека содржината на забелешките на подносителот на апликацијата содржела негирање на холокаустот и истакна дека негирањето на злосторствата против човештвото е една од најсериозните форми на расна клевета на Евреите и поттикнување омраза кон нив. Оспорувањето на постоењето на јасно утврдени историски настани не претставува научно или историско истражување; вистинска цел била да се рехабилитира национал-социјалистичкиот режим и да се обвинат самите жртви за фалсификување на историјата. Со оглед на тоа што ваквите дејства се очигледно неусогласени со основните вредности што се очекува да се промовираат со Конвенцијата, Судот го примени членот 17 (Забрана за злоупотреба на права) и сметаше дека подносителот на апликацијата немал право да се потпира на членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата.

Видете и: Хонсик против Австрија (Honsik v. Austria), одлука на Европската комисија за човекови права од 18 октомври 1995 година (се однесува на негирање на извршувањето на геноцидот во гасните комори во концентрационите логори во времето на национал-социјализмот); Маре против Франција (Marais v. France), одлука на Комисијата од 24 јуни 1996 година (се однесува на статија во периодично списание наменета да укаже на научната неверодостојност на „наводните убивања со гас").

### Мбала Мбала против Франција (M'Bala M'Bala v. France), 20 октомври 2015 година (одлука за прифатливост)

Случајот се однесува на осудата на Диодон М'Бала М'Бала, комичар со политичка активност, поради јавни навреди насочени кон лице или група лица за сметка на нивното потекло или припадност на одредена етничка заедница,

нација, раса или вероисповед, конкретно во овој случај на лица од еврејско потекло и вероисповед. На крајот на своето шоу во декември 2008 година во „Зенит“ во Париз, подносителот на апликацијата го поканил Робер Форисон, академик со голем број пресуди во Франција за неговите негаторски и ревизионистички мислења, главно поради неговото негирање на постоењето на гасните комори во концентрационите логори, да му се придружи на бината и да прими „награда за дрскост и за безобразие“. Наградата, која имала форма на држач за свеќи со три крака со по едно јаболко на секој крак, му била доделена од актерот што носел нешто што било опишано како „наметка од светлина“ – ригести пижами со закачена жолта ѕвезда на која било напишано „Евреин“ – кој со тоа глумел улога на Евреин депортиран во концентрационен логор.

Судот ја прогласил апликацијата за неприфатлива (некомпатибилна, ratione materiae) во согласност со членот 35 (Критериуми за прифатливост) на Конвенцијата, констатирајќи дека според членот 17 (Забрана за злоупотреба на права), подносителот на апликацијата немал право на заштита според членот 10 (Слобода на изразување). Судот особено сметал дека за време на навредливата сцена, на настапот повеќе не можело да се гледа како на забава, туку тој повеќе личел на политички состанок што, под преттекстот на комедија, промовирал негативизам преку клучната позиција што ѝ била дадена на појавата на Робер Форисон и деградирачкото портретирање на жртвите на еврејската депортација соочени со човек што го негира нивното истребување. Според гледиштето на Судот, ова не бил настап што, дури и да бил сатиричен или провокативен, спаѓа под заштита на членот 10, туку во реалноста, во околностите на случајот, тој претставувал демонстрација на омраза и антисемитизам и поддршка за негирањето на холокаустот. Маскиран како уметничка продукција, всушност, тој бил толку опасен како директен и ненадеен напад и обезбедил платформа за една идеологија што е спротивна на вредностите на Европската конвенција. Според тоа, Судот заклучи дека подносителот на апликацијата настојувал да го пренасочи членот 10 од неговата вистинска цел користејќи го правото на слобода на изразување за цели што не се усогласени со словото и со духот на Конвенцијата и кои, ако се дозволат, би придонеле кон уништувањето на правата и на слободите на Конвенцијата.

## РАСНА ОМРАЗА

### Глимервиен и Хакенбек против Холандија (Glimmerveen и Haqenbeek v. The Netherlands), 11 октомври 1970 година (одлука на Европската комисија за човекови права)

Во овој случај подносителите на апликацијата биле осудени за поседување летоци наменети за „Белите Холанѓани“, кои забележително имале тенденција да обезбедат сите што не се белци да ја напуштат Холандија.

Комисијата ја сметаше апликацијата за неприфатлива, констатирајќи дека членот 17 (Забрана за злоупотреба на правата) на Конвенцијата не дозволува примена на членот 10 (Слобода на изразување) за ширење идеи што се расно дискриминаторски.

## ВЕРСКА ОМРАЗА

### Норвуд против Обединетото Кралство (Norwood v. The United Kingdom), 16 ноември 2004 година (одлука за прифатливост)

Подносителот на апликацијата на својот прозорец поставил постер што го добил од Британската национална партија, чиј член бил тој, на кој биле прикажани Кулите близначки во оган. Сликата била придружена со зборовите: „Ислам надвор од Британија – заштитете го британскиот народ". Како резултат на тоа, тој бил осуден за тешко непријателство кон религиозна група. Подносителот на апликацијата, меѓу другото, тврдел дека е повредено неговото право на слобода на изразување.

Судот ја прогласи апликацијата за неприфатлива (некомпатибилна, ratione materiae). Тој утврди дека ваков генерален, жесток напад против религиозна група, поврзување на групата како целина со сериозен терористички акт не е во согласност со вредностите што ги прокламира и ги гарантира Конвенцијата, а тоа се толеранцијата, општествениот мир и недискриминацијата. Според тоа, Судот сметаше дека прикажувањето на постерот од подносителот на апликацијата на неговиот прозорец претставува чин во смисла на членот 17 (Забрана на злоупотреба на правата) на Конвенцијата, така што подносителот на апликацијата не можел да ја бара заштитата што ја нуди членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата.

## ЗАКАНА ЗА ДЕМОКРАТСКИОТ ПОРЕДОК

По правило, врз основа на неусогласеност со вредностите на Конвенцијата,Судот ги прогласува за неприфатливи апликациите што се инспирирани од тоталитарни доктрини или изразуваат идеи што претставуваат закана за демократскиот поредок и се одговорни за водење кон обнова на тоталитарен режим.

Видете, меѓу другото: Комунистичка партија на Германија против Сојузна Република Германија (Communist Party of Germany v. Federal Republic of Germany), одлука на Европската комисија за човекови права од 20 јули 1957 година; Б.Х, М.В, Х.П и Г.К против Австрија (B.H, M.W, H.P and G.K. v. Austria) (апликација бр. 12774/87), одлука на Комисијата од 12 октомври 1989 година; Нахтман против Австрија (Nachtmann v. Austria), одлука на Комисијата од 9 септември 1998 година; Шиманек против Австрија (Schimanek v. Austria), одлука на Судот за прифатливост од 1 февруари 2000 година.

### Ограничувања на заштитата што ја нуди член 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата

Според членот 10 став 2 од Конвенцијата, Судот ќе испитува сукцесивно дали постои мешање во слободата на изразување, ако ова мешање е пропишано со закон и ако со него се настојува да се постигнат една или повеќе легитимни цели и, конечно, дали е неопходно во едно демократско општество да се постигнат тие цели.

## ОДБРАНА НА НАСИЛСТВОТО И ПОТТИКНУВАЊЕ НА НЕПРИЈАТЕЛСТВО

### Сурек (бр. 1) против Турција (Sürek (no.1) v. Turkey), 8 јули 1999 година (Голем судски совет)

Подносителот на апликацијата бил сопственик на неделно списание во кое биле објавени писма од двајца читатели со кои остро биле осудени воените акции на властите во Југоисточна Турција и биле обвинети за брутално задушување на курдскиот народ во неговата борба за независност и слобода. Подносителот на апликацијата бил осуден за „ширење пропаганда против неделивоста на државата и предизвикување непријателство и омраза меѓу луѓето". Тој се пожалил дека е повредено неговото право на слобода на изразување.

Судот сметаше дека во случајот нема повреда на членот 10 (Слобода на изразување). Тој забележа дека спорните писма претставувале повик за крвна одмазда и дека во едно од нив биле идентификувани лица по име, писмата поттикнувале омраза кон тие лица и ги изложиле на можна опасност од физичко насилство. Иако подносителот на апликацијата не се поврзал лично со ставовите содржани во писмата, сепак, на нивните автори тој им обезбедил средство за поттикнување насилство и омраза. Судот сметаше дека тој, како сопственик на списание, индиректно подлежи на обврски и на одговорности што редакцијата и новинарскиот персонал на ревијата ги презеле при собирањето и ширењето информации во јавноста, што подразбира дури и поголемо значење во ситуации на конфликт и тензии.

Видете, меѓу другото, и: Озгур Гундем против Турција (Özgür Gündem v. Turkey), пресуда од 16 март 2000 година (осуда на дневен весник за објавување три статии што содржеле пасуси со кои се заговарало интензивирање на вооружената борба, се величала војната и била искажана намерата за борба до последна капка крв); Медиа ФМ Реха Радиове Илетисим Хизметлери А.С. против Турција (Medya FM Reha Radyove Iletişim Hizmetleri A. Ş. V. Turkey), одлука за прифатливост од 14 ноември 2006 година (едногодишна суспензија на правото за емитување, по повеќе радиоемисии за кои се сметало дека се спротивни на принципите на националното единство и територијалниот интегритет и дека потенцијално може да предизвикаат насилство, омраза и расна дискриминација).

### Гундуз против Турција (Gündüz v. Turkey), 13 ноември 2003 година (одлука за прифатливост)

Подносителот на апликацијата, кој бил водач на исламска секта, бил обвинет за поттикнување за извршување кривично дело и за поттикнување верска омраза врз основа на изјавите објавени во печатен медиум. Тој бил осуден на затворска казна од четири години и два месеца и на парична казна. Подносителот на апликацијата, меѓу другото, изјавил дека е повредено неговото право на слобода на изразување.

Судот ја прогласи апликацијата за неприфатлива (очигледно неоснована), утврдувајќи дека сериозноста на досудената казна на подносителот на апликацијата не можела да се смета за непропорционална во однос на легитимната цел што се настојува да се постигне, односно спречување на јавно поттикнување на извршување кривични дела. Судот особено нагласи дека изјавите што може да се сметаат

дека претставуваат говор на омраза или глорификација или поттик на насилство, како што се оние што се дадени во конкретниот случај, не може да се сметаат за усогласени со поимот на толеранција и се во спротивност со основните вредности на правдата и мирот утврдени со Преамбулата на Конвенцијата. Навистина, казната на подносителот на апликацијата, која била зголемена затоа што делото било извршено преку средства за масовна комуникација, била строга. Меѓутоа, Судот сметаше дека одредбата за казни во домашното законодавство, чија цел е одвраќање, можеби е неопходна кога однесувањето достигнува ниво какво што е забележано во конкретниот случај и кога станува неподносливо со тоа што ги негира основните принципи на плуралистичка демократија.

## Гундуз против Турција (Gündüz v. Turkey), 4 декември 2003 година

Подносителот на апликацијата бил самопрогласен член на исламска секта. Во текот на телевизиската дебата, емитувана доцна во ноќта, тој многу критички зборувал за демократијата, опишувајќи ги современите секуларни институции како „безбожни", жестоко критикувајќи ги секуларните и демократските принципи и отворено повикувајќи на воведување на шеријатското право. Тој бил осуден за отворено поттикнување на населението на омраза и непријателство врз основа на разлики засновани врз припадност на религија или вероисповед. Подносителот на апликацијата тврдел дека е повредено неговото право на слобода на изразување.

Судот сметаше дека постои повреда на членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата. Тој особено забележа дека подносителот на апликацијата, кој ги застапувал екстремистичките идеи на својата секта, со кои јавноста веќе била запознаена, активно учествувал во јавната расправа во живо. Се настојувало со плуралистичката дебата да се претстават сектата и нејзините неортодоксни гледишта, вклучувајќи го и поимот дека демократските вредности не се усогласени со нејзината идеја за исламот. Темата била предмет на општо распространета дебата во турските медиуми и се однесувала на проблем од општ интерес. Судот сметаше дека забелешките на подносителот на апликацијата не треба да се сметаат за повик на насилство или на говор на омраза заснован врз верска нетолеранција. Самиот факт на одбрана на шеријатот, без повик на насилство за да се воспостави шеријатот, не може да се смета за говор на омраза.

## Фарук Темел против Турција (Faruk Temel v. Turkey), 1 февруари 2011 година

Подносителот на апликацијата, кој бил претседател на легална политичка партија, прочитал изјава за медиумите на состанокот на партијата, во која ја критикувал интервенцијата на Соединетите Американски Држави во Ирак, како и ставањето во самица на водачот на една терористичка организација. Исто така, тој го критикувал исчезнувањето на лица што биле одведени во притвор. По говорот, подносителот на апликацијата бил осуден за ширење пропаганда, врз основа на тоа што јавно ја бранел употребата на насилство или на други терористички методи. Подносителот на апликацијата тврдел дека е повредено неговото право за слобода на изразување.

Судот сметаше дека постои повреда на членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата. Тој особено забележа дека подносителот на апликацијата зборувал

како политички актер и член на опозициска политичка партија, презентирајќи ги гледиштата на својата партија за актуелни прашања од општ интерес. Тој заседе став дека неговиот говор, земен целосно, не ги поттикнувал другите на примена на сила, вооружен отпор или востание и не претставувал говор на омраза.

Видете, меѓу другото, и: Диџле (бр. 2) против Турција (Dicle (no.2) v. Turkey), пресуда од 11 април 2006 година (пресуда за поттикнување омраза и непријателство врз основа на разлика меѓу општествени класи, раса и вероисповед, по објавување извештај од семинар); Ердал Таш против Турција (Erdal Taş v. Turkey), пресуда од 19 декември 2006 година (пресуда за ширење пропаганда против неделивоста на државата врз основа на објавување изјава од терористичка организација, по објавување статија во весник што содржела анализа на курдското прашање).

## ДИСТРИБУЦИЈА НА ХОМОФОБИЧНИ ЛЕТОЦИ

### Вејделанд и Други против Шведска (Vejdeland and Others v. Sweden), 9 февруари 2012 година

Овој случај се однесува на осудителна пресуда против подносителот на апликација за дистрибуирање на околу 100 летоци во едно вишо средно училиште што Судот ги сметал за навредливи за хомосексуалците. Подносителите на апликацијата дистрибуирале летоци на организацијата наречена „Национална младина“, оставајќи ги во шкафчињата на учениците или зад нив. Конкретно, летоците содржеле тврдења дека хомосексуалноста е „девијантно сексуално определување“, дека има „морално деструктивен ефект врз суштината на општеството“ и дека е одговорна за развојот на ХИВ и на СИДА. Подносителите на апликацијата тврделе дека тие немале намера да искажат презир кон хомосексуалците како група и навеле дека цел на нивната активност била да почнат дебата за отсуството на објективност во образованието во шведските училишта.

Судот утврди дека изјавите претставуваат сериозни наводи полни со предрасуди дури иако не биле директен повик на акти на омраза. Судот нагласи дека дискриминацијата заснована врз сексуална ориентација е еднакво сериозна како дискриминацијата заснована врз раса, потекло или боја на кожата. Тој заклучи дека не постои повреда на членот 10 (Слобода на изразување) на Конвенцијата, бидејќи мешањето во остварувањето на правото на подносителите на апликацијата на слобода на изразување шведските судови оправдано го сметале за неопходно во едно демократско општество заради заштита на репутацијата и на правата на други.

## ОДОБРУВАЊЕ НА ТЕРОРИЗМОТ

### Леруа против Франција (Leroy v. France), 2 октомври 2008 година

Подносителот на апликацијата, кој е карикатурист, поднел жалба против неговата пресуда за јавно одобрување на тероризмот откако во неделното баскиско списание на 13 септември 2001 година објавил цртеж на кој бил претставен нападот на Кулите близначки на Светскиот трговски центар, со натпис што бил пародија на рекламниот слоган на еден познат бренд: „Сите сонувавме за ова ... Хамас го направи“. Тој се пожалил дека е повредено неговото право на слобода на изразување.

Судот сметаше дека во случајот не постои повреда на членот 10 (Слобода на изразување) на Конвенцијата во однос на пресудата на подносителот на апликацијата за соучесништво во опростување на тероризмот. Судот особено сметаше дека цртежот не е ограничен на критиката на американскиот империјализам, туку дека го поддржува и го глорификува насилното уништување. Во таа смисла, Судот го засноваше својот наод врз текстот што го придружувал цртежот и забележа дека подносителот на апликацијата изразил морална поддршка за оние за кои тој претпоставуваше дека се извршители на нападот од 11 септември 2001 година. Преку својот избор на јазикот, подносителот на апликацијата го коментирал со одобрување насилството извршено против илјадници цивили и го намалил дигнитетот на жртвите. Исто така, треба да биде признаено дека цртежот имал посебна важност во околностите на случајот што подносителот на апликацијата сигурно ги сфатил. Исто така, не треба да се занемари влијанието на ваквата порака во еден политички сензитивен регион, имено во Баскија; без оглед на ограничениот тираж на неделникот, Судот забележа дека објавувањето на цртежот провоцира одредени реакции во јавноста што можат да предизвикаат насилство и да демонстрираат веројатно влијание врз јавниот ред во регионот. Според тоа, Судот сметаше дека основите истакнати од домашните судови при донесувањето на осудителната пресуда против подносителот на апликацијата се релевантни и доволни и, имајќи ја предвид скромната природа на паричната казна што му била досудена на подносителот на апликацијата, како и контекстот во кој бил објавен оспорениот цртеж, Судот утврди дека мерката што му била досудена на подносителот на апликацијата не е непропорционална со легитимната цел што се настојувало да се постигне.

## ОДОБРУВАЊЕ НА ВОЕНИ ЗЛОСТОРСТВА

### Леид и Изорни против Франција (Lehideux and Isorni v. France), 23 септември 1998 година

Подносителите на апликацијата напишале текст што бил објавен во дневниот весник „Ле Монд", во кој го портретирале маршалот Петен во поволна светлина, занемарувајќи ја неговата политика на колаборација со нацистичкиот режим. Текстот бил завршен со покана да им се пишува на двете здруженија посветени на одбраната на сеќавањето на маршал Петен, со барање за повторно отворање на случајот, преиспитување на пресудата против него од 1945 година, со која тој бил осуден на смрт и лишен од своите граѓански права и своето рехабилитирање. По жалбата од Националната асоцијација на поранешните припадници на отпорот, двајцата автори биле осудени за јавна одбрана на воени злосторства и кривични дела во соработка со непријателот. Тие тврделе дека се повредени нивните права на слобода на изразување.

Судот сметаше дека постои повреда на членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата. Судот сметаше дека не може да се каже дека спорниот текст, иако можел да се смета за полемички, е негаторски затоа што авторите не пишувале во лично својство, туку од името на две правно основани асоцијации и не ги фалеле во голема мера пронацистичките политики, туку одредено лице. На крајот, Судот забележа дека настаните на кои се повикувал текстот се случиле повеќе од четириесет години пред неговото објавување и дека изми-

натото време ги прави несоодветни таквите забелешки четириесет години потоа да се третираат со иста строгост како десет или дваесет години претходно.

## ОМАЛОВАЖУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ

### Динк против Турција (Dink v. Turkey), 14 септември 2010 година

Фират (Хранк) Динк, турски новинар од американско потекло, бил директор за публикување и главен и одговорен уредник на двојазичното турско-американско неделно списание што било објавувано во Истанбул. По објавувањето на осум статии во овој весник, во кои ги изразил своите гледишта за идентитетот на турските граѓани од ерменско потекло, тој бил прогласен за виновен во 2006 година за „омаловажување на турскиот идентитет". Во 2007 година тој бил убиен со три куршуми во главата кога излегувал од просториите на весникот. Подносителите на апликацијата, кои се негови роднини, особено се пожалиле на пресудата со која тој бил прогласен за виновен, поради која, според нивното тврдење, тие станале цел на екстремни националистички групи.

Судот сметаше дека во случајот постоела повреда на членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата, констатирајќи дека не постоела итна општествена потреба Фират Динк да се прогласи за виновен за омаловажување на „турската националност". Судот особено забележа дека серијата статии земени во целина не ги поттикнувале другите на насилство, отпор или на револт. Авторот пишувал во својство на новинар и главен и одговорен уредник на турско-американски весник, коментирајќи за прашањата што се однесувале на ерменското малцинство во контекст на неговата улога на учесник на политичката сцена. Тој само ги пренесувал своите идеи и мислења за прашања од јавен интерес во едно демократско општество. Во такви општества треба да биде овозможено дебатата за историските настани што е од особено сериозна природа да се случува слободно, а интегрален дел на слободата на изразувањето е настојувањето да се утврди историската вистина. Конечно, оспорените статии не биле непотребно навредливи и не ги поттикнувале другите на непочитување или на омраза.

## ИСТАКНУВАЊЕ ЗНАМЕ СО КОНТРОВЕРЗНИ ИСТОРИСКИ КОНОТАЦИИ

### Фабер против Унгарија (Fáber v. Hungary), 24 јули 2012 година

Подносителот на апликацијата се пожалил дека бил казнет со парична казна поради истакнувањето на ригестото знаме на Арпад, кое имало контроверзни историски конотации, на помалку од 100 метри оддалеченост од демонстрации против расизмот и омразата.

Судот сметаше дека постои повреда на членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата толкуван во врска со членот 11 (Слобода на собирање и здружување) од Конвенцијата. Тој прифати дека прикажувањето на симбол што бил присутен насекаде во текот на владеењето на тоталитарниот режим во Унгарија може да создаде неспокојство меѓу жртвите од минатото и нивните роднини, кои оправдано може да сметаат дека со ваквото прикажување не се покажува почит. Сепак, Судот сметаше дека ваквите чувства, и покрај тоа што може да се разберат, не може сами за себе да поставуваат граници на слободата на изразување. Освен тоа, подносителот на апликацијата не се однесувал на навред-

лив или на заканувачки начин. Во однос на неговото ненасилно однесување, на оддалеченоста меѓу него и демонстрантите и на отсуството на секаков докажан ризик по јавната безбедност, Судот сметаше дека унгарските власти не го оправдале прогонувањето и казнувањето на подносителот на апликацијата затоа што одбил да го спушти предметното знаме. Самото поставување на знамето не го нарушило јавниот ред и не ги спречило демонстрантите да се соберат, бидејќи не било застрашувачко ниту можело да предизвика насилство.

## ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЕТНИЧКА ОМРАЗА

### Балсите-Лидеикиене против Литванија (Balsytė-Lideikienė v. Lithuania), 4 ноември 2008 година

Подносителот на апликацијата поседувал издавачка компанија. Во март 2001 година полските судови утврдиле дека таа го прекршила Кодексот на административни прекршоци поради објавувањето и дистрибуирањето на „Литвански календар 2000" што, според заклучоците на експертите од политички науки, промовирал етничка омраза. На подносителот на апликацијата му било дадено административно предупредување и непродадените примероци од календарот биле конфискувани. Подносителот на апликацијата се пожалил дека со конфискувањето на календарот и со забраната за негова идна дистрибуција било прекршено неговото право на изразување.

Судот сметаше дека во случајот нема повреда на членот 10 (Слобода на изразување) на Конвенцијата. Судот особено утврди дека подносителот на апликацијата искажал агресивен национализам и етноцентризам, како и изјави што поттикнувале омраза против Полјаците и Евреите, кои можеле да предизвикаат сериозна загриженост кај литванските власти. Имајќи го предвид полето на слободна процена што им е оставено на државите договорнички во вакви околности, Судот констатираше дека во конкретниот случај домашните власти не го пречекориле своето поле на слободна процена кога сметале дека постои итна општествена потреба да се преземат чекори против подносителот на апликацијата. Исто така, Судот забележа дека иако мерката на конфискација што била досудена против подносителот на апликацијата можела да се смета за релативно сериозна, на подносителот на апликацијата не му била досудена парична казна, туку само предупредување, што претставува најблага расположлива административна казна. Според тоа, Судот утврди дека мешањето во правото на слобода на изразување на подносителот на апликацијата оправдано можело да се смета за неопходно во едно демократско општество заради заштита на угледот или на правата на другите.

## ПОТТИКНУВАЊЕ НАЦИОНАЛНА ОМРАЗА

### Хошл-Даум и Други против Полска (Hösl-Daum and Others v. Poland), 7 октомври 2014 година (одлука за прифатливост)

Подносителите на апликацијата биле обвинети за навреда на полската нација и за поттикнување национална омраза. Тие тврделе дека нивното право на слобода на изразување било повредено со пресудата против нив поради поставување постери на германски јазик на кои биле опишани злосторствата извршени по Втората светска војна врз Германци од Полјаците и од Чесите.

Судот ја прогласи апликацијата за неприфатлива (не биле исцрпени домашните правни лекови). Судот утврди дека подносителите на апликацијата, поради тоа што не поднеле уставна жалба против оспорените одредби од Кривичниот законик, пропуштиле да го исцрпат правниот лек што им бил овозможен со правото на Полска.

## ПОТТИКНУВАЊЕ РАСНА ДИСКРИМИНАЦИЈА ИЛИ ОМРАЗА

### Јерсилд против Данска (Jersild v. Danmark), 23 септември 1994 година

Подносителот на апликацијата, кој е новинар, снимил документарен филм што содржел извадоци од телевизиското интервју што тој го водел со тројца членови од група млади луѓе што себеси се нарекувале „Зелени елеци“ и кои упатиле навредливи и погрдни забелешки за имигрантите и за етничките групи во Данска. Подносителот на апликацијата бил осуден за помагање и за поттикнување на ширењето на расистички коментари. Тој тврдел дека е повредено неговото право на слобода на изразување.

Судот направи разлика меѓу членовите на „Зелените елеци“, кои давале јасни расистички коментари, и подносителот на апликацијата, кој настојувал да ја изложи, анализира и да ја објасни оваа посебна група млади и да се занимава со „специфичните аспекти на едно прашање што веќе тогаш претставувало голем јавен проблем“. Документарецот како целина немал цел пропагирање на расистички гледишта и идеи, туку информирање на јавноста за едно општествено прашање. Според тоа, Судот сметаше дека во случајот постои повреда на членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата.

### Сула и Дуги против Франција (Soulas and Others v. France), 10 јули 2008 година

Овој случај се однесува на кривичната постапка што е поведена против подносителите на апликацијата по објавувањето на книгата со наслов „Колонизација на Европа“, со поднаслов „Вистинити забелешки за имиграцијата и исламот“. Постапката резултирала со осудителна пресуда за подносителите на апликацијата за поттикнување омраза и насилство против муслиманските заедници од Северна и од Централна Африка. Подносителите на апликацијата се пожалиле особено затоа што е повредена нивната слобода на изразување.

Судот сметаше дека во случајов нема повреда на членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата. Судот особено забележа дека, при осудата на подносителите на апликацијата, домашните судови нагласиле дека термините што се користени во книгата биле употребени со намера кај читателите да предизвикаат чувство на одбивност и антагонизам, а тоа било влошено со употребата на воинствен јазик во однос на предметните заедници што биле означени како главен непријател, и со намера да ги наведат читателите на книгата да го споделат решението што го препорачал авторот, односно војна за повторно етничко освојување. Сметајќи дека основите изнесени како поддршка на пресудата на подносителот на апликацијата се доволни и релевантни, Судот најде дека мешањето во правото на слободата на изразување на подносителите на апликацијата било неопходно во едно демократско општество. На крајот, Су-

дот забележа дека оспорените пасуси во книгата не биле доволно сериозни за да ја оправдаат примената на членот 17 (Забрана на злоупотреба на права) од Конвенцијата во случајот на подносителите на апликацијата.

## Ферет против Белгија (Féret v. Belgium), 16 јули 2009 година

Подносителот на апликацијата бил пратеник во Парламентот на Белгија и претседател на политичката партија Национален фронт од Белгија. Во текот на изборната кампања биле дистрибуирани неколку типа летоци што содржеле слогани, вклучувајќи ги и слоганите „Станете против исламизацијата на Белгија“, „Престанете со лажната политика на интеграција“ и „Пратете ги дома барачите на работа што не се Европејци“. Подносителот на апликацијата бил осуден за поттикнување расна дискриминација. Тој бил осуден на општествено корисна работа и му било забрането извршување парламентарна функција за период од 10 години. Тој се пожалил дека е повредено неговото право на слобода на изразување.

Судот сметаше дека во случајов нема повреда на членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата. Според Судот, било јасно дека коментарите на подносителот на апликацијата може да предизвикаат чувство на недоверба, одбивност, па дури и омраза кон странците, особено меѓу помалку образованите припадници на заедницата. Неговите пораки, пренесени во изборен контекст, имале поголема гласност и јасно претставувале поттикнување на расна омраза. Осудителната пресуда на подносителот на апликацијата е оправдана во интерес на спречување безредија и заштита на правата на другите, односно на припадниците на имигрантската заедница.

## Л Пен против Франција (Le Pen v. France), 20 април 2010 година (одлука за прифатливост)

Во време на настанување на фактите подносителот на апликацијата бил претседател на француската партија Национален фронт. Тој особено се пожалил дека со неговата осудителна пресуда за поттикнување на дискриминација, омраза и насилство кон група луѓе поради нивното потекло или нивната припадност или неприпадност на конкретна етничка група, нација, раса или вероисповед, поради изјавите што тој ги дал за муслиманите во Франција во интервјуто за дневниот весник „Ле Монд“ – тој тврдел, меѓу другото, дека „на денот кога повеќе нема да бидат пет милиони, туку 25 милиони муслимани во Франција, тие ќе бидат главни“ – било повредено неговото право на слобода на изразување.

Судот сметаше дека апликацијата е неприфатлива (очигледно неоснована). Судот забележа дека изјавите на подносителот на апликацијата се дадени во контекст на генерална дебата за проблемите поврзани со населувањето и интеграцијата на имигрантите во нивната земја домаќин.

Исто така, променливоста на степенот на предметните проблеми, кои понекогаш можеле да доведат до недоразбирање и неразбирање, наложила на државата да `и се остави значителна слобода на дејствување во оценувањето на потребата од мешање во слободата на изразување на одредено лице. Меѓутоа, во овој случај коментарите на подносителот на апликацијата сигурно ја претставиле муслиманската заедница во целина во вознемирувачка светлина што може да доведе до чувство на одбивност и непријателство. Тој ги поставил Французите на една страна против една заедница чии религиозни убедувања се јасно споме-

нати и чиј брз раст бил претставен како веќе латентна закана за дигнитетот и за безбедноста на францускиот народ. Според тоа, причините дадени од домашните судови за осуда на подносителот на апликацијата биле релевантни и доволни. Исто така, изречената казна не била непропорционална. Судот, според тоа, утврди дека мешањето во остварувањето на правото на слобода на изразување на подносителот на апликацијата било неопходно во едно демократско општество.

### Перинчек против Швајцарија (Perinçek v. Switzerland), 15 октомври 2013 година (Голем судски совет)

Овој случај се однесува на кривичната пресуда на подносителот на апликацијата, турски политичар, за јавно изразено гледиште, во Швајцарија, дека масовната депортација и масакрот извршен над Ерменците за време на Отоманската Империја во 1915 година и во наредните години не биле геноцид. Швајцарските судови сметале дека особено неговите мотиви се расистички и националистички и дека неговите изјави не придонесуваат за историска дебата. Подносителот на апликацијата се пожалил дека со кривичната пресуда и со казната е повредено неговото право на слобода на изразување.

Судот сметаше дека постои повреда на членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата. Свесен за големата важност што ерменската заедница му ја придава на тоа дали овие масовни депортации и масакрот треба да се сметаат за геноцид, тој утврди дека дигнитетот на жртвите и дигнитетот и идентитетот на современите Ерменци се заштитени со членот 8 (Право на почитување на приватниот живот) на Конвенцијата. Според тоа, Судот требаше да воспостави рамнотежа меѓу двете права на Конвенцијата – правото на слобода на изразување и правото на почитување на приватниот живот – земајќи ги предвид специфичните околности на случајот и пропорционалноста меѓу средствата што биле користени и целта што требало да се постигне. Судот сметаше дека не било неопходно, во едно демократско општество, на подносителот на апликацијата да му се изрече кривична казна за да се заштити правото на ерменската заедница што било загрозено во овој случај. Конкретно, Судот ги зеде предвид следниве елементи: изјавите на подносителот на апликацијата се однесувале на прашање од јавен интерес, но не претставувале повик на омраза или нетолеранција; контекстот во кој тие биле дадени не бил окарактеризиран со зголемена тензија или со посебен историски призвук во Швајцарија; не може да се смета дека изјавите влијаеле врз дигнитетот на припадниците на ерменската заедница во таква мера што би се барал одговор според кривичното право во Швајцарија; не постоела обврска на Швајцарија во рамките на меѓународното право да ги криминализира ваквите изјави; изгледа дека швајцарските судови го цензурирале подносителот на апликацијата само затоа што го искажал своето мислење што отстапувало од вообичаеното мислење во Швајцарија; и мешањето во неговото право на изразување зело сериозна форма на кривична пресуда.

## ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВЕРСКА НЕТОЛЕРАНЦИЈА

### И.А. против Турција (İ.A. v. Turkey) (бр. 42571/98), 13 септември 2005 година

Подносителот на апликацијата, кој бил сопственик и генерален директор на издавачка куќа, објавил 2 000 примероци од книга што третирала теолошки

и филозофски прашања во стил на роман. Јавниот обвинител на Истанбул го обвинил подносителот на апликацијата за навреда на „Господ, на религијата, на Пророкот и на Светата книга“ со публикацијата. Првостепениот суд го осудил подносителот на апликацијата на двегодишна затворска казна и плаќање парична казна и веднаш ја сменил затворската казна во мала парична казна. Подносителот на апликацијата поднел жалба до Касациониот суд и тој ја потврдил пресудата. Подносителот на апликацијата тврдел дека со оваа пресуда и казна е повредено неговото право на слобода на изразување.

Судот сметаше дека во случајов нема повреда на членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата. Судот особено повтори дека оние што избрале да ја остваруваат својата слобода да ја изразуваат својата вероисповед, без оглед на тоа дали го прават тоа како членови на религиозно мнозинство или малцинство, не може разумно да очекуваат да бидат изземени од секаква критика. Тие мора да го толерираат и да го прифаќаат одрекувањето на нивните верски убедувања од другите, па дури и пропагирањето од други лица на доктрини што се спротивни на нивната вероисповед. Меѓутоа, овој случај не се однесувал само на коментарите што биле вознемирувачки или шокантни, или претставувале „провокативно“ мислење, туку претставувале навредлив напад врз Пророкот на исламот. Без оглед на фактот дека во турското општество постои одредена толеранција на критиките на религиозната доктрина, што е длабоко поврзано со принципот на секуларност, верниците може легитимно да чувствуваат дека одредени делови од предметната книга претставуваат неоправдан и навредлив напад врз нив. Во такви околности Судот сметаше дека предметната мерка е наменета за да обезбеди заштита од навредливите напади за прашањата што муслиманите ги сметаат за свети и, според тоа, го исполнуваат условот на „итна општествена потреба“. Исто така, Судот го зеде предвид и фактот дека турските судови не одлучиле да ја запленат предметната книга и последователно заклучи дека незначителната парична казна што била изречена е пропорционална на целта што требало да се постигне со предметната мерка.

## Ербакан против Турција (Erbakan v. Turkey), 6 јули 2006 година

Подносителот на апликацијата, кој е политичар, бил премиер на Турција. За време на настанот тој бил претседател на Партијата на благосостојба што била распуштена во 1998 година поради вклученост во активности спротивни на принципите на секуларизмот. Тој особено се пожалил дека неговата осудителна пресуда за коментари дадени во јавен говор, за кои се сметало дека содржат повикување на омраза и на верска нетолеранција, претставувала повреда на неговото право на слобода на изразување.

Судот утврди дека постои повреда на членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата. Тој констатираше дека коментарите – под претпоставка дека навистина биле искажани – од добро познат политичар и на јавен собир повеќе укажувале на визија на општество структурирано исклучително околу религиозните вредност, па поради тоа тешко можеле да се усогласат со современите плуралистички општества, каде што широк спектар на различни групи се конфронтираат една со друга. Истакнувајќи дека борбата со сите форми на нетолеранција претставува интегрален дел на заштитата на човековите права, Судот сметаше дека е од суштинска важност политичарите да избегнуваат во своите

говори да даваат коментари што може да охрабруваат нетолеранција. Меѓутоа, имајќи ја предвид основната природа на слободната политичка дебата во едно демократско општество, Судот заклучи дека причините што се дадени за да се оправда судското гонење на подносителот на апликацијата не се доволни за да се убеди Судот дека мешањето во остварувањето на неговото право на слобода на изразување е неопходно во едно демократско општество.

## НАВРЕДА НА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

### Отеги Мондрагон против Шпанија (Otegi Mondragon v. Spain), 15 март 2011 година

Подносителот на апликацијата, кој бил портпарол на левичарската баскиска сепаратистичка парламентарна група, на конференција за печат се осврнал на затворањето на еден баскиски дневен весник (наводно поради сомнение за поврзаност со ЕТА) и на наводното малтретирање на лицата уапсени во текот на полициската акција. Во својата изјава тој му се обратил на кралот на Шпанија како на „врховен водач на шпанските вооружени сили, со други зборови, лице што командува со мачителите, ја брани тортурата и го наметнува својот монархистички режим на нашите луѓе преку тортура и насилство". Подносителот на апликацијата бил осуден на затворска казна поради сериозна навреда на кралот. Во жалбата тој навел дека е повредено неговото право на слобода на изразување.

Судот сметаше дека во случајот постои повреда на членот 10 (Слобода на изразување) и утврди дека пресудата и казната против подносителот на апликацијата се непропорционални на легитимната цел што требало да се постигне, односно заштита на репутацијата на кралот на Шпанија што е гарантирана со Уставот на Шпанија. Судот особено забележа дека, иако е точно дека речникот што го користел подносителот на апликацијата можел да се смета за провокативен, клучно е да се има на ум, дури и ако некои од зборовите употребени во коментарите на подносителот на апликацијата биле непријателски по својата природа, дека не постои повикување на насилство и дека тие не претставуваат говор на омраза. Исто така, станува збор за усни изјави дадени на конференција за печат, а тоа значи дека подносителот на апликацијата не бил во можност да ги преформулира, измени или да ги повлече пред тие да станат јавни.

## ГОВОР НА ОМРАЗА И ИНТЕРНЕТ

### Делфи АС против Естонија (Delfi AS v. Estonia), 16 јуни 2015 година (Голем судски совет)

Ова беше прв случај во кој од Судот беше побарано да ја испита жалбата за одговорност за коментари што се постирани од корисници на информативен интернет-портал. Компанијата – подносител на апликацијата, која води информативен портал на комерцијална основа, се пожалила дека националните судови заклучиле дека таа е одговорна за навредливите коментари што се постирани од читателите под една од нејзините информативни онлајн статии за компанија за превоз со траекти. На барање од адвокатите на сопствениците на компанијата за превоз со траекти, компанијата – подносител на апликацијата, ги повлекла навредливите коментари околу шест недели по нивното објавување.

Судот сметаше дека во случајов нема повреда на членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата. Тој прво ја забележа спротивставената реалност меѓу корисни од интернетот, односно новата платформа што тој ја овозможува за слободата на изразување и неговите опасности, односно можноста за говор на омраза и говор што поттикнува насилство што се шири во цел свет за неколку секунди, а понекогаш и упорно останува на интернет. Понатаму, Судот забележа дека незаконската природа на предметните коментари очигледно била заснована врз фактот дека големото мнозинство коментари, гледани изолирано, претставувале поттикнување на омраза и насилство против сопственикот на компанијата за превоз со траекти. Според тоа, случајот се однесувал на обврски и на должности на информативните интернет-портали, според членот 10 став 2 од Конвенцијата, кои обезбедуваат, на комерцијална основа, платформа за коментари што се постирани од читатели на претходно објавена содржина и некои корисници – било да се идентификувани или анонимни – се инволвираат во јасен незаконски говор што ги прекршува правата на личноста на другите и претставува говор на омраза и поттикнување на насилство против нив. Во случаи како што е конкретниов, кога коментарите на корисниците трети страни се во вид на говор на омраза и директна закана за физичкиот интегритет на поединците, Судот сметаше дека првата и интересите на другите и на општеството во целина може да им дадат право на земјите потписнички да им наметнат одговорност на информативните интернет-портали, без тоа да биде во спротивност со членот 10 од Конвенцијата, ако не успеат да преземат мерки да ги отстранат незаконските коментари без одложување, дури и без барање од наводната жртва или од трети страни. Врз основа на конкретнава оцена на овие аспекти и земајќи ја предвид особено екстремната природа на предметните коментари, фактот дека тие биле постирани како реакција на статија објавена од компанијата – подносител на апликацијата на нејзиниот професионално управуван информативен портал што работи на комерцијална основа, недоволноста на мерките преземени од компанијата – подносител на апликацијата веднаш по објавувањето да ги повлече коментарите што претставувале говор на омраза и говор што иницира насилство и за да се обезбеди реален изглед авторите на тие коментари да се сметаат за одговорни, како и умерената казна (320 евра) што `и била досудена на компанијата – подносител на апликацијата, Судот сметаше дека утврдувањето на одговорноста на компанијата – подносител на апликацијата од естонските судови е оправдано и дека е оправдано ограничувањето на слободата на изразување на порталот.

## Маѓар Тарталомсолгалтаток Егешулете и Индекс.ху Зиерте против Унгарија (Magyar Tartalomszolgáltatók Egyesülete and Index.hu Zrt v. Hungary), 2 февруари 2016 година

Овој предмет се однесува на одговорноста на саморегулаторното тело на провајдерите на интернет-содржини и на информативните интернет-портали за вулгарни и за навредливи онлајн коментари што биле постирани на нивните интернет-страници по објавувањето на мислење во кое биле критикувани измамничките деловни практики на две интернет-страници за недвижен имот. Подносителите на апликацијата се пожалиле на пресудите на унгарските судови против нив, со кои, всушност, тие биле обврзани да ги ублажат содржините

на коментарите дадени од читателите на нивните интернет-страници, тврдејќи дека тие биле против суштината на слободното изразување на интернет.

Судот утврди дека постои повреда на членот 10 (Слобода на изразување) од Конвенцијата. Судот особено повтори дека, иако не се издавачи на коментарите во традиционална смисла, информативните интернет-портали, во принцип, исто така, преземаат должности и обврски. Меѓутоа, Судот сметаше дека унгарските судови, кога одлучувале за поимот одговорност во случајот на подносителите на апликацијата, не извршиле соодветно балансирање меѓу предметните спротивставени права, односно меѓу правото на подносителите на апликацијата на слобода на изразување и правото на интернет-страниците за недвижен имот да се почитува нивната комерцијална репутација. Очигледно, унгарските власти прифатиле како нормално дека коментарите се незаконски, бидејќи ја повредуваат репутацијата на интернет-страниците за недвижен имот. Треба да се напомене дека случајот на подносителите на апликацијата во некои аспекти се разликува од случајот „Делфи АС" против Естонија (видете погоре), во кој Судот сметаше дека комерцијално управуваниот информативен интернет-портал е одговорен за навредливите онлајн коментари на неговите читатели. Случајот на подносителите на апликацијата очигледно ги нема клучните елементи од случајот „Делфи АС", говор на омраза и поттикнување на насилство. Иако навредливи и вулгарни, сепак, коментарите во овој случај не претставуваат очигледен незаконски говор. Исто така, иако „Индекс" е сопственик на голем број медиумски изданија за кои мора да се смета дека имаат економски интерес, „**Маѓар Тарталомсолгалтаток Егешулете**" е непрофитна, саморегулаторна асоцијација на провајдери на интернет-услуги, без сознанија дека има такви интереси.

## Фил против Шведска (Pihl v. Sweden), 7 февруари 2017 година (одлука за прифатливост)

Подносителот на апликацијата бил изложен на навредлив онлајн коментар што бил анонимно објавен на еден блог. Тој поднел граѓанска тужба против малата непрофитна асоцијација што го водела блогот, тврдејќи дека таа треба да се смета за одговорна за коментарот што е даден од трета страна. Тужбата била одбиена од шведските судови и од канцеларот на правдата. Подносителот на апликацијата поднел жалба до Судот укажувајќи дека со тоа што не ја прогласиле асоцијацијата за виновна, властите не ја заштитиле неговата репутација и го нарушиле неговото право на почитување на неговиот приватен живот.

Судот ја прогласи апликацијата за неприфатлива бидејќи очигледно била неоснована. Тој особено забележа дека, во случаи како што е овој, мора да се воспостави рамнотежа меѓу правата на поединците за почитување на нивниот приватен живот и правото на слобода на изразување што го има лице или група што води интернет-портал. Со оглед на околностите на овој случај, Судот утврди дека националните власти постигнале фер баланс кога одбиле да ја прогласат асоцијацијата за одговорна за анонимните коментари. Поточно, Судот го утврди ова поради следниве причини: иако коментарот бил навредлив, тој не претставувал говор на омраза и поттикнување на насилство; тој бил постиран на мал блог што го водела непрофитна асоцијација; коментарот бил тргнат еден ден откако подносителот на апликацијата поднел жалба; исто така, тој се наоѓал на блогот само околу девет дена.

Целта на оваа публикација е да допринесе кон пошироко разбирање на концептот на говор на омраза, да постави почетна точка во поглед на давањето препораки и механизми за борба против и спречување на говорот на омраза и да ги помогне натамошните заложби и иницијативи. Таа треба да претставува корисна и важна алатка во понатамошните активности, не само на медиумските регулаторни тела туку и во дискурсот на пошироките круг на општествени чинители.

Советот на Европа ја изразува својата благодарност до националните регулаторни власти во полето на електронски медиуми од Југоисточна Европа за нивното учество во изготвувањето на оваа публикација, посветената работа, иницијатива, агилност и тимска работа кои резултираа со создавање на оваа многу вредна публикација.

MKD

Советот на Европа е водечката организација за човекови права на континентот. Опфаќа 47 земји членки од кои 28 се членки на Европската Унија. Сите земји членки на Советот на Европа ја прифатија Европската конвенција за човековите права, договор изготвен со цел да ги заштитува човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права го надгледува спроведувањето на Конвенцијата во земјите членки.

**www.coe.int**

Европската Унија е единствено економско и политичко партнерство помеѓу 28 демократски Европски земји. Нејзините цели се мир, напредок и слобода за нејзините 500 милиони граѓани – во поправичен, побезбеден свет. Со цел остварување на целите, земјите на ЕУ формираа тела за да ја управуваат Европската Унија и да го усвојуваат нејзиното законодавство. Главните тела се Европскиот Парламент (кој ги претставува луѓето на Европа), Советот на Европската Унија (кој ги преставува националните влади) и Европската Комисија (која го претставува заедничкиот интерес на Европската Унија).

**http://europa.eu**

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE